БИБЛИОТЕКА
Инв. бр.
СЕМИНАР ЗА ИСТОРИЈА НА УМЕТНОСТ СО АРХЕОЛОГИЈА

Универзитет „**Св. Кирил и Методиј**” - Скопје

Филозофски факултет

Институт за историја на уметност и археологија

Постдипломски студии по археологија

Магистерски труд :

# Раноантички некрополи во Пелагонија

**(од VI век до I век п.н.е.)**

Ментор:
Проф. д-р. Марјан Јованов

Кандидат:
Дејан Б. Кебакоски
3577/09

Скопје

Јуни, 2014

# С о д р ж и н а


Предговор

Цел на магистерскиот труд

Просторни и временски рамки на магистерскиот труд

Опис на методологијата на истражувањето

1. Географско – климатски карактеристики на Пелагонија
2. Рудни и природни ресурси
   2.1. Стопански карактеристики
3. Патна мрежа во пелагонискиот регион
4. Историски извори
5. Степен на истраженост и истражувачи

Историографски податоци и литературни извори за проучување на античкиот период во Пелагонија

Областа од почетокот на првите заедници до почетокот на антиката

Бронзено време

Железно време

Архајски период

Класичен и рано хеленистички период

Хелинистичко – римски период

За Пелагонија и незините градови

C I V I T A S P E L A G O N I A

К Е Р А М И Е (Ceramiae)

К О Л О Б А И С А (Κολοβαιση)

Мариовската област и незините населби

Д О С Т О Н Е И (Δοστονεοι)

Деуриоп и деуриопските градови

С Т И Б Е Р А (Στυβερρα, Stuberra)

А Л К О М Е Н А (Αλκομεναι)

Б Р И А Н И О Н (Βρυανιον)

Областа Демир Хисар како погранична област на античкиот Деуриоп

6. Каталог на некрополи
6.1. Калдрма – Прилеп
6.2. Комплекс на некрополи Старо Бонче и Висока, село Бонче – Прилеп
6.2.1. Павла Чука, село Бонче – Прилеп
6.2.2. Колкот, село Бонче – Прилеп
6.2.3. Висока, село Бонче – Прилеп
6.2.4. Грамаѓе под Голема Спаница, село Бонче – Прилеп
6.2.5. Старо Бонче, Долен Град – Штитови, село Бонче – Прилеп
6.2.6. Голема Спаница
6.2.7. Мала Спаница
6.2.8. Долна Преслап (Плато над каменолом), село Бонче – Прилеп
6.2.9. Грамаѓе под Три Камна, село Бонче – Прилеп
6.2.10. Грамаѓе на Петочна Вода, село Бонче – Прилеп
6.3. Комплекс на некрополи Горно Село, село Горно Село – Прилеп
6.3.1. Сурун – потег Тумба, село Горно Село – Прилеп
6.3.2. Испраена Плоча, село Горно Село – Прилеп
6.3.3. Тумба, село Горно Село – Прилеп
6.3.4. Големи Камења, село Горно Село – Прилеп
6.3.5. Грло, село Горно Село – Прилеп
6.4. Прогон, село Букри – Битола
6.5. Безистен, село Прилепец – Прилеп
6.6. Марков Ѕид, село Прилепец – Прилеп
6.7. Комплекс на некрополи Маркови Кули, Варош – Прилеп
6.7.1. Под Кули, Варош – Прилеп
6.7.2. Мечкина Дупка, Варош – Прилеп
6.7.3. Крклари, Прилеп
6.8. Разбојна Дупка, село Локвени – Долнени
6.9. Дибек, село Суводол – Битола
6.10. Црквиште, село Беранци – Битола
6.11. Петилеп, село Беранци – Битола
6.12. Висои, село Беранци – Битола

6.13. Гумење, Трескавец – Прилеп

7. Каталог на гробни форми и наоди по некрополи

7.1. Калдрма – Прилеп

Каталог на гробови

Вонгробни наоди

7.2. Комплекс на некрополи Старо Бонче, село Бонче – Прилеп

7.2.1. Павла Чука, село Бонче – Прилеп

7.2.2. Колкот, село Бонче – Прилеп

7.2.3. Висока, село Бонче – Прилеп

7.2.4. Грамаѓе под Голема Спаница, село Бонче – Прилеп

7.2.5. Долен Град – Штитови, село Бонче – Прилеп

7.2.6. Голема Спаница, село Бонче – Прилеп

7.2.7. Мала Спаница, село Бонче – Прилеп

7.2.8. Долна Преслап (плато над каменолом), село Бонче – Прилеп

7.2.9. Грамаѓе под Три Камна, село Бонче – Прилеп

7.2.10. Грамаѓе на Петочна Вода, село Бонче – Прилеп

7.3. Комплекс на некрополи Горно Село, село Горно Село – Прилеп

7.3.1. Сурун потег Тумба, село Горно Село – Прилеп

7.3.2. Испраена Плоча, село Горно Село – Прилеп

7.4. Прогон, село Букри – Битола

7.5. Комплекс на некрополи Маркови Кули, Варош – Прилеп

7.5.1. Под Кули, Варош – Прилеп

7.6. Разбојна Дупка, село Локвени – Долнени

7.7. Дибек, село Суводол – Битола

7.8. Црквиште, село Беранци – Битола

7.9. Петилеп, село Беранци – Битола

Заклучни согледувањ

Користена литература

# Предговор

## Цел на магистерскиот труд

Целта која што треба да биде постигната со изработката на овој магистерски труд е да бидат собрани и обработени на едно место сите досега објавени движни и недвижни наоди од територијата на пелагониската рамнина, од периодот кој е земен да биде рамка на овој труд (од VI век п.н.е. до I век п.н.е.).

За да овој труд направи исчекор понапред и да ја добие тежината на научно дело зададена е и втора цел која доколку биде успешно сработена, ќе му го овозможи тоа на ова дело. Втората цел е да се обработат сите досега пронајдени наоди кои не се објавени, а се наоѓаат во музеите кои ја покриваат територијата на Пелагонија, но и Националниот археолошки музеј, во кој што има наоди од територијата на Пелагонија (овде станува збор за движните наоди). Истата постапка ќе се примени и на недвижните наоди, односно на остатоците од архитектура на терен (остатоци од фунерарна архитектура, како и остатоци од светилишта и храмови).

Освен потребата да бидат собрани и обработени на едно место сите досега откриени движни и недвижни материјални наоди, во исто толкава мера е потребно преку нив да го реконструираме нивното културно и социјално значење, како и нивната функција, со што поблиску би ја разбрале суштината и на самите предмети и градби, но и на начинот на кој твореле и размислувале луѓето кои ги создавале артефактите кои ние денес ги наоѓаме. Значи преку артефактите да се обидеме да го реконструираме минатото, што е и целта на археологијата.

Во магистерскиот труд ќе бидат обработени и патните правци по кои комуницирале населбите чии некрополи ги третираме и се тема на обработка на овој научен труд. Правците по кои се одвивала трговијата не само на овој микро регион туку, поради централната географска положба, низ овој регион поминувала и една од главните патни артерии кои го поврзуваат Рим со Солун и Бизант.

Според прелиминарните согледувања вака би биле конципирани истражувањата и на тој начин ќе биде изграден овој труд, значи ќе бидат опфатени

и материјалните, но и културно – социјалните аспекти од животот и творечкиот дух на луѓето кои твореле, живееле, војувале, умирале и опстојувале на овој простор во определениот временски период.

Што зеле овие луѓе од предците кои ги наследиле? Што им оставиле на поколенијата кои дошле по нив?

## Просторни и временски рамки на магистерскиот труд

Географските, но и временските рамки на магистерскиот труд се скоро прцизирани во самиот наслов и поднаслов.

Во овој дел сепак би сакал подетално да ги опишам географските рамки на мојот магистарски труд, додека за временската рамка кратко ќе кажам дека опфатен ќе биде временскиот период од 6 век п.н.е. до I век п.н.е. што е и поднаслов на трудот.

Како што погоре беше кажано магистерскиот труд ќе се занимава со научна обработка на движните (гробни и вонгробни прилози) и недвижни (фунерарната архитектура) материјални наоди како и културните и цивилизациски збиднувања на еден географски определен простор, тоа е Пелагониската рамнина. Дефинирањето на просторот е сосема едноставно затоа што се работи за географска целина, како што кажав рамнина, која од сите страни е заградена со не многу високи планини, но сепак тие ја заокружуваат и ја прават како геогравска, така и културна целина, како денес така и низ вековите кои минале.

Пелагонија е најголемата котлина во Македонија. Се протега во правец север – југ во југозападниот дел на Македонија во должина од 100 километри, додека ширината и е различна. Најголемата изнесува околу 35 километри (Ѓавато - Грумази), а најмалата околу 10 километри (Долгаец - Гостиражни). Претставува типична морфолошка целина со надморска височина на рамницата помеѓу 500 и 1000 метри и површина од 1500 километри квадратни.

Пелагониската рамнина е поделена на три дела:

1. Прилепско поле – го зафаќа северниот дел на рамнината;

2. Битолско поле – го зафаќа средниот, најголем, дел на рамнината; и
3. Леринско поле – го зафаќа јужниот дел на рамнината, овој дел е во Егејска Македонија

Рамницата е само на едно место е пресечена со венец од ниски ридови кои како огранок на Селечка Планина се спуштаат од североисток кон југозапад, односно од кај село Бонче кое е сместено во подножјето на Селечка Планина кон село Подмол и завршуваат неколку километри после село Тополчани кај село Чепигово, каде на последниот изданок на овој низок рид, од локалното население наречен Бедем, се наоѓаат и остатоците на античкиот град Стибера. Оваа преграда која ја дели пелагониската рамнина на Прилепско поле или Горна Пелагонија и Битолско поле или Средна Пелагонија се нарекува Тополчанска преграда.

Пелагониската котлина е заградена, претежно со средно високи планини. Од запад тоа се: Баба, Бигла, Древеник и Бушова (Крушевска) планина; од север Даутица, од исток: Бабуна, Козјак, Дрен, Селечка Планина и Ниџе, додека од јужна страна, која е поотворена, ја заградува Нередската планина.

Обсервацијата и обработката на пелагониската рамнина во било кој поглед и од било кој аспект не би била комплетна доколку ги изоставиме нејзините соседни региони кои гравитираат околу Пелагонија како нивен географски и културен центар. Станува збор за мариовската висорамнина, демирхисарскиот регион и крушевскиот регион. Овие области се амфитеатрално поставени кон пелагониската рамнина која е на средината од тој огромен природен амфитеатар и ја има улогата на скена во тој колосален амбиент.

## Опис на методологијата на истражувањето

При изработката на магистерскиот труд користени се повеќе различни методи со кои сметав дека најдобро ќе успеам да ја остварам однапред поставената цел на ова дело и дека ќе успеам да ги избегнам грешките кои можат несвесно да бидат направени при користењето на само еден аспект на истражување. Значи

направен е напор да се постигне колку што е можно поголема објективност во прикажувањето на материјалот кој што е обработуван.

На почетокот треба да се спомене дека се застапени двата основни принципи на научните истражувања, тоа се кабинетските истражувања и теренските истражувања (под теренски истражувања овде се подразбира рекогносцирање и детално разгледување на веќе откриените градби од населбински, фунерарен и сакрален карактер).

Кабинетските истражувања се вршени во музеите кои го поседуваат материјалот во своите поставки и депоа, а е опфатен од научниот интерес на магистерскиот труд. Најголемиот дел од потребните материјали ги поседуваат НУ Заводот и Музеј – Прилеп и НУ Заводот и Музеј – Битола, додека помал дел се наоѓа во Националниот Музеј на Македонија.

Кабинетските истражувања исто така се вршени во голем дел во библиотеките од каде беше консултирана литература која е неопходна за изработка на магистерскиот труд. Како места од кои беше барана литература можам да ги наведам следните библиотеки од отворен, но некои и од затворен карактер:

- Библиотека на Институтот за историја на уметност и археологија на ФЗФ;
- Библиотека на Македонската Академија на Науките и Уметностите;
- Народна и Универзитетска Библиотека „Св. Климент Охридски";
- Библиотека на Музеј на Македонија;
- Библиотеката на НУ завод и музеј Прилеп;
- Библиотеката на НУ завод и музеј Битола;
- Библиотеката на ЈНУ ИСК.

При изработката на магистерскиот труд беа користени и понови, односно, не толку конвенционални методолошки пристапи кои се почесто се пракса во модерните археолошки истражувања, т.е. беа вметнати методите на истражување на реконструктивната археологија, процесуалната археологија, статистичкиот метод на обработка и други.

Поради географската затвореност на просторот што го истражувам, кој како што предходно беше кажано уште од најстарите времиња па се до денес е една затворена целина која имала помалку влијанија од надворешните цивилизациски

текови, својата култура ја градел околу сопствен стожер, а надворешните влијанија биле вградени во веќе осмислена целина, па со тоа се создала микро – автохтона културна целина која може да се следи од најстарите времиња до денес, па според тоа сметав дека добра алатка при овие истражувања би било користењето и на методите на етноархеологијата.

Најважно од се сметам дека е тоа што при изработката на магистерскиот труд немаше ограничувања на сега наброените методи на истражување, туку при секоја потреба (која се наложи сама по себе при истражувањето) беа користени соодветните и најкомпатибилни дисциплини и постапки кои доведоа до посакуваната цел, со што мислам и на самото дело, а и на археологијата и дадоа поголема егзактност.

Значи планирано е да со мултидисциплинарен пристап се стигне до посакуваната научна цел.

## 1. Географско – климатски карактеристики на Пелагонија

Пелагонија е најголема котлина во Македонија. Се протега во правец север – југ во западниот дел на Македонија, во должина од околу 100 километри, додека ширината и е различна. Најголемата изнесува околу 35 километри (Ѓавато – Грумази), а најмалата околу 10 километри (Долгаец – Гостиражни).

Пелагонија претставува типична морфолошка целина со надморска височина на рамниците помеѓу 500 и 1000 метри над морето и површина од нешто преку 1500 километри квадратни, што претставува 20,5% од вкупната површина на сите котлини во Македонија.

Пелагониската рамнина е поделена на три дела: (1) Прилепско поле, кое го зафаќа северниот дел на рамнината; (2) Битолско поле, кое го зафаќа средниот, најголем, дел на рамнината и (3) Леринско поле во јужниот дел на рамнината, кој сега влегува во составот на територијата на соседна Грција.[1]

Пелагониската котлина е заградена, претежно со средно високи планини. Од запад тоа се: Баба, Бигла, Древеник и Бушова (Крушевска) планина; од север Даутица; од исток: Бабуна, Козјак, Дрен, Селечка Планина и Ниџе, додека од јужната страна, која е нешто поотворена, ја заградува Нередската планина која во народот е позната како Вичо.[2]

Иако лежи на југ и е отворена кон Егејското море, заради поголемата надморска височина, Пелагонија има континентално влијание на термичкиот режим. Средната годишна температура изнесува од 11,4 до 11,6 степени целзиусови. Средната температура во јануари е под нулата па затоа и минималните температури се мошне ниски. Апсолутниот минимум изнесува -29,4 степени целзиусови. Од друга страна, во летните месеци максималните температури можат да бидат мошне високи – апсолутниот максимум изнесува +40,5 степени целзиусови, па затоа и апсолутното годишно колебање на температурата е мошне големо и изнесува 69,9 степени целзиусови.[3]

---

[1] Сп.М. Панов, Географија на СР Македонија, кн. I, Скопје 1976, 35: Ј. Трифуноски, Битолско – прилепската котлина (Антропогеографски проучувања), Годишен Зборник на Природо – математичкиот факултет, т. 17, Географски институт, св. 5, Скопје 1969, 64; Македонија како природна и економска целина, Скопје 1978, 184 сл.

[2] М. Панов, Географија на СР Македонија, кн. I, Скопје 1976, 35; Ј. Трифуноски, Битолско – прилепска котлина, 62.

[3] М. Панов, Географија на СР Македонија, кн. I, Скопје 1976, 51.

Според степенот на годишната количина на врнежи Пелагонија спаѓа во средно сушните подрачја. Дел од Битолското и Прилепското поле годишно добиваат меѓу 500 и 600 мм врнежи, а само еден дел од Пелагонија меѓу 600 и 700 мм. Дождовите во Пелагонија често имаат пороен карактер и му нанесуваат значителни штети на полјоделството. Поројните дождови обично се придружени со град, а Пелагонија спаѓа меѓу најградобијните подрачја во Република Македонија. Јужниот дел на Пелагонија припаѓа кон медитеранскиот плувиометриски режим кој се одликува со врнежи во зимските месеци и со сушни лета.[4]

Осончувањето, односно должината на траењето на сончевиот сјај во Пелагонија е различно. Во Прилепското поле годишното просечно траење на сончевиот сјај изнесува 2263 часови, додека во Битолското, кое лежи појужно и е на помала надморска височина, 2330 часови. Максимумот на осончувањето се јавува во јули. Во Прилепското поле тој изнесува 330 часови, а во Битолското 340 часови. Минимумот се јавува во декември и изнесува 75 часови.[5]

Во хидролошки поглед Пелагонија му припаѓа на сливот на Црна Река, најголемата десна притика на Вардар. Хидролошката мрежа на Црна Река главно е ориентирана во правец север – југ, како и општата наклонетост на земјиштето, а вкупната површина на сливот изнесува 5890 километри квадратни. Во Пелагонија Црна Река влегува преку Бучинската клисура, а излегува низ Скочивирската клисура. Висинската разлика од влегувањето во Пелагонија до излегувањето од неа е мошне мала и изнесува само околу 37 метри. Поради тоа Црна Река често го менува својот тек и по котлинската рамнина прави меандри кои на пролет за време на поплавите се исполнуваат со вода. Во поново време е извршена регулација на коритото на Црна Река, па денес Пелагонија е, релативно, заштитена од поплави кои во минатото и нанесувале огромни штети, а со мелиорација на мочурливите предели околу Црна Река добиени се нови површини обработлива земја.

Во пелагониската котлина Црна Река го прима поголемиот дел од своите притоки. Од десните притоки позначајни се Шемница, Драгор и Јелашка река (која дотекува од Грција), а од левите Дебрешка и Прилепска река. Поголемиот број од реките од сливот на Црна Река во Пелагонија имаат пороен карактер, потоа, големо колебање на протокот и

---

[4] М. Панов, Географија на СР Македонија, кн. I, Скопје 1976, 53 – 55, 61. Податоци за најјужниот дел на Пелагонија, односно за Леринското поле не ни беа достапни.

[5] М. Панов, Географија на СР Македонија, кн. I, Скопје 1976, 60.

заради интензивната ерозија носат голема количина наносен материјал и го натрупуваат плодното земјиште. Заштитата од поплави и регулацијата на поројните водотеци претставува еден од најважните хидролошки проблеми на Пелагонискиот регион.[6]

## 2. Рудни и природни ресурси

Рудните и природни ресурси ќе бидат подетално обработени во подпоглавјата кое следи, односно, стопански карактеристики. Со цел да не се повторуваат констатациите.

### 2.1. Стопански карактеристики

Педолошкиот состав на Пелагонија е различен, односно, во неа се среќаваат различни видови почви. За полјоделството големо значење има смолницата, бидејќи се одликува со голема плодност. Смолницата е образувана врз терцијарни езерски глини, врз алувиум и врз вулкански туф. Се јавува на надморска височина од 200 до 600 метри, а некаде и до 900 метри. Смолниците се најпогодни за одгледување на нивски култури, пред се за пченица. Меѓутоа, на смолниците добро успеваат и некои индустриски култури како сончогледот, шеќерната репка, афионот и други. Од другите видови почви кои се распространети во Пелагонија ќе ги спомeнеме: гањачите кои спаѓаат во групата кафеави почви и се јавуваат на надморска височина до 800 метри. Погодни се, главно, за одгледување пченица, пченка, јачмен, тутун и друго. Потоа црвеницата или terra rossa, која е мошне погодна за одгледување на виновата лоза и тутунот, како и алувијалните и делувијалните почви, холоморфните или солени почви, додека по долината на Црна Река се среќаваат хидроморфните почви, познати уште како влажни почви.[7]

Од рудните богатства во Пелагонија се евидентирани наоѓалишта на јаглен (Живојно – Битолско), а од неметалите наоѓалишта на долмит (рудникот Сивец кај Прилеп), кој се користи и како градежен материјал и украсен камен, како и за добивање на метален магнезиум. Исто така се евидентирани наоѓалишта на лискун или момирок (во

[6] М. Панов, Географија на СР Македонија, кн. I, Скопје 1976, 72 сл.; Ј. Трифуноски, Битолско – прилепска котлина, 75.
[7] М. Панов, Географија на СР Македонија, кн. I, Скопје 1976, 106 – 110.

околината на Прилеп), а од градежните материјали најзастапени се мермерите (Прилепско).[8]

## 3. Патна мрежа во пелагонискиот регион

Опколена со планини, Пелагониската котлина претставува добро затворена географска целина. Планините што ја опкружуваат претставуваат природен бедем кој ја штити котлината од упаѓања однадвор, но во исто време ја отежнува во голема мера и нејзината комуникација со останатите области на Македонија и Балканот, воопшто. Комуникациите се одвиваат само преку неколку превои и речни клисури. Така, на запад, со Преспа, Охрид и источното крајбрежје на Јадранското море, Пелагонија е поврзана со комуникацијата што води преку познатиот превој Ѓавато на составот на Баба и Бигла. Оваа комуникација во минатото имала за Пелагонија многу поголемо значење отколку денес, бидејќи претставувала дел од познатиот римски пат Виа Егнатија, кој го поврзувал Балканскиот полуостров со Апенинскиот и натаму со Западна Европа. Преку Бучинската клисура и долината на реката Шемница, Пелагонија на запад е поврзана со областа Демир Хисар и со Кичево, а преку превојот Барбарас на северозапад е поврзана со Порече и натаму на север со Полог и Скопската котлина. Во североисточниот дел на Пелагониската котлина се наоѓаат два превоја: Плетвар и Присат. Преку Плетвар, на составот на Дрен и Козјак, Пелагонија е поврзана со Тиквешкиот регион, Повардарието па така со Гевгелија и Солун и областите на Источна Македонија, а преку Присат со сливот на реката Бабуна, со Велес и со Скопје. Врските на Пелагонија со Мариовската област на исток се одвиваат преку комуникациите што водат преку Маковскиот превој на Селечка планина и преку Скочивирската клисура на Црна Река. На југ преку нискиот превој Килит Дервен, меѓу огранките на Нередска планина и Ниџе, Пелагонија е поврзана со Јужна Македонија, Воден и Солун, додека преку високиот Писодерски превој на југозапад, на составот на Баба и Нередска планина, е поврзана со Костур и Корча.[9]

---

[8] М. Панов, Географија на СР Македонија, кн. I, Скопје 1976, 111 сл., 117сл.
[9] Сп. Ј. Трифуноски, Битолско – прилепска котлина, 66.

Бројните комуникации што ја пресекуваат пелагониската котлина имале големо значење за нејзината историја во текот на вековите. Од нив по своето значење најпрвин, без сомнение, треба да ја издвоиме Виа Егнатија, која го пресекувала Балканскиот Полуостров во правецот исток – запад и го поврзувала Јадранското со Егејското море. Виа Егнатија претставувала најкратка врска на Рим со Солун и Цариград, односно, на Јужна Европа со Левантот.[10] Во текот на целиот среден век, се до турското освојување на балканот, имала посебна улога во развитокот на трговијата меѓу Истокот и Западот, а исто така и големо воено стратегиско значење кое најмногу дошло до израз во времето на византиско – норманските судири, во времето на крстоносните војни и на турското продирање на Балканот. Виа Егнатија со еден свој дел поминувала низ Пелагониската котлина. Во Пелагонија влегувала кај превојот Ѓавато, се движела по нејзините јужни предели и преку Килит Дервен ја напуштала рамницата.[11] Таа имала големо значење за историјата на Пелагонија низ вековите. Ја поврзувала рамнината не само со Солун и Цариград, двата најголеми центри на Балканот и на Европа во средниот век, туку и со развиените италијански заедници и со другите развиени земји на Јужна и Западна Европа.

Големо значење во средниот век имал исто така и патот што врвел преку Плетвар. Тој ја поврзувал Пелагонија со долината на реката Вардар и со главната комуникација Скопје – Солун, односно со Моравско – Вардарската магистрала. Патот преку Плетвар претставувал, всушност, дел од многу поважната комуникација која од Стоби, преку Ќустендил (Пауталија) продолжувала за Софија и на тој начин ги поврзувала двете главни балкански магистрали во средниот век Виа Милитарис (Белград – Софија – Цариград) и Виа Егнатија (Драч – Солун – Цариград).[12]

За историјата на Пелагонија во средниот век многу поголемо значење отколку денес имале и комуникациите што врвеле преку Барбарас и Присат, кои ја поврзувале Пелагонија со Скопје и Полог на север, а исто така и комуникацијата преку Писодерскиот

---

[10] За оваа мошне значајна магистрала на антиката и средниот век подетално сп. G. L. F. Tafel, De via militaria romanorum Egnatia, Tübingen, 1842; K. Miller, Itineraria Romana, Römische Reisenwege an der Hand der Tabula Peutingeriana, Stuttgard 1916; Monumenta cartographica Jugoslaviae, I, Београд 1974, 53; Г. Шкриваниќ, Путеви у средњовековној Србији, Београд 1974, 76 – 79.

[11] K. Miller, Itineraria Romana, 521; Monumenta cartographica Jugoslaviae I, 53; Г. Шкриваниќ, Путеви, 76 – 78.

[12] Monumenta cartographika Jugoslaviae I, 55. Сп. К. Јиричек, Војна цеста од Београда за Цариграда и Балкански кланци, Зборник Константина Јиричека, I, Београд 1959, 92 сл.; Г. Шкриваниќ, Путеви, 80.

превој, која ја поврзувала пелагониската рамнина со јужниот крак на Виа Егнатија, кој врвел преку Костур, а потоа со областите на Јужна Албанијаи и Епир.

## 4. Историски извори

Природно заградена од сите страни со тешко проодни планини, испресечена со важни комуникации, што е мошне значајно, мошне погодна за земјоделство и сточарство на околните планини, Пелагониската котлина мошне рано го привлекла вниманието на човекот, кој уште во предисторијата ги населувал овие простори. Природно – географските погодности заедно со стопанско – економските потенцијали кои на котлината и ги дала природата, а човекот ги користел и натаму ги унапредувал, на Пелагонија и обезбедиле многу важно место во историјата на Македонија низ вековите.

Пелагонија го добила своето име по името на едно од горномакедонските племиња – Пелагонците. Пелагонците биле мошне старо племе. Најстарите митолошки податоци за нив и за нивниот епонимен херој ги наоѓаме уште во познатиот Хомеров еп „Илијада". Таму, имено, во XXI песна се наведува името на епонимот Пелегон (Пелагон) кој бил син на Аксиј, а татко на пајонскиот водач Астеропај, сојузник на Тројанците.[13]

Најстарите, пак, податоци за Пелагонците во документарните извори датираат од IV век. Ги наоѓаме на два антички натписи – првиот од 365/4, а вториот од 363/2 година п.н.е. – во кои се споменуваат владетели на Пелагонците. Врз основа на овие податоци со

[13] Хомер, Илијада. Препев, предговор, увод и објасненија М. Петрушевски, Скопје 1982, XXI (Рапсодија Фи), 358, 140 – 160. Cf. Pauly – Wissowa – Kroll, Realencyklopädie der classischen Altertumswissenschaft, Bd. XIX, 1 (Stuttgart 1937), p. 242, s. v. Pelagon (K. Keyssner), p. 243, s. v. Pelagones (E. Oberhummer). Во врска со потеклото на имињата на Пелагонија и Пелагонците, постои мислење според кое Пелагонците го добиле името по областа. Имено, се смета дека името на Пелагонците во етимолошки поглед му припаѓа на истиот корен како и името на Пелзгите, а тоа е коренот πέλαγος, чие што првобитно значење било „рамнина", „рамница". Според тоа Пелагонците би биле „оние кои ја населуваат рамнината" или „жители на рамнината" (Flachlandbewohner). Cf. Pauly – Wissowa – Kroll, Realencyklopädie, XIX, 1, p. 242 s. v. Pelagon (K. Keyssner); I. Mikulčič, Pelagonija u svetlosti arheoloških nalaza, Skopje 1966, 6. Мислењето е интересно, меѓутоа, не е јасно како би се објаснило, во тој случај, името на Линкестида (Линк) и на Линкестите, кои исто така ја населуваат рамнината.

право се заклучува дека Пелагонците во IV век веќе имале своја политичка заедница на чело со крал.[14]

По овие натписи за Пелагонците и Пелагонија во изворите речиси цели два века нема никакви податоци. Бидејќи од пишувањето на подоцнешните извори се знае дека живееле во пограничните области на Пајонија и на македонската држава, се претпоставува дека во времето на јакнење на соседната пајонска држава Пелагонците политички влегле во нејзиниот состав, а потоа, заедно со Пајонците, ја признале врховната власт на македонските владетели. На тој начин, можеби, би можело да се објасни пишувањето на некои антички автори кои, Пелагонците ги вбројуваат меѓу пајонските племиња, или пак го изедначуваат поимот Пелагонија со Пајонија што е сосема неприфатливо.[15]

Врз основа на податоците што ги даваат подоцнежните извори, од времето на римските освојувања, тежиштето на Пелагонците би требало да се бара во областите западно од Аксиј, помеѓу Десаретите и Пенестите на запад, Линкестите на југ, Дарданците на север и Пајонците на исток.[16] Според тоа, Пелагонците населувале само еден дел од денешната пелагониска рамнина – северниот, додека јужниот, односно, леринско – битолската рамнина ја запоседнале Линкестите.

Во литературните извори Пелагонија се споменува дури од времето на македонско – римските војни. Во врска со овие војни првите податоци за Пелагонија ги наоѓаме кај Полибиј и Ливиј. Кај нив Пелагонија се јавува повеќе како област отколку како етнички поим.[17]

По победата во војните со македонците (168 год. п.н.е.), римјаните ја поделиле територијата на Македонија на четири дела (мериди). Пелагонците, заедно со Линкестите, влегле во составот на Четвртата Македонска Мерида, чиј центар станала Пелагонија. Урбана целина под ова име до римското освојување не е позната. Заради тоа се смета дека се работи за нова самоуправна единица од муниципален карактер формирана со синојкизам, која опфаќала поголем број помали пелагониски населби. Новата самоуправна

---

[14] Сп. Папазоглу, Хераклеја и Пелагонија 324 сл.; истата, Градови 199 сл.; I. Mikulčič, Pelagonija 72; Tabula imperii Romani, Ljubljana 1976, 99 (B. Dragojlović – Josifovska).

[15] Сп. Папазоглу, Хераклеја и Пелагонија 325 сл. Истата, Градови 200; I. Mikulčić, Pelagonija 73

[16] Папазоглу, Хераклеја и Пелагонија 326, 331; Истата, Градови 203. Сп. Исто така и I. Mikulčić, Pelagonija 70, кој смета дека границата на Пелагонија спрема Пајонија на исток одела по природната граница што ја сочинува долгото планинско било, кое се протега од Кајмакчалан на југ преку Козјак, Дрен, Мукос и Кадиица до Јакупица на север, каде што се наоѓало тромеѓето на Пелагонија, Пајонија и Дарданија.

[17] Папазоглу, Градови 200.

единица ја формирале римјаните во духот на римското провинциско уредување, а центарот на самоуправната единица, на која поминало името на областа, со време се развило во вистински град – Пелагонија. Според тоа, по воспоставувањето на римската власт во Македонија имаме не само област туку и град Пелагонија. Новоформираната civitas Пелагонија зафаќала, без сомненеие помал дел од географскиот поим Пелагонија.[18]

За градот и областа Пелагонија има повеќе податоци во литературните и документарните извори, посебно од времето на римското царство.[19] Но и покрај тоа, точната локација на civitas Пелагонија не е позната. Се претпоставува дека се наоѓала некаде околу долниот тек на реката Еригон, од левата страна, во северозападниот дел на Мариово или на источниот раб на прилепската рамнина,[20] или пак пред влезот во Скочивирската клисура по средниот тек на Црна Река.[21]

Градот Пелагонија за последен пат се споменува во V век од н.е. заедно со градовите во провинцијата Македонија Секунда, а потоа нему му се губи секаква трага. Се претпоставува дека настрадал во времето на готските напади кон крајот на V век од н.е. или малку подоцна, а потоа не бил обновуван.[22]

## 5. Степен на истраженост и истражувачи

Територијата на Република Македонија можеме слободно да кажеме дека е релативно неистражена, со мали исклучоци на некои локалитети, и тоа истражувања преземени во последниве години. Истражувањата кои се вршеле порано биле повеќе од колекционерски побуди на државите кои владееле со македонската територија одошто имале некаков научен карактер. Ситуацијата била таква и ние не можеме да промениме

[18] Сп. Папазоглу, Хераклеја и Пелагонија 326, 331 сл.; Истата, Градови 203; А. С. Шофман, История античной Македонии, II, Казан 1963, 283 сл., 382.
[19] За тоа подетално сп. Папазоглу, Хераклеја и Пелагонија 332 – 340; Истата, Градови 203 – 208.
[20] Папазоглу, Хераклеја и Пелагонија 340 – 343; Истата, Градови 209 – 211; I. Mikulčić, Pelagonija 70 sq.; Tabula imperii Romani 99 (B. Dragojlović – Josifoska). Идентификацијата на Пелагонија со Хераклеја и нејзиното лоцирање кај Битола, како што покажа Ф. Папазоглу (Хераклеја и Пелагонија 308 – 340), нема никаква основа во изворите.
[21] Сп. Томоски, Градиштето 245.
[22] Папазоглу, Хераклеја и Пелагонија 339 сл.; Истата, Градови 208 сл.

нешто околу тие состојби, па повикани сме да ги користиме оние малку податоци кои се оставени од туѓите истражувачи.

Никола Вулиќ, составувајќи ја првата археолошка карта на Античка Пелагонија, уште пред втората светска војна, заклучил дека **Пелагонија била меѓу најнаселените области на Балканот**. Извршил неколку ископувања на антички архитектонски објекти во Стибера кај Чепигово, кај Доленци, кај Дебреште, гробниците во карпа кај Варош, ѕиданата гробница кај Бонче. Со помали истражувања учествувал и М. Кокич во 1925 година и Чиро Трухелка во 1926 година во Прилеп, Миодраг Грбич 1936 – 38 година во Хераклеа и во триесетите години А. Керамопулос во најјужниот дел на Пелагонија, околу Лерин.

Најинтензивните теренски археолошки истражувања се извршени во шеесетите години на дваесетиот век и оттогаш може да се каже дека започнува ерата на современите македонски археолошко – научни истражувања. Археолошкиот музеј од Скопје во 1963 година ја истражува античка Стибера, 1956 година архајски гробови кај Живојно, 1964 македонско – хелинистичка некропола кај Беранци. Битолскиот музеј 1964 година ги истражува населбата на Букрички Рид кај Брод, архајските гробови кај Брод и Беранци, халштатскиот тумулус кај Беранци, 1962 година доцно античката градба кај Мојно, македонско – хелинистичката некропола Над Село кај Беранци, сакрален објект од предантичко време на локалитетот Градиште, село Беранци. После 1959 година продолжени се истражувањата на Хераклеа кај Битола, кои со одредени прекини сè уште траат.

Прилепскиот музеј истражува на повеќе некрополи во северниот дел на Пелагонија. Откриени се антички градби кај Подвис и кај Чепигово 1959 година, вршени се ископувања на античка населба кај Варош, истражувања кои се и денес активни со помали прекини, македонско – хелинистичко и доцноантичко утврдување на локалитетот Градиште кај Дебреште. Со теренските истражувања паралелно, од страна на Прилепскиот и на Битолскиот музеј, се вршат рекогносцирања на теренот. После 1952 – 55 година, а посебно после 1961 – 63 година бројот на сигурно фиксирани и поблиску одредени наоѓалишта во пелагониската котлина ја надминува бројката 500. Преку 400 се од античка епоха, од кои 300 се помали или поголеми населби, места со култни објекти, воени утврдувања, полски имоти и рефугии. Покрај ова од античка епоха откриен е огромен

фонд од мермерна пластика (стели), вотивни релјефи, статуи, архитектонска – декоративна пластика, натписи, монети и други наоди.

## Историографски податоци и литературни извори за проучување на античкиот период во Пелагонија

Во Пелагонија животот интензивно течел уште од раниот неолит, што е утврдено со досегашните научни истражувања. Градовите во Македонија, а тоа значи и во Пелагонија почнуваат да егзистираат дури во античкиот период, во форма и содржина која е карактеристична за градскиот начин на живот и дејности кои во основа ги имаат градовите во Медитеранските земји и Блискиот Исток уште далеку пред ова време.

Пишуваните извори кои се однесуваат за нашето подрачје, се значајни и на места исклучително важни. Како приметува Фанула Папазоглу, во делата (до седумдесетина) кои го обработуваат развитокот на градскиот живот во Македонија, основно е тоа што се провлекува сознанието да Македонија е земја на селани и сточари, земја во чија внатрешност никогаш не успеала да се поттикне племенската организација. Иако до извесна мерка ова има основа, епиграфските наоди често покажуваат дека некои населби имале уредување на полис, иако имало сомнежи за постоењето на истото, додека археолошките истражувања откриваат пред нас развиени градови и во најзафрлените краеви. Старата теза на E. Kuhn, дека во Македонија, градска организација од грчки тип постоела пред доаѓањето на Римјаните само на брегот на Егејското Море и во Долна Македонија, додека во Горна Македонија владеело племенско уредување кое ни до крајот на антиката не било потполно потиснато од градското, не е одржлива повеќе.

Историските и географските дела посветени на античка Македонија од времето до доаѓањето на Римјаните се изгубени. Изворите за проучување на топографијата на Македонија во римскиот период се крајно оскудни, Македонија меѓу останатите римски провинции немала некое посебно значење. При крајот на Републиката не е повеќе единствена римска провинција на Балканот и главна база за натамошни продори према север и југ, Македонија повеќе не се истакнува и губи секаква важност, а најповеќе политичка. Првин во 168 година п.н.е., најпосле по 149 и 142 година п.н.е., таа и нема повеќе своја права историја. Останува понастрана од важните политички и воени настани.

За периодот на римското навлегување во Македонија, користени се повеќе досега познати извори :

- Список на Делфиските теородохи од почетокот на II век п.н.е. каде добиваме податоци за градскиот живот кај нас;

- Грчкиот историчар Полибие (120 – 100 година п.н.е.) ни соопштува за македонско – римските војни;

- Римскиот историчар Ливие (59 – 17 година п.н.е.), за втората и третата македонско – рисмка војна на Филип V и Персеј;

- Грчкиот географ Страбон (63 – 19 година п.н.е.), за времето на Август (31 – 14 година п.н.е.), VII книга (фрагменти) дава најцелосни географски описи на Македонија кои досега ни се на располагање. Од оригиналниот текст сочуван е само делот за Виа Егнатиа, за Епир и илирските племиња во западниот дел на провинцијата Македонија и Горна Македонија. За овој период добиваме податоци и од грчкиот географ Плиние (23 – 79 година од н.е.);

- За рано царскиот период има бројни епиграфски материјали како и податоци од Птоломеј, средина на II век од н.е.;

- За периодот од III и IV век од н.е., итинерариите се скоро единствени материјали кои ги кореистиме како извори, тоа се најсигурни извори, читањето и датирањето не бараат многу труд (датирањето од една според друга македонска епоха го олеснува и датирањето на други аналогни написи на основна палеографски и содржински индиции);

- За доцно античкиот период – Хиерокле првата половина од VI век од н.е., Хиероклевиот синегдем, последен список на градови со кој располагаме. Црковни документи – Notitiae episcopatuum со извори за населбите, областите и духовната култура. Последен антички писател преку кој се доаѓа до извори е Прокопие од Каисареја (Палестина), околу 500 – после 562 година од н.е.. Стефан Византиски (и некои византиски извори), и неговото дело од крај на антиката не се сигурни извори зошто временски содржат во себе на едно место податоци земени од класичниот, хеленистичкиот и римскиот период. Византиските литературни извори понекогаш можат да бидат драгоцени. Некои градови исчезнале за да по неколку века одново се родат со друго име, но традицијата се чувала во црковната администрација, византиските учени сакале да ги именуваат градовите со старите антички имиња.

## Областа од почетокот на првите заедници до почетокот на антиката

### Бронзено време

За Пелагонија и Македонија, во бронзената епоха (средина на III милениум до XII век п.н.е.), многу малку се знае бидејќи наоѓалиштата од овој период се во фаза на истражување. Во Долна Македонија, под влијание на Егеја, порано почнува користењето на бронзата (средина на III милениум п.н.е.), во Горна Македонија бронзата се јавила многу подоцна, околу 1800 година п.н.е., во III милениум има знаци на длабока праисторија, исто како на грчкото копно. Населбите во Пелагонија укажуваат на врски со претходните бронзени култури од Долна Македонија, која е повеќе истражена, и воопшто за цела Македонија бронзената епоха ја делиме на рана (до 1900 година п.н.е.), средна и доцна епоха (1900 – 1500 – 1200 година п.н.е.). Од малиот број наоди на бронзени предмети повеќето се на територијата на Пелагонија (Породин – Суводол), а тоа ја исклучуваше можноста за постоење на локална, домашна, рударско – металургиска дејност.

За Македонија низ целата прва половина на II милениум не знаеме ништо, предмети од метал нема, освен дека постоеле врски со Микенската цивилизација. Сепак, сигурно културниот развиток овде, порано се одвивал од останатите делови на Европа. Ако појавата на првите метали, беше револуција во техничко – технолошка и цивилизациска смисла, појавата пак на железото е повеќе од тоа. Околу 1200 година п.н.е. пропаѓаат сите големи култури на преодот од XI – X век п.н.е., се завршува културата на бронзената епоха.

### Железно време

Ако со појавата на цивилизацијата, донекаде урбанизацијата, а во поедини региони на средоземјето и градски живот, донесоа изненадно нагла пресвртница во цивилизациска смисла, настаните забрзано се одвиваа со голема брзина, сега пак развојните текови се забрзуваат толку силно што животните текови во средоземјето не можат да останат повеќе

во тесни рамки на споменатиот простор, туку забрзано се испреплетуваат во взаемни и обратни влијанија и процеси со соседните цивилизации, и тој свет ќе го доведат само за неколку векови во антиката – уште повисок развоен степен кој нема да остане изолиран и засебен свет.

Железото, како и бронзата, најрано се појавуваат во областа на Кавказ и Мала Азија во XIV век п.н.е., каде постојат добро организирани држави, стопанство и размена на железни производи. Од Блискиот Исток се пренесува и во Грција, за нешто подоцна да се прошири кон север преку Апенинскиот полуостров, Илирските области до подунавје и останатата Европа (тој пат веројатно бил и преку Балканот). Овој период на историската епоха го олеснува прецизното одредување на хронолошкиот однос на наодите за разлика од предходните. Македонија како и целиот Балкан во XIII – XII век п.н.е. е зафатена со нов бран миграции, кога во Македонија населбите од бронзената епоха се уништени. Тоа е период на етнички промени. Археолошките наоди од Пелагонија потврдуваат континуитет во животот на Пелагонците од најраните времиња, како основен етнички субстрат со подоцна придојдените Линки кои се населуваат во рамките на тие процеси. Во рамките на егејските миграциони движења се случуваат културни импулси од спротивна насока, кои за кратко успеваат да го преместат културниот континуитет на просторот на Македонија.

Главниот бран на оваа култура поминал преку Македонија, кој поаѓал од Средна Европа кон егејскиот басен па се до Блискиот Исток, како очекувана реакција на зрачењето од југоисток. Карактерот на бронзената култура и онаа после неа која во повеќето елементи ќе претрпи промени и во материјалната и духовната култура, доведуваат до мислења да почетоците на формирањето на етничкиотт карактер на подоцната пелагонска етничка групација можат да се земат во времето на преминот на бронзеното и железното доба (XI – IX век п.н.е.).

Овие движења се регистрирани преку ретки наоди, рамни скелетни гробови поставени покрај патиштата, кои во Пелагонија ги има релативно повеќе. Ова е новина за разлика од предходната епоха на развиеното бронзено доба, кога е вршено спалување со погребување во урни. Овие новини укажуваат на доселеници од неегејско, а средноевропско потекло (елементи од западна Панонија, источно алпски културен круг). Вториот бран на движење паѓа некаде во текот на втората половина на XI век п.н.е.. Наодите упатуваат на поврзување и со Јадран. Тоа го усложнува целиот проблем на овие

етнички промени, кои имале еден правец на движење како е споменато, но при тоа во тој подолг период на поместувања доаѓало веројатно и до други помали промени и етнички разместувања. Миграционите поместувања после Тројанската војна, проаѓале преку Егнатиската магистрала од Мала Азија преку Македонија кон Јадранскиот брег и понатака кон Италија.

Пелагонија во овој период не се разликува ништо посебно во одликата на материјалната култура во однос на соседната Пајонија или Македонското подрачје. Тоа е подрачје со обележја на раножелезнодобна култура како на северозападен Балкан и соседните подрачја. Развиеното железно доба (крај на IX век) е карактеристично по најмаркантното обележје, гробови вкопани под хумка – тумули. По мислење на Проф. д-р. Иван Микулчиќ, изворно, ова културно обележје на културата на полното железно време се врзува со западен Балкан, од територијата на илирските племиња Либурни и Јаподи.

И натаму, сите елементи на раното и полното железно време на нашето подрачје не водат потекло од едно потесно подрачје, ами од рамките на пошироката заедница.[23] Ова е период на етнички промени кои ги донеле „носителите на тумули": новиот сакрален обичај, новиот тип населби и начин на стопанисување укажуваат најверојатно на извесен етнички прилив, но никако и извлекување на заклучок за потполна асимилација на Северна Македонија, посебно на Пелагонија и соседна Пајонија за која историски и се врзува нашата котлина пред почетокот на железното доба. Тоа се зачетоци на формирање на етничкиот профил на подоцнежната пелагонска групација. Мислењето за претежен илирски состав во етничките групи во Македонија се од порано и науката докажала дека се неосновани и со факти неиздржани. На тоа прашање дава одговор Иван Микулчиќ, кој ја отфрла таа претпоставка со образложение „како би се објаснило поинаку подоцнежното издвојување на Пајонците од останатите Илири – варварски Илири, од страна на античките писатели, Пајонците (во античкиот период Пелагонија се стопува со нив), далеку пред Илирите се појавуваат во историска светлина, одма после Македонците".[24]

Населбите од овој период (обележани со груба железнодобна керамика) се помали утврдени „градишта" сместени на потешко пристапни места, ридови, опкружени со планински пасишта. Зарамнетото плато на ридот опкружено било со одбранбен ѕид, кој

[23] Иван Микулчиќ, Пелагонија у светлости археолошких налаза, дисертација, Скопје, 1966 година, 23.
[24] Иван Микулчиќ, Пелагонија у светлости археолошких налаза, дисертација, Скопје, 1966 година.

изгледа најчесто бил ѕидан од камен во техника на сувоѕид. Во големината, населбите варираат, во зависност од конфигурацијата на теренот како и од потребите на неговите жители. Планинската положба на овие населби дава одговор на повеќе основни прашања. Основна стопанска гранка било сточарството покрај земјоделието. Треба да се имаат предвид и климатските услови кои во летниот период не се поволни во рамничарските предели поради недоволните врнежи. Овој начин на стопанисување е сосема во склад со родовското уредување како степен на општествени односи. Тоа се манифестира во овој случај и со обичајот на погребување – тумулите како родовски некрополи. Продорот на полна халштатска култура од север била без сомненеие причина за длабокиот конзервативизам на Македонија во однос на грчкиот југ. Оваа изолираност прекината е на преодот од VII – VI век п.н.е., кога среќаваме импортна керамика (Коринт, Кипар). На подрачјето на Долна Македонија и трако – македонскиот брег, не се откриени железнодобски тумули, старите трачко и пелазгиски етнички елементи биле понадмоќни од последниот илирски бран, а прекинот во контактите во текот на VIII век п.н.е. повторно се воспоставува но сега во обратен правец. Можна е експанзија на севернотесалски елементи преку Халиакмон кон север, односно ширење на македонците во Долна Македонија во текот на VII и VI век п.н.е., за што говори и Тукидит.

**Архајски период**

Во текот на VI век п.н.е., има длабоки превирања на подрачјето на Пелагонија и Пајонија предизвикано од засилени врски со југ со што забрзуваат политичките промени и етногенеза на надмоќните јужни соседи, македонците, одразени во овие краеви со раѓањето на една нова, македонска материјална култура со доцноархајски обележја. Се јавуваат нови елементи на материјална и духовна култура кои извираат од хелнската културна свера менувајќи го во основа дотогашниот „железновременски" карактер на Пелагонија.

Настанува голема промена во типот на населбите. Непристапните и сурови „железновременски" градишта воглавно сместени на повисоките планински пасишта, потполно замираат и не се обновуваат. Никнуваат нови, исто утврдени населби на попристапни места од оние од предходниот период. Тоа се населби на последните и

најниски планински ограноци и периферни возвишувања над самата рамница или речни брегови и во близина на големите патишта кои врват низ рамницата и нејзините долини. Ова се зачетоци на подоцнежните градчиња, полисмата од класичното и хеленистичкото време (Линк, Стибера, Пелагонија, Аргос, Стоби и други). Ова пак е израз на целосна промена во начинот на стопанисување, дотогашниот примат кој го има сточарството преминува на земјоделието кое успешно сега можело да се одвива на периферните делови од инаку мочуришната рамница. Овие населби го продолжуваат животот интензивно и повеќето без прекин до во римско време, а некои и до крајот на антиката. Некрополите за разлика од предходната епоха се блиску на 200 – 300 метри од населбите. Во Пелагонија се регистрирани повеќе населби: Букри кај Брод, Градиште кај Живојно, Пешта кај Градешница, Горна Црква кај Зовиќ, Бошковка кај Рапеш, возвишението Бедем кај Чепигово, Долиште кај Прилепец, Градиште кај Граиште и други.

Понатамошното хеленизирање на материјалната култура потврдено е во ред наоди на македонското и пајонското подрачје како и во Пелагонија. Оваа појава можеме да ја следиме со повеќе наоди кај село Беранци – Петилеб и Црквишта, Црквиште кај Трап и некрополата кај селото Бабино, Демирхисарско. Гробовите од Бела Црква кај Брод и можеби од Бабино сеуште се скелетни и се надоврзуваат на оние од VI век п.н.е.. Овој облик и понатаму егзистира на околното подрачје, но во своја завршна фаза, и веќе кон крајот на VI век п.н.е. ќе биде заменет со првите гробови со спалување, да би во текот на V век п.н.е. потполно ја преземат улогата на рамните, скелетни цисти. Спалувањето и невообичаено големите камени конструкции ќе се задржат (важи за Пелагонија) до преодот од рано во доцно Римско Царство, и тоа без прекин во период од скоро осум векови. Очигледни се промените и во општествениот, стопанскиот и културниот живот. Економското зајакнување условува одредени вишоци на производи, а овие пак интензивираат трговска размена во овој случај со грчкиот сосед. Нееднаквата пак распределба доведува до богатење на поединци и социјални раслојувања, внатре во родовско – племенската заедница, а со тоа и концентрацијата на политичката власт. Поедини гробни наоди укажуваат на тие зачетоци, кои се почеток на антиката, за што укажуваат и пишаните извори. И самиот начин на погребување е прифатен најпрво од хеленизираните локални поглавари. Потоа овој обичај постепено се шири и во масите од

V век п.н.е. па понатаму овој нов сепулкрален облик потполно бил прифатен во цела Македонија.

**Класичен и рано хеленистички период**

Стариот родовски – патријархален систем се распаѓа. Новата култура созреала пред крајот на VI век п.н.е., потврдена со ред богати, таканаречени кнежевски гробници. Кај Требениште, Беранци, Тетово, Демир Капија. Изобилство на луксузни и уметнички изработки. Бронзени вази од познатите халкидски тореути, а и од домашна изработка, во крајбрежните градови и градовите во внатрешноста. Профилот на оваа „мешана" доцноархајска култура во македонската област е претставен првенствено од ориенталните и јонско – халкидски елементи, надополнета со по некои пелопонески и преживеани автохтони железновременски обележја. Кнежевските гробови укажуваат на веќе целосно хеленизирање на локалната племенска аристократија, која прва го прифаќа од Јонија и обичајот на кремирање, кој навлегува брзо и во најшироките слоеви и целосно завладеал во текот на V и IV век п.н.е., тоа е и завршна фаза во хеленизирањето на Северна Македонија.

Во V и IV век п.н.е., најзначаен е пробивот на Атина на овие подрачја. Во Пелагонија е започнато масовно копирање на античките производи. Во металургијата на обоени метали и нивната обработка во украсни предмети (бронзена тореутика и златарство) и натаму најзначајни се Олинт со останатите халкидички центри. Уметичкото обликување при ковањето на пари достигнува совршенство (тетрадрахмите на пајонските владетели). Карактеристична е појавата, миксхелинизам на Халкидик, за разлика од останатите случаи каде Хелените се опираат на секакво мешање со варварите, затоа и мешовитиот карактер на грчки и домашни елементи од материјалната и духовната култура во Македонија е податлив за датирање.

После персиското повлекувањем на халкидичко – долномакедонското подрачје се случуваат бурни политички настани, кои ќе и дадат посебно обележје на целата наредна епоха. Долномакедонската кралска куќа почнува да настојува да ги истисне од ова подрачје ривалите Атина и Олинтскиот сојуз. Засилен е политичкиот и културниот развиток на Долномакедонската држава, почнувајќи од Александар I (498 – 453 година

п.н.е.). Понатамошната афирмација на Македонското Кралство се гледа во борбите против Горномакедонските базилеи кои се противат на македонската хегемонија од југ, како и крајно непријателска политика кон Атина. Архелај I (414/413 година п.н.е. – 400/399 година п.н.е.) и понатака врши притисок кон север, кој повеќе се стопува во едно цело преку културно влијание одошто со воен притисок. Овој владетел е маркантна личност во македонската историја, реформатор на воената моќ, голем градител и значајна културна фигура, настојувајќи Македонија што повеќе да ја приближи кон хеленскиот свет и да ја подигне на повисок степен. После 339 година п.н.е. македонското кралство паѓа во криза, се менуваат владетели чие потекло е нејасно, која е разрешена со доаѓањето на Филип II (359 – 336 година п.н.е.). Тој прво ја прегазува Линкестида и продира кон запад према останатите области, за најпосле да се сврти кон исток и ги освои грчките колонии. Со падот на Олинт 347 година п.н.е. и останатите колонии на Халкидик, ова немирно подрачје конечно паѓа во рамките на Македонија.

Периодот до Филиповите наследници, за Пелагонија е време на внатрешен развој и стабилизација, нејзино оформување во една засебна културно и политичка целина, време кога сеуште не се покорени локалните базилеи. Пелагонија, Линк и Пајонија имаат свои кралски куќи. Пелагонските и Пајонските династии одржуваат тесни контакти со Атина. Атинските мајстори на пелагонскиот двор оставиле траги на свое присуство и во вид на две класични надгробни стели од антички тип наискос (Црнобуки – Беранци) и гигантска кралска гробница кај Бонче. Истите, без сомнение, раководеле и со фортифицирањето на градовите во Пелагонија и Пајонија.[25] После овој период за пелагониските базилеи немаме повеќе вести.

Населбите во однос на предходниот период, се помногубројни. Засега евидентираните населби се наоѓаат во потесниот периферен планински појас околу централната рамница, на пониските ридови и бочните речни долини, на периферните огранoци на планините до работ на рамницата, во должина на реката Црна Река (Еригон) од незиниот горен тек, Демир Хисар, како и областа на Мариово. Основањето на овие населби паѓа во архајско време, сосема мал број континуирано можеби живееле уште од железното време. Следните векови можат најочито да се следат на основа наодите на монети во населбите, со што јасно се фокусира епохата кога истите се напуштени. Од V

[25] Иван Микулчиќ, Стремеж, број 13, 1973 година, 968.

век п.н.е. па без прекин до крајот на античката епоха, монетите овде одиграле најголема улога во поблиското временско определување на ред наоѓалишта, често биле потпора за временското определување на останатиот археолошки материјал. Првите, доцно архајски сребрени примероци се ретки во Пелагонија. После тоа се чувствува извесен прекин, слично како и во останатите наоѓалишта. Дури од последните децении на V век п.н.е. и во текот на првата половина од следниот, стигнува втор многу посилен бран во два смера : од југ – прв статер од Коринт (Превалец – Граиште и Кале – Драгарино) и тесалски монети од Лариса (Градиште – Граиште, Беранци, Бедем – Чепигово) и од југоисток – монети од Скирос (Градиште – Граиште). Од Амфиполис (Кале – Бучин, Бедем – Чепигово). Се јавуваат и први примероци на монети од македонски династии (Пердика II, Аминта III), а од времето на Филип II се многу чести и има континуиран тек на грчко – македонски монети до времето на Јулиевците – Клавдиевците. Овие населби – градови, по тип најчесто се онакви какви прв пат ги запознаваме на ова подрачје во текот на VI век п.н.е.: поставени на пристапни, но сепак природно заштитени и утврдени места. Меѓу овие населби, се издвојуваат и некои специфични облици кои одстапуваат со своите големини, изгледот и утврденоста и местоположбата од повеќето просечни населби. Тоа го потврдуваат и некои податоци на античките историографи. Тит Ливиј (59 година п.н.е. – 17 година од н.е.), говорејќи за воените операции на римјаните во втората македонска војна, во дасаретската област наведува три категории заштитени населби :

- Кастел, утврдување со специфична намена, пред се одбранбена, можеби и стратешко експанзионистички пункт, но сеуште не е јасно дефинирано неговото значење.
- Опида би биле мали градчиња, полисми (Варош – Маркови Кули, Градиште – Беранци, Градиште – Лера, Тумба – Зовиќ, Еленик – Мојно, Заград – Варош).
- Урбес, е поголема населба – град. На нашата територија можат да се споменат : Пешта – Градешница во Мариово, Долишта – Прилепец, Бедем – Чепигово, Кале – Бучин и Градиште – Граиште.

**Хелинистичко – римски период**

Хеленистичката епоха обележана е со ред новини чии центри се поместени во Егеја и Блискиот Исток (Источно Средоземје), и чии облици покажуваат далеку поголема

смиреност, едноличност и скромност во однос на предходните. Хеленистичките примери се напуштаат, а Блискиот Исток влијае на ова подрачје, што се чувствува и на запад од Италија. Набрзо започнува длабока стагнација и назадување во економска – културна смисла, што е потврдено од археолошкиот материјал. Преодот од III до II век п.н.е. е почеток на римското продирање во Пелагонија. По окупацијата на Македонија 167 година п.н.е., односно 148 година п.н.е., влијанието се засилува од исток. Почеток на бурни и сложени настани, повеќето полисми и неколкуте полиси од предходниот период и понатака егзистираат, потврдено пред се преку наодите на монети, што не е доволна потврда или претпоставка за интензитетот на нивниот живот. На повеќе места во Пелагонија, во близина на постарите утврдени населби на отворен простор, се појавуваат во доцно хеленистичкиот период и први незаштитени населби – села. Тие се скоро и единствен тип на населби кои никнуваат во текот на Раното Царство. Полибиј во (околу 200 – 120 година п.н.е.) вели дека *во Горна Македонија некогаш постоеле многу градови, но сега или запустеле или потполно исчезнале*. Всушност поголем дел биле уништени за време на римската окупација. Познати се урбаните структури на предримскиот град Стоби и две населби во Пелагонија, кај Дебреште и Градиште над село Црнобуки. Овие последниве најверојатно се градени со стратешки цели, бидејќи времето на градбата и местоположбата, повлекуваат таков заклучок. Тоа е време на римско продирање во Македонија преку соседните илирски области, а Пелагонија изгледа е најпогодна за тоа.

Начинот на ѕидање е веќе карактеристичен за следните векови на римската доминација, ѕидови од кршен камен, врзан со малтер. Хеленистичките куќи за живеење се со тесна правоаголна основа, со две до три простории, плиток темел од камен врзан со кал, а ѕидовите од плитар (слично како во Егеја). Кровот е покриен со тегули за разлика од класичниот период, кога покривите воглавно се од трска, слама, дрво, ретко со тегули, кои кај нас продираат од IV век п.н.е.. досега не се откриени во куќите трагови од фрески. Назадувањето како последица на политичките настани во III и првата половина од II век п.н.е., тешката провала на Галите во 280/279 година п.н.е., честите походи на соседните илирски племиња преку котлината, како и римско – македонските војни, ќе потрае уште едно столетие заради политичката и економската нестабилност.

Времето на Октавијан Август (31 година п.н.е. – 14 година од н.е.) претставува и крај на двовековната стагнација. Значителен број на римски граѓани (трговци, управни

чиновници, земјопоседници) се населуваат во градовите Стоби, Стибера, Хераклеа, Линк, Лихнид. Опустошените градови се обновуваат и заживува стопанството. Кулминацијата во економскиот и културниот развиток е достигната во времето на Хадријан и по него, се до првите Севери. Тогаш се урбанизирани дваесетина помали и поголеми градчиња од кои ни се сочувани сите нивни имиња. Иако архитектурата има римски карактер, урбаните концепции на градовите и јавните објекти во нив, како и функцијата на овие објекти непосредно се врзани за примерите во Егеја, тие се хеленистички по духот и намената. Овие уметнички концепции повеќе се видливи во култната пластика која ги продолжува изворните егејски традиции во иконографијата, стилот и начинот на обработката. До денес на територијата на Горна Македонија откриени се близу 50 мермерни статуи од јавен и вотивен карактер и околу 700 жртвеници и посветени рељефи од мермер или од друг камен. Се истакнуваат неколку скулпторски школи: во Стоби, Хераклеја, Линхнид и многу квалитетна во Стибера. Јавните споменици се од римски стил, т.н. бирократски класицизам, меѓутоа и тие со своето идеализирање одстапуваат од римскиот реалистички портрет. Времето на раните Севери е завршната етапа и крај на раноцарската уметност во Горна Македонија. После тоа настапува брзо стагнирање и длабока општа декаденција.

Доцниот трети век, го зафаќа политичко економска криза која со пустошењето на овие области од страна на варварите, кога скоро сите градови се разрушени, забрзани биле општествените и други процеси за создавање на нови вредности, културни и уметнички на Доцното Царство. Времето на Константин Велики и потоа непрекинато низ IV и почетокот на V век од н.е., обележано е со нови градежни зафати и кај нас. Евидентирани се досега преку 200 фортификациски упоришта (категорија на опидум, кастел, рефугија), околу 600 населби помали, од отворен тип и полски имоти, исто толку некрополи, близу стотина помали или базиликални ранохристијански цркви. Почнува обновување на позначајните градски населби (Стоби, Хераклеја). Последниот процут овие области го достигнале за време на Јустинијан I. Последна обнова на епископските столици: Стоби, Хераклеја, Лихнид и Баргала.

За разлика од четврти век сега градскиот живот е сведен на помал број градски центри, и во близина на позаштитените, планински, сточарски и рударски региони. Временска потврда од овој период се големиот број регистрирани наоди на монети заклучно со Јустинијан I, и тоа често наоди на остави. Тоа биле скриени богатства под

земја за време на аваро – словенските опсади на градовите, а во мал дел случаи зачувани до денес. Наодите после овој период се сосема ретки, а од почетокот на VII век од н.е. започнува тотална празнина која ќе продолжи до длабоко во X век од н.е..

## За Пелагонија и незините градови

Северниот и североисточниот дел на Пелагонија, како и подрачјето на Мариово, кое влегува во состав на прилепскиот регион, а и областа на Демир Хисар ќе бидат заеднички предмет на разгледување, не заради тоа што овој дел од котлината не може потполно независно да се проучува од целокупниот незин простор, ами и тие се во рамките на овој труд. Нашата котлина колку да е природно – географски изолирана од соседните области, таа низ својата историја не покажува голема изолираност во културен поглед, поготово не во античкиот период. За овој дел на Пелагонија, во однос на останатиот дел на котлината, секако неможе да се зборува како за засебна културна целина уште повеќе. Заради сето ова општите карактеристики културни, економски, политички, етнички и географски, понатаму ќе бидат врзани пошироко за целата котлина.

Прилепската рамница и источниот раб на котлината е погодна за обработка (за разлика од средното течение на реката Црна Река кое до скоро било големо мочуриште ), и периферните планински области, биле погодни за живеење и занимавање со земјоделство и сточарство. Зачетокот на формирањето на етничкиот профил на Пелагонците започнува во рамките на егејските селидби во нашата котлина но сепак никакви посебни одлики на македонската култура не ја издвојуваат Пелагонија од соседното пајонско или македонско подрачје. Во развиеното железно доба следат и понатака етнички поместувања, нов обичај на закопување/тумули, нов тип населби и начин на стопанисување кои укажуваат на нов етнички прилив од Западен Балкан. Ова не треба да повлекува и заклучок за потполна асомилација на Горна Македонија, иако порано озбилно е брането мислењето, за претежно илирски состав на етничките групи во овој дел од Македонија **што не е воопшто точно**. Во подоцнежните векови античките писатели ги издвојуваат соседните Пајонци (за кои историски и етнички се врзува и Пелагонија) од соседните Илири. Во текот на VI век п.н.е. има силни влијанија од југ, со што се забрзуваат политичките промени со продирањата на македонците. Се раѓа една нова, македонска доцноархајска материјална

култура, која целосно ќе преовлада во текот на V и IV век п.н.е., со што северна Македонија во чии рамки е Пелагонија, целосно е хеленизирана и претставува една изразито етничка културна мешавина.

За развојот на населбите не знаеме ништо за раното железно време (XII – VIII век п.н.е.), податоците со кои располагаме се некрополите и наодите во нив (Сивец кај Присад, Попадин Дол кај институтот за тутун, Ракида кај Тројаци и други). Од VIII до VI век п.н.е. (во култура на железна доба по т.н. халштат) може да се следи развојот на населбите и во нашата котлина. Такви се три градишта околу селото Скочивир високо во масивот Кајмакчалан: Марково Кале, 1106 метри надморска висина; Градиште, 1370 метри надморска висина и Паталинско Кале. Последното е најголемо од сите познати, со површина од 130 x 180 метри, покриена со бројна железнодопска керамика, окружена со природен прстен од стрмни карпи на кои со делумна доградба ја претвориле оваа населба во тврдина, Кула (1493 метри надморска висина), Градок – високо над кањонот на Црна Река (820 метри надморска висина) 4 километри североисточно од село Чаниште, Цепен – на јужните ограноци од Селечка Планина, североисточно од Брод, Кула (1430 метри надморска висина) северно од село Древеник. Повисокото планинско подрачје покриено со пасишта и шуми, дозволува само одгледување на стока. Напуштањето на поудобното рамничарско подрачје предизвикано од климатските прилики во котлината, е нужно зошто летата се суви и во низинските предели нема вегетација. Овој начин на стопанисување е потполно во склад со родовското уредување и во нашите подрачја ќе потрае уште неколку векови.

Ова е проследено и со обичајот на погребување, каде е запазен односот на гробовите во тумулот, гробот на старешината на родот е на централно место во некрополата.

Во следните векови – архајски период, населбите претрпуваат голема промена. Непристапните сурови подрачја се напуштаат. Никнуваат нови населби над самата рамница и на дофат на големите патишта кои проаѓаат низ рамницата. Ова е во склад со коренитите измени во стопанисувањето на жителите на овие населби, каде земјоделието сега е примарно за сметка на сточарството. Овие населби ќе го продолжат својот живот се до римско време: Пешта кај Градешница – рамна седиментна плоча со потполно вертикални страни, наднесена на Градишка Река доминирајќи над незината долина.

Интензивно населувана OPPIDA, била најголема населба во предримската епоха во пошироката околина. Горна Црква, Зовиќ – поставена мала населба на помал рид со стрмни падини. Оваа и предходната населба имаат во непосредна близина некрополи кои претставуваат најстари прагови на животот на овие места. Бошковка кај Рапеш, мала населба како предходната. Бедем кај Чепигово, најстарите наоди на ридчето кое се издига осамено во рамницата над устието на рекичката Блато во Црна Река, припаѓаат на архајскиот период. Од овој период е и основањето на населбите: Градиште – Граиште, Кале – Бучин, Долиште – Прилепец. Сите овие претставуваат по својата положба на теренот оној тип на населби, за кои во хеленистичко време ќе употребуваме назив Полис.

Трагите од класично – хеленистичкиот период во котлината се неспоредливо побројни од предходниот период. Од целокупниот број регистрирани антички населби и некрополи (околу 500), многу помал број е истражено. Првите, доцно архајски сребрени монети, ретки се во Пелагонија, иако трако – македонското подрачје само во периодот од последните децении од VI век п.н.е. до околу 480 година п.н.е. обилува со свои ковници во близу 30 полиси и многу неодредени емисии на архајско – македонски монети, кои ги ковале безимени градови. На северозапад од овие подрачја, заради раните и силни трговски врски, монетите од овој период стигнуваат и во пајонските и илирските земји. Архајски примероци од градот Ихна и Менде стигнуваат до северна Пелагонија, во Прилепец. Атински тетрадрахми со архајски стил исто така стигнуваат во Прилепец, и тетрадрахми од Клендерис – веројатно од истото наоѓалиште. После оваа серија и по еден мал прекин следи посилниот бран.[26] Паѓа во очи масовната појава на монети од времето на Филип II и постојаниот тек на грчко – македонски монети до времето на Јулиевците – Клавдиевците. Овој податок кажува дека подрачјето на Горна Македонија паѓа под власта на Македонија, а тоа значи нашата котлина и областа Деуриопос кој во тоа време влегувале во составот на Пајонија. За тоа има потврда зошто во македонско – пајонските војни Пелагонците не се спомнати. Единствен помен за нив наоѓаме од пред времето на Филип II (359 – 332 година п.н.е.) и тоа на два антички пишани камени споменици кои фрлаат малку светлина за политичките прилики во тоа време. Едниот од нив е од 365/4 година п.н.е., во него се споменува еден пелагониски базилеј, чие име не е сочувано. Нему атињаните му доделиле државно гостопримство (проксенија и еуергенсија), а две години

[26] Иван Микулчиќ, Стремеж, број 13, 1973 година, 64.

подоцна 363/2 година п.н.е. пофален е со јавна одлука на еклесијата како еуергент на атинската држава Меналаос Пелагон, за дадената воена и финансиска помош на атинскиот стратег Тимотеј, во војната против Халкиѓаните и градот Амфиполис. Овие натписи се од големо значење, зошто дознаваме дека Пелагонците во овој период имале своја посебна политичка – територијална заедница, на чело со Базилеј, тоа значи не биле подчинети на јужните соседи Линкестите. По неколку успешни војни на Филип II, пајонските подрачја (споменати како северни соседи на Македонија) паднале под негова власт, осигурувајќи ја со тоа северната граница од честите упади на илисрските племиња. Заземаќи ги овие области Филип II сигурно и ги утврдил. Тогаш е подигната и утврдена Хераклеа Линкестис, како бастион против упадите на Дасаретите, или пак ја подигнал можеби како потпора за воена и културна експанзија. Утврдувањето се наоѓа на местото каде од Пелагонија, Егнатискиот пат свртува во бочната долина на Драгор кон запад и понатаму преку Ѓавато води за Дасаретија, а кон север почнува патот за Стоби кој ја сече Пелагонија во правец југ – североисток. Видливо е да Хераклеја била на прагот на пелагонците на север и на дасаретите понатаму на запад, држеќи ги истовремено под контрола линкестите во позадина. Секако дека сеуште постола недоверба према овие горномакедонски сродници кои со векови се спротивставувале на Долно Македонската хегемонија.[27] Аналогно на ова Филип II или некои од неговите наследници, ги обезбедил веројатно и приодите кон Пелагонија од север, Дебрешкиот премин, премините преку Бабуна, Плетвар (кој бил од поодамна користен како најпогоден премин кон Вардарската долина и Пајонија). Во рамките на овие размислувања треба да се споменат и двата кастели – утврдувања од класичниот – хелинистички период во селата Жван и Железнец, кои се подигнати на меѓусебно растојание од 8 километри на самата излезна врата од долината на горниот тек на Еригон, према соседните Пенести и Дасарети. Нашите населби во Пелагонија можат со својата големина (Маркови Кули – Варош, Тумба – Зовиќ) и во група на градчиња кои се истакнуваат по своите значајни наоди (Еленик – Мојно).[28] Во категорија полиси ги групираме населбите кај Чепигово, Бучин и Граиште.

Со натамошниот развој на стопанството кое од класичниот период наваму му го препушта приматот на земјоделието, а со него доаѓа до засилување на новите стопански

---

[27] Иван Микулчиќ, Стремеж, број 13, 1973 година, 64.
[28] Иван Микулчиќ, Стремеж, број 13, 1973 година, 66.

гранки (занаетчиството и трговијата), овие населби „градови" постануваат непотполни. Порастот на овие населби и недоволното искористување на околното земјиште ги присилувало жителите да ги напуштаат заштитените височинки и да формираат исклучиво земјоделски населби – села. Развојот на занаетчиството и трговијата влијаат се повеќе на физиономијата на утврдените градови како на трговско – занаетчиски центри, за кои пак сега со повеќе оправдување можеме да употребиме име – „град".

Ова разграничување кај нас можеби се случува на преодот од III во II век п.н.е.. За урбаното уредување на населбите не станува збор пред хеленистичкиот период, но и тогаш не ограничува само на неколку поважни населби. Ова е резултат и на земјоделско – сточарската структура на стопанисувањето, силни традиции на племенско уредување, рано формирање на централистичко – политичка власт во личноста на базилеи која и предходела на појавата на градови како занатско – трговски центри, тешко да допуштале некоја поголема самоуправа на овие населби (политеја). Можеби кон крајот на III век п.н.е. Македонија веќе била поделена во општини со извесна градска самоуправа.

Некои поважни градови продолжиле после римската окупација со истите функции, но повеќето низ вториот и првиот век п.н.е. опустеле, а малите земјоделски неутврдени населби ги преживеале овие немирни времиња и станале носители на економската моќ. Оние градови кои ја преживеале оваа епоха, да би егзистирале и понатаму низ епохата на Царството, морале да се прилагодат на новите услови на стопанисување и новите урбани барања. Тежиштето сега и центарот на градот со сите јавни институции се прошируваат послободно во подножјето на возвишението на кое бил поранешниот полис, кој сега има второстепено значење (Стибера, Керамиа, Пелагонија). При навлегувањето на римските војски, нашата котлина ја има многу значајната улога. Како погранична област преку нејзината територија римјаните со помош на соседните илири вршат продор према југ.

Во архитектонски поглед за овој период значајни се два градежни објекти: Градиште кај Дебреште, каде се подигнати одбрамбени ѕидови со кули и две капии на површина од 2 хектари. Стамбените згради се со еднаква ориентација (з – и) паралелно поставени во правоаголен систем на населбата. Тие се со мали димензии, тесни и долги, темелите и долниот дел од ѕидот градени се од камен врзан со кал, а преостанатиот дел со непечена тула. Кровната конструкција е од дрво покриена со органски материјал. Втор објект е Градиште над Црнобуки. И ова е резулат на посебното внимание кое Филип V и

го посветува на Пелагонија. На овој објект преземени се огромни градежни зафати, платото на акрополисот е беспрекорно нивелисан, што барало големи земјени работи, и претставува единствен случај во котлината бидејќи овој зафат далеку ги преминува рамките на месните или локалните сили и потреби. Оваа утврдена полисма подигната некаде во времето на Филип V и Персеј можеби е градот Персеида во областа Деуриопос, кој го споменува Ливиј.

Августовото време (27 година п.н.е. – 14 година н.е.) делумно претставува пресвретница на две епохи, иако хеленистичките културни текови континуирано течат и понатака. Во животот и стопанството во Македонија има извесно освежување, и тоа по пат на колонизирање на ред градови кои го имале изгубено своето значење, и тоа уште 30 година п.н.е.. Римски заедници (населување на ветерани) од времето на Август или нешто подоцна се споменуваат на натписи во Стибера, Хераклеја и Пелагонија. Тоа кажува дека и нашата котлина не е исклучена од овие политички промени во Македонија.

Од времето на династијата на Флавиевците (69 – 96 година од н.е.) има виден напредок во развитокот на одделни градови, како и во културниот и стопанскиот живот. Ова поочито е во времето на Антонините (96 – 192 година од н.е.) што се гледа како во градовите, така и во помалите населени места – селата.

Во втората половина од III век од н.е. во Римското Царство се случуваат големи потреси. Периферните делови на царството се пустошат од провали на варварски племиња. Пелагонија нема да остане поштедена од овие превирања. Животот изгледа прекинува засекогаш во Стибера и Алкомена. Продолжува животот во Керамија (Варош), во Прилепец и Бонче (Пелагонија). Изникнуваат ред мали населби или пак групи од куќи кои егзистираат подолго или пократко време. За имињата на поголемите населби и градови во нашата област во времето на Доцното Царство, во сочуваните историски извори многу малку знаеме. Од римските итинерарии дознаваме само за Стибера и Керамија. Од епиграфскиот материјал дознаваме за постоењето само на Алкомена, Колобаиса и Достонеи (Пештани). Хиерокловиот синегдем (од почетокот на VI век од н.е.) меѓу осумте градови во V век од н.е. во провинцијата Македонија Секунда, предходно Салутарис ја става и Пелагонија. Меѓу стотина регистрирани доцно антички населби во прилепско можат да се назначат само неколку урбани комплекси во ранг на полисма која

се протегала на повеќе хектари површина (Варош, Десово, Долнени, Норово, Слепче, Витолиште, Ракле, Дреновци, Горно Село, Небрегово, Вранче, Тројаци, Турско и други).

Во Мариовскиот крај во плодните котлини се наоѓаат голем број населби од ова време. Станува збор за посилен економски, политички и културен развиток на овој крај од првата половина на IV век од н.е. – најголем број на антички споменици произлегуваат токму од овој период.

Основните стопански гранки за ова подрачје и понатака се земјоделието и сточарството. Сопствениците на имотите куријали (најбогатиот слој на градското население), почнуваат почесто или постојано да живеат на имотите, со цел да го контролираат производството кое опаѓало како резултат на незадоволството на робовите и колонистите за производство, па има зачестена појава на селски имоти (во прилепскиот крај се откриени околу десетина).

Како значајна дејност, кога се работи за споменатите области Мариово и Демир Хисар е и рударството и металургијата. Во времето на Теодосие I (379 – 395 година од н.е.) како највисоки службени лица во државната администрација на провинцијата Македонија задолжени за рударство, се споменуваат procurators matallorum.

По релативно високиот економски просперитет на почетокот од IV век од н.е., во текот на втората половина на истиот следи постепено опаѓање: опаѓање на градовите, зголемување на земјишните имоти и преоѓање кон натурално стопанство. Има индиции дека населението е проретчено. Во овие времиња кога христијанството добило статус на службена религија во Царството, има знаци на припадност на поединци кон неговото верување. Типичното паганско спалување на умрените (crematio) е заменето со директно погребување (inhumation). Гробовите се поставени, главно во ориентација запад – исток, по конструкција се многу едноставни: најчесто се направени од широки црепови (tegulae), поставени во форма на покрив на две води, надолжно над погребаниот. Чести се и правоаголни цисти од камен и мермерни плочи, како и погребување на истакнати покојници во мали мавзолеи. Меѓу овие промени населението на овој крај низ целиот IV век од н.е. сепак било интимно врзано за паганството.

Низ периодот од V и VI век од н.е. Римското Царство полека но сигурно пропаѓа. Постојано мора да ги брани своите големи граници од почестите варварски навлегувања.

# CIVITAS PELAGONIA

Споменато е во текстот дека Пелагонија во четвртиот век п.н.е. е одвоена политичка заедница на чие чело е Базилеј, а тоа значи дека не е во рамките на Линкестида или во рамките на Кралството Македонија. За време на јакнењето на Пајонската држава и честите војни кои Филип II и неговите наследници ги водат со оваа соседна земја, Пелагонија политички е веројатно во нејзин состав, како автономна област.

Со римската окупација (168 – 146 година п.н.е.), Македонија е поделена на четири дела (мериди), а Пајонија, во чиј состав е и Пелагонија распарчена е помеѓу втора, трета и четврта мерида, и од тоа време не постои како географски поим. Со образувањето на градски општини или племенско – муниципални единици во рамките на римското провинциско уредување, Пелагонија повово се појавува во историска светлина и влегува во четвртата мерида. Во рамките на природните, веројатно и етнички граници на котлината одвоени се две помали административни територии, Линк и Деуриопос, а останатиот дел – подрачјето населено на источниот раб на рамницата со понискиот планинско – висорамнински дел позади, југоисточно останува како Пелагонија, а тоа име го носи и градот кој е средиште на четвртата мерида и добива муниципално уредување, посведочено на натписи од Царско Доба.

Во врска со лоцирањето на градот Пелагонија, кој после римската окупација е седиште на споменатата административно – управана област, постојат повеќе мислења но сеуште нема сигурни податоци за разрешување на проблемот. Постоењето на град со вакво име е потврдено со повеќе податоци. Први нецелосни извори имаме од Полибиј и Ливиј во врска со македонско – римските војни. Кај нив Пелагонија се појавува повеќе како географска област одошто како етнички поим. Дали Пелагонците во повеќе вековната политичка и културна заедница со Пајонците, а заедно со овие во рамките на Македонија од времето на Филип II па натаму, успеале да ја зачуваат етничката посебност? Поедини дотогаш несамостојни области (области кои ја изгубиле својата независност во времето на македонскиот експанзионизам) доаѓаат до поголем израз. Или тоа повторно враќање на историска сцена е само техничко решавање на проблемот во политичко – административното уредување на римските провинции.

Мислењата на постарите научници да Пелагонија треба да се идентификува со Хераклеја, се од порано одфрлени како неосновани. Тие мислења се засновани на средновековната идентификација на Пелагонија со Хераклеја. И. Венедиков одфрлаќи го ова традиционално сваќање, погрешно го лоцира градот на сливот на Еригон во Аксиос. На ова укажува со право Фанула Папазоглу,[29] бидеќи поимот Пелагонија во време на доаѓање на римјаните не е идентичен со Пелагонија од Царско Доба. Од податоците кои ги добиваме од Полибиј (200 – 120 година п.н.е.) за походот на Филип V против илирите 217 година п.н.е. заклучува да *„Пелагонија во тоа време мора да допира до Илирска Дасаретија''*, и градот не смее да се бара само околу долниот тек на Еригон како и тоа да Полибиј јасно ја разликува Пелагонија од Пајонија, во која се наоѓа градот Билазора. Оној дел на Пелагонија за кој говори Полибиј неможе да биде околу Стоби и Аксиос. Ливиј ја споменува Пелагонија и во врска со поделбата на Македонија (167 година п.н.е.). Тогаш Пелагонците, заедно со Линките и другите горномакедонски области, влегле во Четвртата македонска мерида, чиј центар постанала Пелагонија.[30] По аналогија со останатите мериди треба да се заклучи да кај Ливиј, како и кај Диодор, подразбираме главен град на оваа област. За време на римските освојувања, Пелагонија граничела на југ со Линк, на запад со Дасаретите и Пенестите. Сливот на Еригон и долината на Аксиос, не и припаѓале на Пелагонија. На вакво мислење е и Иван Микулчиќ,[31] кој вели да освен еден дел од областа Раец тешко да некогаш биле приклучени деловите кои се простирале преку ненаселениот планински појас понатаму на исток од веќе споменатата источна граница на нашата котлина.

Пелагонија се споменува на неколку места кај Страбон (63 – 19 година п.н.е.) како област на Еригон, во соседство на Деуриопите и Линкестите. Во Страбоновиот податок во врска со поделбата на Македонија (167 година п.н.е.) како седиште на Четвртата мерида се појавува Пелагонес, а не Палагонија како кај Ливиј и Диодор, а веројатно овој историски податок потекнува од некој постар извор и не е карактеристичен за времето на Страбон.[32] Фанула Папазоглу интерпретира еден текст на Страбон,[33] каде безимениот град го идентификува со Пелагонија. Во однос на ова, Иван Микулчиќ приметува да авторот иако

[29] Фанула Папазоглу, Македонски градови у римско доба, 201.
[30] Фанула Папазоглу, Македонски градови у римско доба, 203.
[31] Ivan Mikulčić, Pelagonija u svetlosti arheoloških nalaza od Egejske seobe do Avgusta, 1966 година, страна 70.
[32] Фанула Папазоглу, Македонски градови у римско доба, 204.
[33] Фанула Папазоглу, Македонски градови у римско доба, 206.

оправдано реагирала на ставот на И. Венедиков, скоро да паѓа во истата грешка со интерпретацијата на еден искривен дел во текстот на Страбон. Лоцирањето на градот во областа на Раец и понатаму на исток до вливот на Еригон во Аксиос (до Стоби) не треба да се бара, заради комуникативната отсеченост на оваа област од соседното Мариово, а повеќето утврдени населби кои се доволно познати не даваат аргументи кои ќе ги вбројат во рамки на полис,[34] поготово не град кој би бил седиште на една Мерида, економската подлога на оваа област и премногу е слаба.[35] Тоа важи и за северниот дел на Мариово, од левата страна на брегот на Еригон, каде по Фанула Папазоглу најнапред треба да се лоцира градот. Неколку населби од класично хеленистичка епоха (Чаниште, Гудјаково, Рапеш, Крушевица и Кален) од кои сите не продолжуваат континуирано да живеат и низ римската епоха, но и по големината и значајот неможат да се вбројат во рангот на полис.

Цивитас Пелагонија е посведочена на повеќе војнички натписи од времето на Раното Царство. На овие епиграфски споменици запишана е Пелагонија, како роден крај на ветераните, и Триба Maecia, со што наполно се исклучува можноста градот Пелагонија да се идентификува со Хераклеја, чии граѓани влегувале во Триба Fabia. Овие натписи потекнуваат од места каде војниците служеле во римската војска или пак онаму каде биле како ветерани дедуковани. Најран натпис најден е во Салона од пред 42 година од н.е., надгробен споменик на Гај Јулие Бас од I век од н.е. најден во мариовската област, а останатите потекнуваат од Рим, Аквиниум на Дунав и Ламбези во Африка кон крајот на I и II век од н.е.. Фанула Папазоглу посебно внимание обрнува на натписот кој се мислело да е најден блиску до Стоби,[36] а се однесува на споменатиот Јулие Бас, роден во Пеалгонија, служел во VIII-та Августовска легија која престојувала во Горна Мезија између 45 и 69 година од н.е.. Споменатиот автор кој користи една белешка, дека овој натпис е најден во мариовската област (како точно одреден географски поим) и додадено е дека истиот е најден на брегот на Еригон недалеку од Стоби во правец на Битола, истиот заклучува дека таа територија не е околу Стоби, туку во дел од мариовската област која е поблиску до Стоби одошто до Битола. Понатака истиот автор мисли да споменатиот војник после одслужените 25 години, како ветеран се вратил во татковината, а према тоа во близината на местото каде е најден неговиот натпис треба да се бара градот, и повторно

[34] Ivan Mikulčić, Pelagonija u svetlosti arheoloških nalaza od Egejske seobe do Avgusta, 1966 година, страна 71.
[35] Ivan Mikulčić, Pelagonija u svetlosti arheoloških nalaza od Egejske seobe do Avgusta, 1966 година, страна 71.
[36] Фанула Папазоглу, Македонски градови у римско доба, 216.

алудираќи на веќе споменатиот податок на Страбон. За локацијата на градот на ова место, веќе е речено дека нема оправдување, па и несигурните извори за точното место каде е најден натписот, а уште повеќе да се поврзува со недоволно јасниот текст на Страбон каде веројатно не споменатиот град (Стоби се заменува со Пелагонија) никако не може да биде Пелагонија. Овие војнички натписи засега не овозможуваат точна локација, но одат во прилог на постоењето на Цивитас Пелагонија, во првите векови на Царството, чии граѓани со стекнување на римско граѓанско право влегувале во Триба Маеcia. На овие натписи, како и некои историски и географски извори, неможе со сигурност да се потврди дали под името Пелагонија се подразбира град или пак поширока една област со повеќе населби, односно, административна единица со муниципално уредување. Како резултат на римското уредување во Македонија 167 година п.н.е., од Пелагонија се одвојуваат поедини области, па не е исклучено и Пелагонија да е организирана во една Civitas, што би одговарала на извештајот на Страбон кој се однесува на положбата на Македонија, а каде зборува за Пелагонес, наместо Пелагонија како кажува Диодор (Diodoros I век п.н.е.) и Pelagonia по Ливиј. Спомнавме дека е можно кон крајот на III век п.н.е. Македонија веќе да била поделена во општини со извесна градска самоуправа. За нашата котлина може да важи тоа само за неколку такви градови. Во Македонија градскиот живот постепено го потиснуа старото племенско уредување одма после римската окупација, а многу градски центри замираат, да би повторно постигнале поголем развиток во Царско Доба.

Во Македонија сигурно постоле општини – Civitates, во кои жителите растурени во повеќе помали населби, имале муниципално уредување, со заеднички магистрати, собранија и совет, а населбата која била седиште на тие заеднички управни органи не можела да се одвојува од останатите, и општината го носела името на племето односно областа. Тој преоден период од племенско кон градско уредување се случувал по римската окупација секаде каде немало градови, веројатно подолг период. Тоа можеби се случувало и со Пелагонија, кога постепено главниот административен центар, градот Пелагонија прераснал во голема урбана средина и се истакнувал од останатите населби.

Во врска со споменувањето на Пелагонија од страна на Зосим (втора половина на V век од н.е.) кај кого не е споменат градот Пелагонија, но списокот на македонските градови не е потполн. Тоа што тој Стоби и Аударист ги вбројува во пелагонски градови не треба да збунува. Пајонија со поделбата на Македонија, распарчена почнува да се губи

како етнички и географски поим, а некои пајонски племиња (Астраи, Иори), се појавуваат како самостојни области. Пелагонија исто така излегува од анонимноста покрај поголемиот сосед со кој дотогаш етнички и географски се поистоветувала. Сега пак, Пајонија ја снаоѓа таквата „судбина”. Последниот помен на оваа област е врзувањето на Пајонија за градот Добер кај Птоломеј, а Фанула Папазоглу мисли дека во Царско Доба тој поим сосема исчезнува.[37] Оној тесен појас западно од Аксиос до планинскиот пограничен дел со Пелагонија, почнал да се вбројува во Пелагонија.[38] Зосим (втора половина на V век од н.е.) користејќи ги сигурните извори првенствено од Дексип, современик и учесник во војните против Готите 268 година од н.е. ја споменува Пелагонија. Варварите ги напуштаат опседнатите градови Касандреа и Тесалоника, дознавајќи дека во пресрет им доаѓа Царот Галиен со војска, и одат кон внатрешноста, каде ги опустошиле областите околу Добер и Пелагонија. Овој веродостоен податок исто така неможе да докаже со сигурност дали е тоа град, а не област, иако првото е најверојатно со оглед да е Добер град.[39] И натаму истиот автор заклучува и двата града морало да се наоѓаат во близина на вардарската долина, по која Готите оделе према Ниш. Што може да се подразбере во близина на вардарската долина освен источно планинските ограноци со кои нашата котлина се граничи со соседните области. Ако условно, географски ја припишеме областа Раец до Дреново кон Мариовската област, што значи кон Пелагонија, тогаш градот Пелагонија треба да се наоѓа во непосредна близина на долината на Аксиос, лево од реката Еригон во областа која никако неможе да биде географски врзана со Пелагонија. За ова тврдење го земаме во предвид мислењето на Иван Микулчиќ кое е веќе изнесено.[40] Најдоцниот помен за Пелагонија и како најсигурно сведочење за постоење на градот, е податокот од Хиерокловиот Синегдем, каде Пелагонија е забележана како град во провинцијата Македонија Секунда, позади Стоби, Арг и Аистраион – градови на Аксиос и во негова близина. И овој податок за Фанула Папазоглу е потврда за лоцизирање на градот околу долнит тек на Еригон.

Од досега изложеното, одредени мислења на Фанула Папазоглу, како една од првите која посериозно се позанимавала со овој проблем треба да се анализираат и на

[37] Фанула Папазоглу, Македонски градови у римско доба, 208.
[38] Фанула Папазоглу, Македонски градови у римско доба, 208.
[39] Фанула Папазоглу, Македонски градови у римско доба, 208.
[40] Фанула Папазоглу, Македонски градови у римско доба, 208.

крајот да го изнесеме и поновото мислење на Иван Микулчиќ. Ако долниот тек на Еригон од левата страна на неговиот тек (северен дел на Мариово), околу селата Рапеш, Мојно, Бонче, има голема концентрација на помали населби од кои животот во повеќето од нив тече непрекинато низ античкиот период, но истите не може да го заземат местото на ранг на полис ни по големината, ни по значењето. Тоа важи условно и за областа Раец. Во најтесниот појас западно од Аксиос неможе да се размислува за лоцизирање на градот.

Птоломеевиот податок укажува на тоа да Стоби и Аударист се во Пелагонија, но не онаа каде треба да го бараме и градот. Зосимовиот податок може да се однесува за Пелагонија како град, но нетреба да се изведува заклучок дека двата града мора да се наоѓале во близина на вардарската долина. Ако за Добер (Струмица) може да се рече дека е во близина на долината, градот Пелагонија било каде да се лоцира на север од маривската област не е во близина на истата. Ако се земе во обзир и географската отсеченост на котлината, градот ниту е блиску ниту може да биде надвор од нејзините природни граници. Иван Микулчиќ напоменува дека Фанула Папазоглу - *„Во врска со тоа прашање алудира и на топоними со име град и градиште во витачко – кавадаречката област долж реката Црна Река“.*[41] Поконкретна локација за градот има изнесено и Иван Микулчиќ, и неговото мислење засега иако не е научно потврдено заради недоволни археолошки истражувања, не е исто така засега ниту оспорувано. За разлика од досегашното разгледување на овој проблем на основа пишуваните извори, епиграфски и археолошки наоди и одредени претпоставки за овој проблем, Иван Микулчиќ го насочува проблемот кон етничко културното јадро на потесна Пелагонија, долж источната периферна рамница, по горниот тек на Еригон како и левата страна на реката, ако овие два предуслови се воопшто неопходни, иако повеќе пати за нив се инсистира.

*„Ако ја погледнеме картата на наоѓалишта паѓа во очи значајна концентрација на населби во средишниот дел на ова подрачје, концентрација која далеку ги надраснува сите други региони во оваа котлина и континуирано тече од хеленистичкиот период (односно порано) до доцната антика кога повеќеструко се зголемува“.*[42] Непрекинатиот синџир од хеленистички полисми од Балдовенци на југ, преку Суводол, Арматуш, Путурус, Мојно, Подмол, Бонче, Прилепец, Крушевица, (Кален и Рапеш во непосредна

[41] Ivan Mikulčić, Pelagonija u svetlosti arheoloških nalaza od Egejske seobe do Avgusta, страна 70.
[42] Ivan Mikulčić, Pelagonija u svetlosti arheoloških nalaza od Egejske seobe do Avgusta, страна 71.

позадина) до Плетвар, Маркови Кули, Трескавец и Горно Село на север да се ограничиме само на тој дел во секој случај е повеќе од маркантен.[43]

Остатоците на голем град – полис од архјскиот до доцно античкиот период на месноста „Долиште” кај Прилепец, со која не може да се споредува ниту една друга населба во потесна Пелагонија – *„Заслужува пред сите, ако не и единствено, да ја изедначиме со градот Пелагонија”.*[44] Костадин Кепески напоменува за можното решение на локацијата на градот меѓу селата Прилепец и Волково на благата падина – локалитет Долиште чие постоење е посведочено на споменатите војнички натписи, и за кое вели – *„дискретно се произнесуваат и неколку стручњаци кои се занимавале со оваа проблематика”.*[45] Подрачјето на селата Прилепец и Волково, поставено на средишниот дел, долж источната периферија на рамницата е најбогато со наоди од архајскиот, хеленистичкиот период па се до доцно античко време. Наоди од архитектонски објекти, мермерна пластика, накит и најповеќе монети, зборуваат за постоење на еден полис.

На падините од северните огранoци на Селечка Планина, како и рамничарскиот дел меѓу двете села, многубројни се локалитетите (Долишта, Марков Ѕид, Камберица, Корита, Безистен). Од досегашните откриени споменици и случајни наоди не е познато името на овој град, па е потребно време да би се потврдило мислењето дека тука е градот чија локација ја бараме, бидејќи не се досега преземени никакви систематски истражувања на ова подрачје кое засега дава најрепрезентативни наоди. Најмногубројни наоди се метални фибули (од сребро и бронза) од типот – малоазиски фибули (локалитет „Безистен” - некропола, веројатно четврти и трети век п.н.е.) кои се карактеристични за цела котлина. Наодите од фрагментирана керамика, како и цели садови се многубројни (кантароси, килики, скифоси, пиксиди и друго), премачкани со црн или црвен фирнис, често на нив забележано е името на мајсторот или на работилницата. Оваа керамика најверојатно импортна (Халкидик) украсена со пластични орнаменти со вегетабилни или животински мотиви изработени во рафинирана техника и квалитет. На едно пробно ископување пред војната биле откриени архитектонски делови од згради и доста обработени мермерни елементи што дава можност на помисла за постоење на некаква јавна зграда. Најчестите

[43] Ivan Mikulčić, Pelagonija u svetlosti arheoloških nalaza od Egejske seobe do Avgusta, страна 71.
[44] Ivan Mikulčić, Pelagonija u svetlosti arheoloških nalaza od Egejske seobe do Avgusta, страна 71.
[45] Фанула Папазоглу, Прилеп и прилепско низ историјата, III, II, 57.

наоди на монети, зборуваат за непрекинат живот на ова место околу еден милениум, што зборува за големината, богатството и развиените трговски врски на овој голем град.

Покрај еден ваков економски – културен, а во римско време и политичко – административен центар, постоењето на тврдината на Марков Ѕид е разбирливо и очекувано. Сместена на еден километар источно од Прилепец претставува заштита на ова подрачје, кое со локален пат е поврзано преку Достонеи, планинскиот превој Писокал со областа Раец односно на главниот пат Хераклеа – Стоби. Случајниот наод на една остава со сребрени тетрадрахми, најдени во 1956 година на локалитетот Долишта на длабочина од три метри, од кои се спасени 208 парчиња – одкупени од Народниот музеј од Прилеп и кои се чуваат во Археолошкиот музеј во Скопје: 137 тетрадрахми од Александар III, 10 од Филип III Аридеј, 15 од Деметриј, 19 од Лизимах, 6 од Селеук и 20 Атички. Најбројни се тетрадрахмите од Александар III, кои на аверсот го носат ликот на Херакле, чија глава е покриена со лавовска кожа, на реверсот Зевс кој седи на престол со скиптар во левата рака, а во десната орел, под неговиот лик стојат иницијалите на ковницата. Кај овие монети дознаваме дека се ковани во Крит, Пелопонез, Македонија, Тракија, Мала Азија, Сирија, Феникија, Палестина и Вавилон. Тоа е времето од 336 до 280 година п.н.е.. Пелагонија, односно Античка Македонија во тој период имала стопански односи на широк простор до каде досегала Александровата држава.

## К Е Р А М И Е (Ceramiae)

Поголема населба во северниот дел на котлината, на источната незина периферија е лоцирана под карпите на Маркови Кули – Варош. Тоа е една мала населба – Полисма, распространета на падините под Маркови Кули и платото Заград во северното подножје поставено под него. Живее низ целата античка епоха. Од досегашните испитувања на ова подрачје и околината, откриени се повеќе наоѓалишта – некрополи од разни периоди на античката епоха (Маркови Кули, Заград, Дабоич, околу Црквата Свети Атанас) и местото Под Кули каде е откриена мала некропола која била користена во времето на Филип II и после него. Откриената некропола, не е целосно истражена, од испитаните дваесетина гробови и јасно е дека сите се скелетни, гробните конструкции се направени од кршен камен или директно вкопани во здравицата и поставени плитко под земјата, заради што и биле многу оштетени, веројатно и ограбени. Ориентацијата е во правеец исток – запад, во кои се најдени доста прилози: садови од фино прочистена и печена глина, од кои еден кантарос, премачкан со црн фирнис украсен со бело обоени гирланди од ситни игличести ливчиња. Во истиот гроб најден е и долен дел од кантарос, исто со црн фирнис, како и еден украсен предмет од глина со форма на зрнест плод, позлатен целиот. Во останатите гробови најдени се исто така репрезентативни садови: неколку лакримариуми, чаши, плитки чинии, премачкани со црн фирниз и садови со по една или две дршки. Во еден од гробовите најдени се садови од бронза – фрагменти, врв од железно копје и повеќе железни предмети, како и делови од златен накит. Сите украсни предмети – златни, биле изработени од танок златен лим на кој се нанесени вегетабилни орнаменти изработени во техника на филигран. Сите овие предмети укажуваат на време на завршетокот на IV век п.н.е.. Откриените неколку монети пак тоа само го потврдуваат: најрепрезентативна е бронзената монета на Филип II како и неколку од Деметриј II (239 229 година п.н.е.).

На картата со сообраќајници (итинерара) Tabula Peutingeriana забележани се повеќе патишта кои проаѓаат низ Македонија: Scupus – Stopis (Скупи – Стоби) кој продолжува према Солун. За нас е значаен патот кој се дели од главниот пат кај Градско – Стоби и се врзува со Хераклеа Линкестис (Битола) на Егнатискиот пат. На овој пат по картата се назначени овие места : Stopis XII Euristo XIII Ceramis XI Heraclea.

Уште пред војната Никола Вулич се обидува да разреши некои проблеми за локацијата на античките градови на просторот на денешна Република Македонија (античка Горна Македонија).

Немајќи доволно археолошки траги заради тогашната мала истраженост на овој простор, Вулич дава некои мислења и претпоставки првенствено на основа на грчките и латинските епиграфски натписи. Вулич признава дека за населбите на патот између Стоби и Хераклеа можеме само да нагаѓаме каде биле на основа на нивното меѓусебно растојание кое ни го дава Табула Поитингеријана, *„зашто инаку за нив не знаеме ништо".*[46] Меѓутоа тој приметува дека растојанието на тој пат, Стоби – Хераклеа, изнесува 47 милји (околу 70 километри) иако стварната раздалеченост е околу 100 километри. Како досега, повеќе научници се сложуваат околу овој проблем, треба да се верува дека една населба е изоставена во оваа табула – на овој пат била Styberra (Стибера), и доколку ја присобереме разликата од Стибера до Хераклеа тогаш би ја добиле вистинската раздалеченост меѓу двете крајни точки. Оваа претпоставка се заснова и на податокот кој кај Географот Равенски (околу 800 година од н.е.) покрај местата кои ги споменува Табула, спомената е и Стибера. По далечината од 12 милји (18 километри) Еударист можел да биде кај Дреново, каде има грчко – римски трагови, а Керамие (Ceramis) или кај Маркови Кули или кај Прилепец, зошто на двете места има остатоци од римски населби.

Керамие према оддалеченоста од Стоби (36 милји – 55 километри), се лоцира некаде околу Прилеп, а оддалеченоста од оваа населба до наредната станица која сигурно е лоцирана, Стибера и која изнесува XI милји (16 километри) сосема одговара. Повеќето научници кои се занимавале со овој проблем ја лоцираат оваа населба кај Маркови Кули – Прилеп, на основа пишуваните извори, а и на основа откриената населба која ја преживеала целата античка епоха. Во денешната месност Заград покрај наоди од предримско време, на локалитетот Ташачица во 1965 година откриени се архитектонски објекти од римско време: зграда од термален објект со базени за вода и други придружни простории карактеристични за таков објект. Откриени се и монети од III и IV век од н.е. како и метална ситна римска пластика, керамиката, тегулите, укажуваат на постоење на поголема населба.

[46] Никола Вулиќ, Гласник С.Н.Д. XIX, 11, Скопје, 1938, 10.

Костадин Кепески, дава уште една можност за локација на Керамиа, на основа едно случајно откритие на бреговите на Оревоечка Река под денешната фабрика „Партизан", во близина на денешниот пат Прилеп – Битола. На тоа место откриени се поголем број печки за печење римски црепови (tegulae et imbrices), како вели Кепески – *„карактерот на наоѓалиштето соодветно го објаснува потеклото на името на античката станица Ceramis"*.

Ако оваа населба била меѓу Прилепец и Варош, што одговара на растојанието од 36 милји, а близината до денешниот пат за Битола – *„би била уште една потврда повеќе за ова мислење"*. *„Најверојатно овде се работи за станица на патот од типот mutation кој добил име според керамичкото производствено групирање во неговата непосредна близина"*.[47]

## КОЛОБАИСА (Κολοβαιση)

Од еден грчки натпис кој се чува во манастирот Трескавец (северно од Прилеп) дознаваме да некоја жена во местото Колобаиса ослободила некои свои робови, во таа населба, по тој натпис, божицата Артемида Ефеска имала свој храм.[48] Култот на Артемида бил силно раширен во овој дел на Македонија.

Фанула Папазоглу како и Никола Вулиќ, не ја исклучуваат можноста овој храм да се наоѓал на местото на денешниот манастир. Но Папазоглу приметува да на натписот неможе да се види дали станува збор за населба, зошто – *„светилиштето може да биде и во некое село"*,[49] а оваа своја претпоставка ја темели врз теренот на кој се наоѓа манастирот (над 1200 метри надморска височина). На ова мислење се спротивставува Иван Микулчиќ.[50] На Трескавец, на високото плато кое лежи во подножјето на Златоврв, лежат остатоци на една населба – полисма. Користеќи ги податоците од Бошко Бабиќ од прилепскиот музеј, Иван Микулчиќ укажува на населба која егзистирала во хеленистичкиот период (остатоци од масовни тесаници на одбрамбениот ѕид), а животот

[47] Костадин Кепески, Прилеп и прилепско низ историјата II, IV, 63.
[48] Никола Вулиќ, Географија, 13.
[49] Фанула Папазоглу, Македонски градови у римско доба, 223.
[50] Ivan Mikulčić, Pelagonija u svetlosti arheoloških nalaza od Egejske seobe do Avgusta, страна 71.

тука бил обновен и во текот на римското време. Тоа го потврдува и големата некропола во близина на населбата. Некрополата била на местото Гумење, на рамниот дел пред последниот успон кој води до манастирот, каде се откриени 16 гробови, од кои неколку од типот македонски гробници со ходник, трем и гробна камара, ѕидани од кршен камен и засводени. Овие гробници ориентирани се во правец исток – запад и се со поскромни димензии. Најдени се доста прилози: репрезентативни садови од развиениот хеленистички период (фрагмент од кантарос, чаши и грнења со една дршка од развиениот трети век п.н.е.). Во овие гробници, мртвите се спалувани, а остатоците, пепелта и гробните прилози биле сместувани во гробната камара. Покрај овие имало и гробови – цисти, градени од камени плочи во кои се ставале остатоците од спалените покојници. Во некрополата се најдени и наоди од I век од н.е. (надгробна стела и ситни керамички садови) што укажува да животот овде продолжил до времето на раното Римско Царство.

## Мариовската област и незините населби

Споменато е дека развојот на населбите може континуирано да се следи од периодот на полно железно време (VIII – VI век п.н.е.). Тоа се помали утврдени „Градишта'', сместени на потешко пристапните планински врвови, опкружени со планински пасишта во време кога основната стопанска гранка во животот на луѓето е сточарството. Такви се три градишта околу селото Скочивир во месностите Марково Кале, Градиште и Паталинско Кале. Следат Градок, североисточно од Чаниште и Џепен, североисточно од Брод. Во останатиот дел од нашата котлина (делот од Македонија) вакви градишта се познати кај селата: Древеник, Црнобуки, Цапари и Злокуќани. Од ова се гледа да Мариовската област уште најрано има голема концентрација на организиран живот, како просторна агломерација која географски како да претставува засебана и одвоена целина, која веројатно се должи и на погодните климатско – планински услови кои се погодни за живот. Следната архајска епоха, кога населбите се спуштаат на последните и најниски ограноци на периферните возвишенија од високите планини, над самата рамнина, настанува голема промена во типот на населбите. Во оваа област за овој период познати се населбите: Градиште кај Живојно, Пешта кај Градешница – најголема во предримски

период во пошироката околина, Горна Црква кај Зовиќ, Бошковка кај Рапеш. Овие населби го продолжуваат животот и низ класичниот и ранохеленистичкиот период. Во хеленистичкиот период се појавуваат и нови: Пешта кај Градешница, Еленик кај Мојно, Стари Лозја кај Рапеш, Горна Црква кај Зовиќ, Тумба кај Зовиќ, Градиште, Чебрен кај Зовиќ. Некои од нив, а што е потврдено со наодите на монети, го продолжуваат животот и во римско време: Градешница, Мојно, Рапеш, Горна Црква – Зовиќ. Во доцниот хеленизам и рано римскиот период, во оваа област регистрирани се повеќе населби – неутврдени, рамничарски: Лисичин Камен на 3 километри северно од Рапеш, Кутлиште – Подмол, Атанас кај Мојно, јужно од постарата населба на Еленик која веќе одумира, кај Витолиште, Црквиште кај Бонче, Ѕадла, северно од Витолиште и кај селото Пештани.

Мариовската област, како вели Фанула Папазоглу претставува малку испитана област во Македонија и област во која треба да се бара градот Пелагонија. И покрај остатоците на многу населби во оваа област кој укажуваат дека овој планински крај, бил доста населен во античкиот период засега немаме многу идентификувано од нив. Бидејќи од историските извори немаме податоци за постоење на населби – полисми на ова подрачје, освен за една, неможе да бараме локација на некој поголем град – полис, од (како е порано спомнато) причина што економската подлога на овој регион е ограничена. Покрај погодните услови за сточарство и ограничените можности за земјоделска дејност, овој дел од нашата област е богат со руди, но нема доволно податоци до која фаза се развила металуршката дејност овде.

## Д О С Т О Н Е И (Δοστονεοι)

Пишуваните извори за постоење на населба во ова подрачје засега даваат податок само од еден натпис, кој е од времето на Царскиот период и кога чести и многу бројни се наодите на населби и остатоци од нив.

Во ѕидот на селската црква во Пештани е пронајден еден натпис (крај на II почеток на III век од н.е.) подигнат од градската општина на Достонеја во чест на Марко Јулие Север (Достонеион то коинон) очигледно е да во овој случај терминот обележува не некој сојуз

на градови, ами една единствена општина.[51] Споменатиот израз *то коинон* е посведочен во тој смисол во Мала Азија и нема причина да се мисли на племенски карактер на овие коини, како инсистира Фанула Папазоглу и која се спротивставува на мислењето на науката за племенското уредување во Горна Македонија, кога е во прашање римското време: *Достонеон то коинон* незначи ништо друго до Достонеион е полис или коме.[52] Останува нерешен проблемот дали Достонеи претставувало самоуправна единица во ранг на Полис или пак тоа како Коме влегувало во состав на некој соседен град. Исто незнаеме дали оваа населба била во врска со полисот кој се споменува на натписот од Кокре.[53] Најблиски населби од ова место, западно од градот – Полис за кое веќе рековме би можел да биде најверојатно Пелагонија, но е физички отсечен од месноста за што инсистира Фанула Папазоглу, источно е веќе лоцираната Достонеа, а како ова место природно е отворено само према долината на Еригон, треба ли да се однесува овој натпис за Полисот Достонеи? Ова последното сигурно нема основа за такво мислење и покрај споменатата слабост на претпоставката, натписот од Кокре треба да се однесува за градот кој е лоциран меѓу Волково и Прилепец, а неможе да се однесува за Достонеи од причина што остатоците на оваа населба не даваат основа за тврдење дека тука егзистирал поголем град, тоа била мала населба и влегувала во состав на некоја блиска поголема градска населба, која засега не се знае. Веднаш преку пештанскиот рид на запад е селото Кокре, а спомената е неговата поврзаност со локалниот пат чуван од тврдината на Марков Ѕид во непосредна близина на големата населба меѓу Прилепец и Волково. Гледаќи ја археолошката карта впечатливо е да на агломерацијата меѓу селата Прилепец и неговата близина, Бонче и Подмол е едно од најбогатите со наоди подрачја во пошироката област на Пелагонија. Силен и економски и севкупен развиток на античкиот дел на Пелагонија следи во првата половина од IV век од н.е. по големите реформи на Диоклецијан, кога ова подрачје влегува во територијата на Macedonia Salutaris. Никнуваат многу населби на периферијата на рамницата, како и возвишенијата во самата рамница, околу која никнуваат поголеми или помали населби. Повеќе населби наоѓаме и околу Плетварскиот пат, како и плодните котлини на мариовската висорамнина каде изненадувачки наоѓаме многу остатоци од ова време. Согледуваќи ја густината на наодите и теренската

[51] Фанула Папазоглум Македонски градови у римско доба, 210.
[52] Фанула Папазоглум Македонски градови у римско доба, 211.
[53] Фанула Папазоглум Македонски градови у римско доба, 211.

разместеност, се наметнува заклучок дека овој дел бил доста прометен низ кој врвеле многу локални и регионални патишта кои се поврзувале со важните сообраќајници на Балканот: патот од големо трговско и воено значење кој ги поврзувал овие краишта со Јадранското крајбрежје кој покрај Полог и Поречје и споменатиот северен премин кон котлината – Дебрешта, свртуваќи низ северните ограноци од Селечка Планина кај Прилеп, низ долината на Кокре и Кален, преку Дуње и Витолиште се доаѓа низ погодни превалци на Ниџе со што се слегувало во Мегленската рамнина продолжуваќи за Солун. Друг премин во овој крај кој е и многу погоден и се наоѓал на правецот Писокал низ кој врвел патот од Стоби па преку Пештани (Достонеи) кон Дуње и по споменатата погоре траса према Солун. Важен приод доаѓал и од север преку селата Никодин и Ракле, котлината на Царевичка Река покрај Смолани и Дрен спуштаќи се на брегот на Црна Река кај Гуѓаково и преку Врпци до сообраќајната раскрсница кај Витолиште.

Од источната страна на големиот свиок кој го прави реката Црна Река под западните падини на Козјак, високо во планината лежи селото Витолиште. Овој реон на Горно Мариово има голема концентрација на антички наоди, наспроти суровите околни предели кои овозможуваат единствено опстанок на тогашните жители кога би се занимавале исклучиво со сточарење. Наспроти тоа на ова непристапно подрачје никнала населба со јавни градби, почесни статуи и споменици од мермер. Археолошките остатоци околу Витолиште прв ги соопштил Г. Кацаров во 1921 година, кој за време на војната во 1917 година ги обиколил наодите на ова подрачје. Од тоа време до 1966 година овие антички остатоци не биле посетени, кога Иван Микулчиќ за прв пат во поново време е таму присутен и врши опсервација на теренот. Централната населба од комплексот на градби било околу устието на Заградишка Река во Ѕадна, на еден – до еден ипол километар северно од денешното село каде се сретнуваат остатоци од поголеми градби, делови од мермерна архитектонска пластика, многу фрагменти од тегули, цреп и садови од римска епоха, монети од тоа време и друго. Остатоци од втор прилично помал центар, се наоѓаат на Моклиште, на околу еден ипол километар јужно од селото, а на 500 метри пак северно од оваа има остатоци на помала населба која гравитирала кон центарот на Моклиште. Североисточно и источно од централните населби се до под височината на Козјак, се наоѓаат остатоци кои укажуваат на интензивен живот од тоа време. Пвеќе пати спомнато е за стопанските можности на ова подрачје, источните краеви пак од Мариово се

уште повеќе комуникациски непристапни до главните патишта и тешко би се одржал живот во такви услови ако основната дејност на луѓето биде само производство на храна. На повеќе локалитети од Витолиште како и во атарите на селата Рожен, Мајдан, Ржаново наоѓани се згури од преработувањето на рудите, кои се обогатувани (чистени) и делумно топени по околните планински предели. Скоро сите откриени локалитети каде се пронајдени остатоци од топена железна руда се наоѓаат одма до населбите кај Витолиште. На локалитетот Грамаѓе по должина на реката Ѕадна Река има најповеќе остатоци од згури и полустопена руда и без сомнение тука биле топилници – печки каде се добивале финални производи – чисти метали.[54] Во Македонија по доаѓањето на римјаните се затвораат рудниците на злато и сребро, но се продолжува со рударење и производство на бакар, а главно на железо, за што индиректно зборуваат и историските извори: највисоки службени лица во државната администрација на провинцијата Македонија задолжени за рударството, се споменуваат procuratores metallorum за време на Теодосие I (379 – 395 година од н.е.). Рударството во Македонија достигнува подем во текот на II и раниот III век од н.е., меѓутоа се обновува и во доцното царство. Наодите на атински тетрадрахми од II век п.н.е. околу Витолиште укажуваат на интересот за рудите уште од доцно хеленистичко време. Процутот на населбите северно од Витолиште е на премин од I во II век од н.е.. Од времето на Хадријан (117 – 138 година од н.е.) датира и најзначајниот наод – мермерен столб со делумно сочуван латински натпис, за постоење на граници помеѓу непознатите за нас Geneat и ...xinos. натписот се однесува на повлекување на граница (termini positi) измеѓу две општини или две племиња чии имиња неможе јасно да се прочитаат, но Фанула Папазоглу не располага со дополнителни факти и не се впушта во интерпретација, освен што мисли дека во еден од тие два етникона се крие името на самата населба кај Витолиште. За првпат со сигурност за овој натпис зборува Иван Микулчиќ кој ја создаде деталната археолошка карта на овој крај. Се работи за разграничување на територијата со право на експлоатација на рудите меѓу постарата населба (секако со самоуправни општински функции) на месноста Грамаѓе – Перивол – Лачник и помалата, подоцна основана населба на месноста на денешно Моклиште. Првата населба доживеала кулминација во текот на II век од н.е.. Од еден важен документ (почесен базис) кој е посветен на еден елинизиран домородец од Стоби, чие име и имиња

[54] Иван Микулчиќ, Стремеж, XIII., IX, 1967, број 7, 48.

на неговите сродници се грчки, а исто така јазикот е грчки. Ова е значајна потврда за еден локален македонски нобилитет во време на римската управа во тие краишта, нивно значење во локалниот политички и економски живот, па и во таква една привилегирана стопанска гранка каква што е рударството и топењето на метали.[55] Од еден откриен гроб во дворот на селското училиште, во самородна карпа, всечена била правоаголна јама и поклопена со обработена камена плоча, која навлегувала во изжлебените рабови на истата. Најдени се три черепи на покојници, траги од горење и една белегзија со несоставени краеви, од злато. Овој специфичен сепулкрален обичај кој продолжува и во почетокот на римското царство (со делумна кремација) и вид на гробна градба, познат е само на подрачјето на Пелагонија во потесен политичко – етнички поим, од време на доцен хеленизам (Горно Село, Трескавец, Дупјачани, Варош, Прилепец, Кален, Крушејца, Мојно). Ова е сигурна потврда дека територијата на Пелагонците од предримскиот период се простирала и до крајот околу Витолиште, претпоставка која досега се базирала само врз географско единство на цело Мариово и источниот раб на прилепско – битолско поле.[56] Добиените метали се транспортирале кон Стоби, каде се наоѓале закупниците (сопствениците) на рудните копови на мариовските рудници, како и царските чиновници бидејќи сите рудници се исклучиво сопственост на императорот. На овој транспорт укажува и античкиот пат преку источно – мариовските предели по кој се наоѓаат остатоци од тврдини, постари населби – свратишта од римско време по должината на патот Врбско – Гуѓаково – Дрен – Смолани – Царевиќ, пред да избие на големата античка магистрала од Керамие (Варош – Прилепец) за Стоби.

Извесно обновување на стопанскиот живот кај Витолиште паѓа во IV век од н.е., во склад со обновувањето на рударството во провинцијата Македонија воопшто. Гробовите градени од гробни керамиди во форма на двосливен покрив, го навестуваат продирањето на христијанството. При крајот на IV век од н.е. најверојатно е подигната и импозантната тврдина Задградишка Чука, за заштита, како последица на политичката ситуација на Балканот со долгогодишните грабежи на Готите придружувани од Хуните (378 – 408 година од н.е.). Во ова време е изградена и тврдина од другата страна на Перун, во Рожденскиот басен. Рударењето во Рожден започнало многу подоцна (после Витолиште,

[55] Иван Микулчиќ, Стремеж, XIII., IX, 1967, број 7, 50.
[56] Иван Микулчиќ, Стремеж, XIII., IX, 1967, број 7, 51.

веројатно кога овде се исцрпиле резервите) и се експлоатирал претежно антимон (како примеса на бакарот и оловото). Прекинот на рударско – металургиската дејност на Витолиште, ова подрачје како и целото подрачје на Мариово (Рожден, Мајдан, Ржаново) паѓа во текот на VI век од н.е., со доаѓањето на Словените на овие простори.

## Деуриоп и деуриопските градови

Областа Деуриоп и незиниот однос према Пелагонија, а пошироко двете области во однос на Пајонија не е сосема јасна. И двете области од пред доаѓањето на Римјаните се сметале за пајонски земји. Во време на римските освојувања имаме повторно споменување на Пелагонија која на запад граничела со Дасаретите, а на север со Дарданците (Полибиј во врска со походот на Филип V против Илирите, 217 година п.н.е.), што наведува на помисла да Пелагонија во поширок смисол ја опфаќала и областа Деуриоп.

Со паѓањето на Македонија под римска окупација 168 година п.н.е. и незината поделба на четири области, Пелагонија е во четвртата област и како ново образована civitas морала да биде потесна од поранешната географска област, во што од неа се одвоила областа Деуриоп. Деуриоп према Ливиј е област во Пајонија крај Еригон. Страбон вели да сите градови на племето (или областа) Деуриопи – Brianion, Alalkomenai и Stymbara – се наоѓаат на реката Еригон. На друго место Страбон го става Деуриоп во соседство на Линкестите и Пелагонија. Епиграфските наоди од Чепигово и Бела Црква на кои се документирани областа Деуриоп и градовите Стубера и Алкомена, овозможиле точно лоцизирање на оваа област, северозападните периферни делови на рамницата со источните пониски падини на Бушева, Илинска, Плаќенска и Бигла Планина која ја граничат областа со соседните Дасарети и Пенести. Прашањето дали во оваа област постоел истоимен град е разрешено. Известувањето на Стефан Византиски кој се повикува на Страбон, лошо е интерпретиран зошто најверојатно тој текст кој тој го имал, го имаме сочувано и ние. Кај Страбон никаде не стои дека Деуриоп е град. Кај Стефан Византиски πολίς незначи секогаш град во потесна смисла, а и civitas, а тоа секако бил и Деуриоп – целата негова територија чинела една административна единица. Деуриоп е посведочен и уште на еден натпис најден во Чепигово кој се чува во Скопскиот музеј, а кој се однесува

на една одлука на градскиот совет на Деуриоп, свикано од градските политархи и булетериите. Поголем број научници тоа ги навело на заклучок дека во прашање е град а не област. Називот Дериопос, кој античките писатели го употребуваат исклучиво за одбележување на областа, немора ни на натписот да означува град, туку племенска територија обединета во една самоуправна единица civitas. Постоењето на такви општини (град со територија која му припаѓа, или повеќе помали населби обединети во една општина) во Македонија и во другите римски провинции во кои градскиот живот постепено ја потиснува старата племенска организација. Тие општини имале заеднички магистрати, собранија и совети, а населбата во која било седиштето на тие заеднички органи не се издвојувала од останатите ами целата општина го задржувала името на племето односно областа. Вакви самоуправни општини сигурно постоеле на почетокот на заведувањето на муниципалниот живот во римските провинции, во сите области каде градскиот живот не бил развиен. Со текот на времето главната населба на општината, било да го задржала старото име или на него да се пренело името на областа, односно племето можело да се издигне над останатите населби и да се развие во прав град – полис. Јадрото на Деуриоп може да се фиксира со големите наоѓалишта на групата Црнобуки – Беранци; Чепигово, Бучин и Граиште кои чинат една релативно помала географска целина. Средиштето пак е на линијата по горниот тек на Еригон од Чепигово до селото Железнец. Демирхисарската област и Крушевскиот регион сеуште не се доволно испитани, како периферни делови на оваа област. Тешко е да се утврди до каде оваа област се простирала на север.

## С Т И Б Е Р А (Στυβερρα, Stuberra)

Археолошкиот и епиграфскиот материјал од Чепигово доволно дава податоци за лоцирање на Стибера кај ова село, што е потврдено и од споменатиот податок на Страбон, по кој овој град лежи на Еригон. Населбата кај село Чепигово лежи на падината на нискиот брег, Бедем на самиот влив на реката Блато во Црна Река. Прилагоден према конфигурацијата на теренот градот добил форма на издолжен триаголник со импозантни димензии од 500 метри должина и скоро 220 метри широчина (околу 7 хектари). Тоа е

класично – хеленистички град кој бил утврден но подоцна е проширен со што го изгубил првобитниот облик. Најстарите археолошки наоди датираат од доцниот класичен период, за што зборуваат откриените темели од акрополата која имала доминантна положба над населбата. Во овој период познати се повеќе тврдини, во самите населби и околу нив градени од големи камени блокови, а сведочат за опасностите на кои биле изложени жителите или од соседните илирски племиња или пак од долномакедонската хегемонија, односно зацврстувањето на северната граница на македонската држава во чии рамки паѓа и обласа Деуриоп некаде во годините на владеењето на Филип II. Тврдините кај Горно Село, споменатата тврдина кај Прилепец, Алданци, Дебреште и во нашата област Бучин, укрепената населба кај Чепигово – подоцнешна Стибера, па натаму на северозапад во правец на областа Демир Хисар по течението на Црна Река, одбранбените објекти – кастели над селата Жван и Железнец, како последна тврдина и врата на Деуриоп и целата котлина преку која често вршеле упади соседните илирски племиња.

Градските одбранбени ѕидови на населбата датираат од IV век п.н.е. градени од големи и масивни камени блокови од Гнајс, парвилно обработени и споени без употреба на малтер, одржувајќи безпрекорни хоризонтални редови. Спомнатата акропола – тврдина, утврдена со масивни ѕидови поставена била на самиот врв на брегот, која подоцна била разурната и материјалот бил вграден во новите стамбени и јавни објекти. За основањето на оваа населба нема јасни податоци, освен мислењата дека тоа би било времето на македонската експанзија. Ако населбата постоела пред освојувањето на Горномакедонските области од Филип II, што е веројатно, населбата живеела во едно немирно време кога стравувала од Долномакедонското Кралство после 359 година п.н.е..
По завземањето на населбата Филип II можеби конечно ја утврдил. Во рамките на неговата акција за утврдување на северните граници на неговата држава, во чиј состав сега веќе е и Деуриоп како и целата котлина. Ова мислење е во согласност со разгледувањето на проблемот за основањето на кастелот кај Бистрица и нешто подоцна основањето на Хераклеа северно од предходниот. Зачетоците на оваа населба најрано можат да одат во преминот на V и IV век п.н.е. за што укажуваат најдените монети од античките градови Амфиполис (424 – 358 година п.н.е.) и Филипи (околу 375 година п.н.е.).
За важноста и економската сила на овој град сведочат пред се споменатите фортификациски објекти, како и многубројните наоди од мермерна архитектонска

пластика и скулптура, керамички и метални наоди и огромниот број на монети од многу слободни градови со кои градот Стибера одржувал трговски врски. Покрај монетите на македонските владетели Филип II, Александар III, Касандар, Антигон Гонат, Деметриј II, Филип III и Персеј следат од подоцнешно време монети на градовите: Дирахион, Пела, Солун како и од римските императори почнувајќи од Цезар (44 – 27 година од н.е.) и Август до Константин I Велики (306 – 337 година од н.е.). Ова е потврда за непрекината егзистенција на овој град од околу осум векови, како и доказ за голема економска и трговска врска со земјите кон исток према Егејско Море и на запад према Јадранско Море. Основна стопанска дејност била земјоделието, што овозможува и рамничарскиот плоден околен терен. Периодот од крајот на IV век п.н.е. и низ целиот III век п.н.е., оваа населба е богата кога достигнува економски, културен и политички подем – уреден градски живот по примерот на грчките градови. Како резултат на развиената трговија и контакти со поразвиените и побогати градови, сретнуваме богата мермерна пластика во архитектонските делови од јавните згради, надгробните споменици – стели, а кои зборуваат за висок степен на уметност и мајсторство. Во ова време (прва половина од IV век п.н.е.) и во нашата котлина има појава на плаќање на грчки мајстори – каменоресци (една стела од Црнобуки и гробницата кај Бонче) по угледот на Долномакедонските кралеви. Можеби тоа го правеле и богатите жители на Стибера како би ги задоволиле своеите културни и духовни потреби кои се сега „современи„ како последица на постепеното но сигурно хелинизирање на нашите краеви. Стелата на Аристоника која датира од III век п.н.е., најдена во Стибера е дело на некој локален мајстор но по угледот на онаа од Црнобуки која била работена веројатно од некој Атински (Амфиполски) мајстор – целата пластика – стели, декоративни елементи, се изработени од тогашниот каменолом Сивец кај Прилеп.

Доста импорт се наоѓа кај керамичките садови кои во големи количини се најдени на овој локалитет и тоа од развиените центри како што се Атина, Амфиполис и Халкидичките работилници. Голем е бројот и на грнчарски садови изработени во тукашните работилници по примерот на импортираните, најдени се лакримариуми (садови со вретенеста форма), фрагменти од мегарски чаши со пластични вегетабилни орнаменти од акантусови лисја карактеристични за тоа време. Откриени се и калапи за изведување на пластични украси на садовите со вегетабилни украси и фигурални композиции со сцени

од лов и друго, игри на кои се гледа облеката на тогашните луѓе. Теракотите се доста чести, а за некои се најдени и калапи за нивно лиење кои временски се одредуваат во доцниот IV и цел III век п.н.е.. Од металните наоди најчести се бронзените фибули од малоазиски тип со помали димензии, карактеристични за III век п.н.е.. Спомнато е за економското назадување на градовите во следните два века како последица на политичките превирања во Македонија. За овој период има документи кои зборуваат за градот. Од римските итинерари кои се спомнати, во текстот го наоѓаме градот Стибера. Најстар спомен на Стибера имаме кај Ливиј за време на Втората Македонска војна (200 – 197 година п.н.е.). Ливиј кажува дека полисот Стибера се наоѓа на левиот брег на Реката Еригон, односнона вливот на Реката Блато во неа, каде римските војски се задржале неколку дена во градот собирајќи жито. Ливиј ја споменува Стибера и на друго место (по повод Третата Македонска војна 171 – 168 година п.н.е.) кое се однесува на походот на Персеј против Илирите 169 година п.н.е.. Персеј неколку дена собирал жито во градот и околината и отаму заминал кон земјата на Пенестите. Неспорно е да Пелагонија била подрачје преку кое Илирите и Дарданците навлегувале често во Македонија, а тоа се случува и во времето на римските продирања, па Стибера како раскрсница на трите патишта преку кои навлегувале западните и северните соседи како град кој со блиската околина бил богат со жито, бил главна база на македонската војска во операциите против илирите, а после 216 година п.н.е. и против римјаните.

Стагнацијата која се чувствува од крајот на III век п.н.е., во наредните два века е подрастична: длабока криза го зафаќа хелинистичкиот свет, а за нашето подрачје како и за цела Македонија на сето ова се надоврзуваат и римските и илирските пустошења. Има континуитет и понатака на монетите кои се претежно исковани од бронза, што зборува за нивното осиромашување, а во Стибера тој континуитет е потврден како и во соседните градови кај Бучин и Граиште. Видливо е и назадувањето на квалитетот и формите кај подвижниот инвентар од материјалната култура, пред се кај керамичките производи, каде изостануваат богатите вкусно изведени и насликани форми на кантароси, килики и пиксиди, одсуство на златен и сребрен накит, мегарски чаши претежно од локално производство со геометризирана и крајно упростена и стилизирана вегетабилна орнаментика (како онаа во „Долишта„ кај Прилепец).

Во царско римскиот период, кај предметите од материјалната култура и понатака преовладуваат изработки од локално производство, работени според примерите на грчките и малоазиските работилници, евидентирани во Стибера исто како и кај Прилепец. Новина претставуваат фигурите од теракота со одредени влијанија од римската августовска уметност која се одликува со решителност на изразот на лицето и смирен и помалку идеализиран изглед, во Чепигово: главата на Херакле. Покрај ламбите од фино пречистена глина изработени во италските работилници, во Стибера најдуваме и такви од локална изработка, а по пример на импортните. Од времето на династијата на Флавиевците (69 – 96 година од н.е.) и нарочито Антонините (96 – 192 година од н.е.) во Стибера како и во Прилепец има виден напредок во животот на градот достигнувајќи кулминација во првата половина од III век од н.е..

Овој град бил направен и управуван по пример на слободните грчки градови. Таа самоуправа градот ја задржал и по доаѓањето на римјаните. На почетокот на заведувањето на муниципалниот живот во римските провинции, Деуриоп е територијална област на истоименото племе која е обединета во една самоуправна единица (општина) – civitas. Подоцна Стибера станува и главен град на областа.

По наведените литературни податоци (Ливиј, Страбон, Табула Поитингеријана) дознаваме за постоењето и лоцирањето на Стибера. Од епиграфските споменици, податоци кои ги добиваме од подоцнежниот период се формира претстава за севкупниот општествен живот на градот. Од еден натпис на споменикот на војничкиот ветеран од V-тата македонска легија најден во Терент веројатно крај на I век од н.е., се гледа дека граѓаните од Стибера кои стекнувале римско граѓанско право се запишувани во трибата Скаптија ( L. Alliu s L. f. Scap(tia) Staber(a), vet. Leg. V Mac … ).[57]

Две високи стели со списоци на ефеби (младинци од предвоена возраст) од 190, 203, 206 и 223 година од н.е., кажуваат за град со многу жители, а што се заклучува и по самата пространост на градот. Бројните ефеби кој градот можел да ги даде во една година, списокот од 190 година од н.е. од кои се набројуваат преку 130 имиња, градот можел да има преку 15 до 20 илјади слободни жители. Ако се има во предвид да во здружението на ефебите се запишувале повеќето младичи од имотните фамилии, тогаш бројот може да се

[57] Фанула Папазоглу, Македонски градови у римско доба, 219.

зголеми.[58] На овие натписи по кои Стибера имала и Ефебион, се надоврзува и неговото откривање, односно неговите архитектонски остатоци, што сега укажува на јаките културни врски на градот со грчкиот југ кои не прекинале и со доаѓањето на новите господари. Со откриениот гимназион и Ефебионот исто така во 1953 година станува збор за град со сите одлики на современ гимназиски центар: со простории за вежбање и пливање, борење и други места каде младинците и граѓаните го поминувале слободното време. Во самиот гимназион била пронајдена статуа на богот на здравјето Асклепие (заштитник на гимназионот), делови од статуите на боговите Меркур и Херакле. Поставувани биле во просториите на гимназионот и статуи на победниците во спортските игри како и статуи на заслужни граѓани. На една натписна плоча, подоцна вѕидана во гимназионот, посветена на богот на морето Посејдон Еригонски и нимфите дознаваме за почитување на локалните божества. Богот на водите – Посејдон, го добил името по локалната река Еригон. Богатството на статуи откриени во Стибера зборуваат за високиот стандард на нејзините жители. Откриените статуи на Бах дете, на Асклепие, на непозната жена, бистите на Филоксен и Орест – заслужни граѓани, како и мермерната декоративна пластика, изработени се по примерот на класичните дела – во некоја надворешна работилница, од фактот да сите скулптури се работени од локалниот мермер од Сивец можат да се извлечат и некои други претпоставки.

Градот Стибера е документиран од преодот на III во II век п.н.е. од Ливиј и Полибиј и значајните наоди кои се претежно од II и III век од н.е. (списоците на Ефеби и останати натписи), што кажува за петвековна доминација на овој град во овој дел на котлината. Фанула Папазоглу вели дека изненадува фактот што ни градот ни областа нема помен кај Хиерокле. На основа одличната зачуваност на археолошкиот материјал од Чепигово истиот автор помислува дека градот како да страдал од земјотрес.[59] Од досегашните испитувања на градот се изведува заклучок дека остатоците од разурнатиот град не ѓибнати до денес останале на свое место. Насилното разурнување и пожарот биле катастрофални, така да животот од тоа време замира во овој град. Иако има наоди на монети од Константин I отсуствуваат градби карактеристични за христијанството (Бошко Бабиќ соопштува за слаби траги од доцно античка населба) не даваат докази за

[58] Фанула Папазоглу, Македонски градови у римско доба, 220.
[59] Фанула Папазоглу, Македонски градови у римско доба, 220.

продолжување на животот на овој град. Разорувањето на Стибера најверојатно го сториле Готите во 268 година од н.е. за што Иван Микулчиќ поопширно дал свое мислење како резултат на извршените заштитно археолошки ископувања во близина на село Мојно – Руа – во 1962 година.[60] Авторот ги констатира причините за ненадејното прекинување на животот на богатата населба на местото Атанас кај истото село. Бидеќи градот се наоѓал во рамница без одбранбени ѕидишта (како и голем број населби, села во овој период) бил лесно освоив. Веројатно е во прашање воено разурнување каде се наоѓани искршени статуи, насилни разурнувања на објекти и пожари како во Стибера. Гардот на Атанас не е обновен, преживеаните околу овие урнатини подигнале поголем број мали рановизантиски населби кои егзистирале од IV век од н.е. се до времето на Јустинијан за што зборуваат остатоците. Слични траги на разурнувања се среќаваат и на други населби од тоа време околу истото село. Од малкуте историски извори за ова време, сепак може да се воспостави врска со податоците за провалите на Готите во нашите области. Римското Царство за време на Галиен преживувало тешка криза. На запад неговите граници биле провалени од Франците и Алеманите, на исток продирале Персијанците, преку Црно Море Херули и Готи и други варварски племиња, кои ги пустошеле бреговите на Егејското Море и ги рушеле малоазиските и грчките градови.[61] По податоците од Зосин, дознаваме дека во 268 година од н.е. дел од Готите ги опколиле градовите Касандреа и Тесалоника но тргнале кон север заплашени од римските легии на Галиен. По патот ги опустошиле областите околу Добер и Пелагонија. За овој податок зборувавме понапред. Најверојатно Зосин мисли на Пелагонија како град и многу веројатно Готите (или дел од нив) поприлично се оддалечиле од главниот правец по кој се движеле – долината на Вардар. Стигнуваќи до Стоби, можеле без многу тешкотии да влезат во котлината преку регионалниот пат Стоби – Хераклеа. Пустошеќи го Мариово, односно античкиот дел на Пелагонија, Готите секако продолжиле и во внатрешноста на рамницата – незиниот среден дел, каде имало повеќе богати и неутврдени населби. Најверојатно овие дополнителни кажувања на Иван Микулчиќ, како и споменатите историски извори заедно со ова што е најдено на теренот на Стибера се доволни аргументи за претпоставката дека Стибера настрадала со готските разрушувања.

---

[60] Иван Микулчиќ, Стремеж, број 4, 1962, 37.

[61] Н. А. Машкин, Историја Старог Рима, Београд, 1978, 478.

# А Л К О М Е Н А (Αλκομεναι)

Постоењето на градот е посведочено во понапред споменатиот текст на Страбон – Алалкоменаи е еден од деуриопските градови на Еригон. И кај Стефан Византиски Алкомена е Полис. На два скоро истоветни натписи, најдени во Бела Црква, оваа населба се вика Алкоменаион коме. Тоа значи дека Алкомена била во римско доба коме (село) на градот Стибера.

Бројни стели, натписи и мермерни предмети од римска епоха се наоѓаат во рамничарските села помеѓу селата Чепигово и Бучин, а кои се довлекувани од античките населби кај овие села. Фанула Папазоглу, Алкомена ја бара кај Бела Црква или во нејзината близина. Иван Микулчиќ ја лоцира на Бучински Рид, 7 километри оддалечено од Чепигово, на неговата крајна североисточна падина која лежи на десниот брег на Црна Река.[62] Поставена на платото од падината под тврдината која била подигната на импозантниот врв висок 872 метри надморска висина кој доминира над околината. Сите индиции говорат дека градот бил рамноправен со соседните полиси кај Чепигово и Граиште, како впрочем кажува и Страбон. Овој полис својот кулминациски развој го доживеал во хелинистичкиот период, за да во римско време опадне неговата економска сила и се споменува само како коме. Освен големината и положбата на овој град неговото значење го потврдуваат и многубројните наоди од грчки и македонски монети, многубројни керамички наоди, теракоти и друго. Монетите во овој град започнуваат со Амфиполис (424 -358 година п.н.е.), Филип II, Александар III, Деметриј II, Филип V, Персеј, Тесалоника, Едеса, па од Тибериј до Константин I и Јустинијан. Што се однесува до Страбоновиот податок дека Алкомена е град, Фанула Папазоглу тоа го објаснува на два начини: „*Или е поради грешка на Страбон, кај кого изразот Полис нема секогаш стриктно значење град – civitas, ами понекогаш служи за обележување населба воопшто, или што е поверојатно, тој податок потекнува од време кога Алкомена била навистина самостоен град*''.[63]

Од Аријановото дело (околу 95 – 175 година од н.е.) кое се однесува на историјата на походот на Александар III Македонски, дознаваме од еден податок дека еден од

[62] Ivan Mikulčić, Pelagonija u svetlosti arheoloških nalaza od Egejske seobe do Avgusta, страна 68.
[63] Фанула Папазоглу, Македонски градови у римско доба, 222.

Александровите офицери (Пеитон Кратева) бил (Алкоменеон), по потекло од Алкомена. Споменатиот Пеитон, како вели Фанула Папазоглу – *„бил македонец, а не грк, па према тоа одпаѓаат од комбинација градовите Алалкомена во Грција (Беотија и Итака) кои секогаш се јавуваат во тој облик, никогаш како Алкомена''.*[64] Како во истиот текст – список на Александровите офицери, спомнат е и некој Атила, Андроменејев син, Стимфаја, што покажува дека жителите на областа Тимфаја во тоа време се обележувани со општо племенскиот етникон. Тоа покажува дека етниконот *Алкоменеон* не се однесува на Алалкомена во Тимфаја, која ја споменува Страбон како град во соседство на Тимфаја и Аигинион. Према тоа, многу веројатно е да Пеитон бил по потекло од деуриопска Алкомена и да во тоа време била полис.[65] Овој податок доколку е точен за нашата претпоставка, би покажал релативно ран развој на градско уредување во оваа најсеверна област на Горна Македонија. Судбината на Стибера можеби ја доживеала и населбата на Бучински Рид, која во римско време како е речено го продолжила животот со смален интензитет од предходната епоха, за што укажуваат и ретките монети од римската епоха.

## БРИАНИОН (Βρυανιον)

Третиот град за кој соопштува Страбон е Брианион. Податок за истиот наоѓаме кај Ливиј во врска со приказот на воените операции на II македонско – римска војна (200 година п.н.е.). Никола Вулиќ го оставил отворено прашањето околу лоцирањето на овој град. Фанула Папазоглу го отфрла мислењето на L. Heuzey, кој Брианион го сместува кај Чебрен на Црна Река, зашто мисли дека Деуриоп се протегал и во планинската област Мариово, се до Пајонија во потесен смисол, зошто како што вели мариовската област барем во поголемиот свој дел влегувала во Пелагонија, а не во Деуриоп, но и таа не дава конкретен предлог каде би можело да се лоцира градот.

Иван Микулчиќ, името на третиот град го бара кај селото Граиште, 8 километри од Алкомена кај Бучин, низводно по течението на Црна Река.[66] Населбата на возвишението Градиште, над село Граиште кое се наоѓа во самото подножје во ридот, со својата

[64] Фанула Папазоглу, Македонски градови у римско доба, 222.
[65] Фанула Папазоглу, Македонски градови у римско доба, 222.
[66] Ivan Mikulčić, Pelagonija u svetlosti arheoloških nalaza od Egejske seobe do Avgusta, страна 69.

големина укажува дека тука во предримско време живеел третиот полис за кој се зборува во античките извори. Од возвишението со купеста форма, осамено во околната поширока рамница која се протега на југ, исток и север од него, може без тешкотии да се посматраат околните приоди од трите правци кои тука се вкрстуваат. Едниот правец по кој се излегува од пелагониската рамница доаѓа од Чепигово преку Бучинскиот теснец до Граиште каде се вкрстува со другиот правец кој од Битола преку превалецот од Мраморица (од кој се дели пат преку Стрежево и Лера кон преминот Ѓавато), и од таа точка северозападно – низводно по Црна Река релативно лесно се доаѓало до главната излезна врата кај село Железнец и натаму кон земјите на Пенестите и Дасаретите. Возвишението е поврзано само од северната страна преку ниската падина Превалец со ограноците на планинскиот масив понатаму на север.

На врвот од возвишението стојат остатоци од утврден акрополис – тврдина, а пониско од него на благата јужна и југоисточна падина големо подградие со триаголна основа распоредено на неколку вештачки тераси. Пробивајќи пристапен пат во 1990 година заради поставување на телевизиски предавател бил откриен и ѕид од утврдувањето. Бројноста на наодите од оваа населба од поранiот период го става до предходните два полиси: монетен репертоар од Коринт, Лариса, Скирос, Ботиаја, Филип II, Александар III, Филип III, Касандар, Александар IV, Деметриј I, Антигон Гонат, Филип V, Персеј, Пароређа, Пела, Амфиполис, Тесалоника, Император Тибериеј (Едеса), Август (Тесалоника), Проб, Константин I, Констанциј II, Констанс, Валентијан I, Валенс, Јустин I, Јустинијан. Животот овде се одвивал од V век п.н.е. непрекинато скоро еден милениум. Стотините монетни наоди (поединечни) од класичниот и хеленистичкиот период на овој локалитет, ако ги споредиме со останатите пелагониски наоѓалишта чии заеднички збир одвај го стигнува бројот на овој град, што кажува за неговата неверојатна економска сила се до римско време – *„треба да се додаде, како што прв се појавил меѓу овие три деуриопски полиси, по се изгледа прв го понесол и приматот – нема повеќе сомнение да е тоа Бријанион''.*[67]

Во горниот тек на реката Црна Река, освен овие три полиси поставени на растојание од 15 километри, познати се само уште две помали утврдени населби понатаму низводно. Овие наоѓалишта спаѓаат по големина и значење во средни кастели и за населби од нашата

[67] Ivan Mikulčić, Pelagonija u svetlosti arheoloških nalaza od Egejske seobe do Avgusta, 68 – 69.

категорија – полис неможе да стане збор. Целиот среден тек на Црна Река, од Чепигово до Букри се простира низ рамницата, чиј поголем дел бил до скоро мочуришен и во целиот овој појас не постоела ни најмала населба од ова време се до просторот Букри – Бач – Брод, каде Црна Река ја остава рамницата и продолжува према мариовската висорамнина. Од ова може да се заклучи дека оваа локација за градот сосема сигурно е најприфатлива и засега не е дополнета со нови противречни сознанија.

## Областа Демир Хисар како погранична област на античкиот Деуриоп

Демирхисарската област е една од најмалку истражените, ако се иземе подрачјето на Крушево кое е празно на археолошката карта.

Во рамките на програмата за изготвување на археолошка карта на Р. Македонија, Заводот за заштита на спомениците на културата природните рекости и музеј од Битола изработил археолошка карта за општина Демир Хисар. Археолошкото рекогносцирање е извршено во 1980 година со целосен увид на подрачјето, со што се регистрирани 157 локалитети, а воедно е констатирано и постоење на движен археолошки материјална теренот.

Поимот Демир Хисар доаѓа од турските зборови што значи *железна тврдина*, што всушност е превод од старогрчкиот назив на градиштето, односно тврдина (кастел) – *„Сидерон Кастрон''* кое веројатно може да се бара на возвишеанието што е надвиснато над самиот теснец од десната страна на Еригон кај неговиот изворишен дел. Оваа област е концентрирана по горниот тек на Еригон, и околните планински предели кои природно гравитираат кон тесната долина, која со својот најтесен дел кај Железнец постепено се проширува кон југоисток во мала рамнина која западно и јужно и во сојот поголем дел од источната страна од полисот „Градиште'' може беспрекорно да биде постојано надгледувана.

За етничкиот состав на населението нема историски податоци по Страбон, во горното течение на Еригон – десно од реката живеело племето Бриги. Соседни племиња на ова пак биле Партините, Енхелеите, Линкестите и Деуриопите. На основа на овие податоци, ова племе може да го лоцираме во планинскиот југозападен дел од денешната

област на Демир Хисар и тоа околу селото Смилево, областа околу селото Брежани – северозападно од Смилево. Оваа територија е надвор од нашата општина, односно помеѓу градовите ресен и Кичево, од западната страна на планините Илинска и Плаќенска. Многу веројатно во потесниот дел од горниот тек на Еригон не живееле илирски племиња, зашто третиот деуриопски град за кој веќе спомнавме и самиот во потесна смисла егзистира на ова подрачје, кое би можеле да го наречеме погранично.

Бријанион кај Граиште е оддалечен од селото Железнец дваесетина километри патен правец. Тешко може да се верува дека овој значаен град – полис бил на самата погранична линија меѓу нашето племе Деуриопи, односно Македонија и секогаш немирните илирски племиња. Најпрво Деуриоп, подоцна македонската држава многу посигурно можела да се брани кај природната граница кај село Железнец и не е случајно баш овој критичен дел од оваа област обезбеден со одбранбен кастел поставен на теренот кој овозможува сигурна одбрана. На седум километри источно (југоисточно) од споменатиот кастел над селото Жван поставен е и втор кастел, што повлекува и заклучок да овие утврдувања можат да се датираат и во времето на македонскиот експанзионизам, кога Филип II или неговите наследници ги утврдувале границите на својата држава. Ако кастелот кај Бистрица и подоцнежниот кај идната Хераклеа биле утврдувања заради стратешки цели на „освојувачот'' Филип II, овие утврдувања на Еригон, како и на останатите излези од Пелагонија (спомната е нејзината стратешка важност за одбраната на Македонија низ цел антички период), најверојатно биле градени заради утврдување на границите на Македонија.

Ливиевите податоци за II и III Македонска војна (а кои потекнуваат од Полибиј) и известувањето за војувањето на Филип V со Илирите и Дарданците, со кои Пелагонија непосредно граничела, неколку пати споменува „премини кои водат во Пелагонија'' - faucibus Pelagoniae,[68] каде Филип V наместил 199 година п.н.е., посади како би го спречил доаѓањето на дарданската помош на Римјаните.

Треба пред сите други премини да се подразбира оној кај Дебреште, а бранет е секако и преодот над Железнец, потешко прооден и полесно одбранлив од дебрешкиот.[69]

---

[68] Фанула Папазоглу, Македонски градови у римско доба, 202.

[69] Ivan Mikulčić, Pelagonija u svetlosti arheoloških nalaza od Egejske seobe do Avgusta, страна 69.

Западните области на Македонија во хеленистичко време претставуваат дел од истиот супстрат. Кај Страбон покрај Диестите (Дасаретите), се споменуваат и Енхелеите. Бидеќи Енхелеите не се спомнуваат во изворите натаму од VI век п.н.е., а Дасаретите се појавуваат кон крајот на III век п.н.е., не е сигурно кои племиња ја населувале оваа област во овој меѓупериод. Во походите на Александар III, се спомнува учеството и на Илирите повеќе пати и покрај обидите за отфрлање на власта. По 323 година п.н.е. со поделбата на царството Антипатер бил наименуван за стратег на сите Македонци, Грци и Илири, но следат востанија и во Грција и во Илирида. Следат историски податоци за илирски владетели и кога со неа владеат истовремено повеќе базилеи, кога и лихнидката област е во склоп на нивните области, како мисли Фанула Папазоглу, иако со досегашните ископувања во охридскиот регион нема најдено ниту една монета на овие илирски владетели (Пирос, Барделис), додека монетите ковани во македонските ковници од крај на IV и III век п.н.е. релативно се присутни, како и монети на Дирахион и Аполонија од III и II век п.н.е.. Исто така и карактерот на пронајдениот материјал во најновите археолошки истражувања укажува на пајонска, односно македонска, провиниенција. Од 270 – 231 година п.н.е. за овие подрачја немаме податоци, како да се заобиколени од готската инвазија.

## 6. Каталог на некрополи

## 6.1. Калдрма – Прилеп

Локалитетот Калдрма или Падарница се наоѓа во северниот дел на Пелагонија, односно на падините на Маркови Кули во месноста Заград, на околу 1,5 километри оддалеченост кон североисток од Институтот за старословенска култура во Прилеп и околу 2 километри северозападно од Варош – Прилеп. Тернот е сосема блага тумба која се спушта постепено од север кон останатите насоки. Најголемата висинска разлика изнесува 1,38 метри.[70]




**Слика 1.**

Локалитетот е откриен при земјоделска активност на сопственикот на нивата на која се лоцирани остатоците кои покасно при извршениот увид и истражување јасно го дефинираат карактерот на локалитетот, односно утврдено е дека станува збор за рамна некропола, а според материјалот временски е сместена во раната антика.

[70] Археолошка карта на Република Македонија /АКРМ/, Том II, МАНУ, Скопје 1996 година, страна 282 до 283.

При обработка на нивата сопственикот на истата наишол на групација на камења и при нивното расчистување пронашол седум бронзени белегзии и еден бронзен прстен кои ги отстапил на НУ Завод и Музеј Прилеп. После известувањето од сопственикот, на местото каде што биле пронајдени донесените предмети извршено е ископување при што се откриени првите три гроба од оваа некропола. Наредната 1969 година продолжено е со археолошките истражувања на локалитетот Калдрма и во оваа археолошка кампања откриени се останатите 32 гроба. Со ова ископување опфатени биле 203 метри квадратни.

Според извештајот на археологот Благоја Китаноски кој бил раководител на овие истражувања, на длабочина од околу 20 сантиметри под површината на земјата била констатирана поголема концентрација на речни камења кои биле со различна големина и според нивната густина на теренот се добивало впечаток на турска калдрма по што најверојатно овој локалитет и го добил своето име.[71]

При истражувањето на некрополата во просторот помеѓу гробните конструкции на две места се констатирани интензивни траги на горење кај кои под отстранетиот слој на пепел констатирано е секундарното потпекување на земјата од интензивното горење при што земјата е црвенкаста или црвенкасто слабо потпечена што ни дава за право да констатираме дека овие две локации биле употребувани за спалување на покојниците. Под пепелта на едно од спалиштата откриени се камени плочи кои биле директно фланкирани на здравицата.

Во еден од истражуваните квадрати како вонгробни наоди се откриени и два фрагменти од покривни тегули кои веројатно припаѓале на некоја од гробните конструкции.

Гробовите кои се истражени во овие две кампањи, а ги има вкупно 35 според нивната кострукција можеме да ги поделиме на шест групи, и тоа :

**I Група.** Кружно – овални гробови, вкопани директно во земјата без оградни и покривни камења.

**II Група.** Кружно – овални гробови само покриени со камени плочи.

**III Група.** Кружно – овални гробови, покриени со камења и оградени со исти такви камења или помали плочи.

**IV Група.** Четвртасти гробови само покриени со камени плочи.

---

[71] Macedoniae Acta Archaeologica /MAA/, Археолошко друштво на СР Македонија, број 1, Прилеп 1975 година, страна 89 до 132.

**V Група.** Четвртасти гробови, оградени со камени плочи и покриени со поситни камења.

**VI Група.** Четвртасти гробови – цисти, оградени и покриени со камени плочи.

Гробните форми и гробните и вонгробни наоди подетално ќе бидат тема на обработка на поглавјето Каталог на гробни форми и наоди по некрополи.[72]

[72] Macedoniae Acta Archaeologica /MAA/, Археолошко друштво на СР Македонија, број 1, Прилеп 1975 година, страна 89 до 132.

## 6.2. Комплекс на некрополи Старо Бонче и Висока, село Бонче – Прилеп

Селото Бонче се наоѓа на западната падина на Селечка Планина од каде се формира огранок на понискi ридови кои продолжуваат кон југозапад и ја формираат т.н. Тополчанска преграда која ја дели пелагониската рамнина на Прилепско и Битолско поле. Атарот на село Бонче од неговата источна страна граничи со атарот на село Крушевица. Границата на атарите на овие две села фактички е границата на пространата Пелагониска рамнина со висорамнината Мариово.




Слика 2.

Територијата на која е распослан атарот на село Бонче од поодамна е археолошки опсервирана, а делумно и истражувана. Така да споменати се неколку локалитети од кои некои се истражувани, некои се само споменати и за нив е напишано малку и номинално додека некои од нив со поновите истражувања се открива дека воопшо и не биле познати

во научната јавност.[73] Благодарение на материјалот (артефакти, техничка документација и необјавени трудови) од последните години на истражувањата, кога и се откриени поголем дел од локалитетите на овој комплекс, а кој несебично ми беше даден на обработка[74] во овој труд ќе бидат поместени и најновите сознанија за овој значаен комплекс на археолошки наоѓалишта.

Во Археолошката карта на Република Македонија под селото Бонче се запишани три археолошки локалитети: Спаница,[75] Старо Бонче[76] и Црквиште[77].

Фактичката состојба на терен е сосема поинаква. На терен се констатирани остатоци од погребувања кои ерозијата во последните години ги извадила на површина, така да на местата од кои порано во НУ Завод и Музеј Прилеп биле носени случајно откриени наоди, најчесто монети од македонските кралеви. Денес се појавуваат споменатите некрополи кои подетално подолу ќе бидат обработени. Некрополите кои ги обработувам во овој комплекс на некрополи под наслов Старо Бонче и Висока просторно не се многу оддалечени една од друга, па затоа е одлучено да се сместат во еден т.н. комплекс на некрополи, а на секоја од нив и е дадено името од местото каде што е лоцирана. Би сакал да потенцирам дека можно е да се работи за една голема некропола од раната антика на

---

[73] Дејан Кебакоски, Ранохристијанска базилика на Вигна, Бонче, Прилепско, Македонско наследство број 33, Скопје 2008 година, страна 50 до 58.

[74] Благодарност за несебично одстапениот материјал и сугестиите кои ги добив од почитуваните професори, Проф. Д-р. Виктор Лилчиќ и Проф. Д-р. Антонио Јакимовски, од Катедрата за Археологија при Филозофски факултет – Скопје, Универзитет Свети Кирил и Методиј и од колегата Виш кустос – археолог Душко Трмелкоски, НУ Завод и Музеј Прилеп.

[75] ***Спаница***, осамени наоди од хеленистичкото и доцноантичкото време. Во близина на селото се најдени монети на Александар Македонски и Јован II Комнен. Монетите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп.
Кепески Костадин, 1987, 41.
(Според Бошко Бабиќ и Благоја Китаноски, *Спаница*, Археолошка карта на Република Македонија /АКРМ/, Том II, МАНУ, Скопје 1996 година, страна 282).

[76] ***Старо Бонче***, некропола од хеленистичкото и римското време. Јужно од селото, во нивата на Ј. Благоја биле откриени гробови во кои се најдени монети од Александар Македонски и од други македонски владетели, како и римски бронзени монети.
Кепески Костадин, 1987, 41.
(Бошко Бабиќ и Благоја Китаноски, *Старо Бонче*, Археолошка карта на Република Македонија /АКРМ/, Том II, МАНУ, Скопје 1996 година, страна 282).

[77] ***Црквиште***, населба од хеленистичкото и римското време. Во непосредна близина на селото се најдени мермерна ара со грчки натпис , тркалезни тули, исто така со грчки натпис, антички монети и помали бронзени статуетки. На површината има остатоци од темели на објекти и многу градежен материјал. Наодите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп.
Вулић Никола, Сп. XCVIII, 19; Mikulčić Ivan I, TIR, 28.
(Бошко Бабиќ и Благоја Китаноски, *Црквиште*, Археолошка карта на Република Македонија /АКРМ/, Том II, МАНУ, Скопје 1996 година, страна 282).

овој простор, со исклучок на погребувањата на Висока кои временски припаѓаат на овој период, но сепак се работи за засебна некропола која сосема веројатно е тоа дека била користена за погребување на жителите од тврдината која се наоѓа на самиот врв. Нивото на истраженост и скромниот, засега, фонд на наоди ни ги поткрепуваат досега извлечените заклучоци, но тие се сеуште парцијални и не ни дозволува со сигурност целосно да го дефинираме просторот.

### 6.2.1. Павла Чука, село Бонче – Прилеп

Локалитетот Павла Чука се наоѓа во подножјето на Селечка Планина од нејзината западна страна, на границата на атарите на селата Бонче и Подмол. Локалитетот е сместен на една природна тумба која во раната антика била употребена за на неа да се изгради, или поточно кажано вкопа, монументална кралска гробница од Македонски тип. (41° 12’ 24.32” N; 21° 35’ 18.30” E; N.V. 779 м.).[78]




Слика 3.

Гробницата на Павла Чука на населението му била позната и пред научно да биде третирана, а во археолошката наука станала позната во 1936 година со истражувањата кои ги извел професорот Никола Вулиќ од Белград. Од прелиминарниот извештај кој е доста оскуден дознаваме дека при ова истражување биле откриени засводениот дромос и гробната комора.[79]

[78] Лилчиќ Виктор, Јакимовски Антонио, Старо Бонче. Книгата е во печат.
[79] Vulic N., 1937, 611 – 612.

Наредното споменување е во 1966 година од страна на Проф. Д-р. Иван Микулчиќ, кој во својата докторска дисертација[80] публикувал план на гробницата во тогаш познатата архитектонска форма, што од денешен аспект на степенот на истраженост и новите моменти можеме да кажеме дека тој план е делумен.

Гробницата уште еднаш е спомената и опишана во монографијата Прилеп и прилепско издадена во 1971 година[81], и од тогаш па до 2009 година овој локалитет останува заборавен[82].

Во 2005 година извршени се рекогносцирања на теренот на место викано Висока, или Цуцул, и утврдени се остатоци од монументално утврдување од раната антика.[83] Иницирани од важноста на констатираното рекогносцирањата се прошируваат и во подножјето на Селечка Планина од нејзината западна страна, односно во атарот на селото Бонче, каде што се наоѓа и Македонската гробница лоцирана на локалитетот Павла Чука или во поголем потег кај локалните жители целиот простор е познат како Сатро Бонче.

Во наредната, 2006 година откриени се фрагменти од бронзена оплата од неколку штитови од хеленистичкиот период кои припаѓале на воини од личната гарда на македонскиот крал Деметриј I Полиоркетос.[84] Ова откритие заедно со податоците од претходните рекогносцирања ја формира реалната потреба за подетално истражување и анализа на овој поширок простор, па од таа 2006 година започнува проектот „Систематски археолошки истражувања на комплексот локалитети Висока и Старо Бонче" под раководство на Катедрата за археологија при Филозофски факултет – Скопје, УКИМ, во партнерство со НУ Завод и Музеј Прилеп.

---

[80] Mikulčić Ivan, Pelagonija u svetlosti arheoloških nalaza Od egejske seobe do Avgusta, Beograd 1966 година, страна 62 – 63, 73.

[81] Кепески К., 1971, 42.

[82] Jakimovski A., 2009, http://www.mav.mk/article.php?lang=en&article=20.

[83] Рекогносцирањата на теренот се вршени во рамките на проектот „Античкото Кралство Македонија на територијата на Република Македонија". Раководител на проектот, е Проф. Д-р. Виктор Лилчиќ, а соработници на конкретното рекогносцирање на Висока беа Дејан Б. Кебакоски, студент по археологија и Златко Јошески.

[84] Темелкоски Д. Жуел П., Античките македонски штитови од Пелагонија, Прилеп 2007 година; Лилчиќ В. Јакимоски А., Старо Бонче, книгата е во печат.

Во 2007 година истражувањата од гореспоменатиот проект започнуваат и се сконцентрирани на две точки. Едната е Висока, а другата е Павла Чука[85], односно локацијата на македонската гробница.

Во оваа археолошка кампања откриен е дотогаш непознатиот архитектонски елемент кој оваа грбница ја прави уникатна. Станува збор за кружен периметрален ѕид кој прави прстен околу дромосот и гробната комора. Периметралниот ѕид е соѕидан со камени блокови исклучително прецизно обработени соѕидани без сврзивно средство. Со откривањето на овој периметралниот ѕид на виделина излегува протогеното архитектонско решение на гробницата.

Кружниот ѕид има пречник од 32 метри, и го опкружува засводениот дромос, преткомората и комората која се наоѓа во центарот на кружната гробница.[86]

### 6.2.2. Колкот, село Бонче – Прилеп

Археолошкиот локалитет Колкот не е внесен во Археолошка карта на Република Македонија, Том II иако во науката е познат околу три децении. Овој локалитет се наоѓа на крајниот дел од природно возвишение кое како огранок се спушта од Селечка Планина кон рамницата. Оддалечен е од Македонската гробница на локалитетот Павла Чука околу 400 метри кон југоисток. (Колкот, 41°12 ' 16,84" N; 21° 35' 34,07" E; N.V. 850 м.).[87]

---

[85] Со теренските истражувања на локалитетот Павла Чука раководи Проф. Д-р. Антонио Јакимовски од Катедрата за археологија при Филозовски факултет – Скопје, УКИМ. Соработник од НУ Завод и Музеј Прилеп е Александар Митковски. Соработници на терен се и студентите по археологија Катерина Касапинова и Дејан Б. Кебакоски.

[86] Лилчиќ В. Јакимоски А., Старо Бонче, книгата е во печат.

[87] Во рамките на археолошката кампања за систематско истражување на „Комплекс археолошки локалитети Старо Бонче и Висока" извршени се мерења со GPS, на трите познати и уште седумнаесет новооткриени археолошки локалитети во атарите на селата Бонче и Подмол. Археолошките истражувања и мерењата се организирани од Катедрата за археологија на Филозофскиот факултет при УКИМ – Скопје, а во соработка со НУ Завод и Музеј Прилеп. Раководител на проектот е Проф. Д-р. Виктор Лилчиќ, а раководител на теренски истражувања Проф. Д-р. Антонио Јакимовски. Соработник на проектот и претставник на НУ Завод и Музеј Прилеп е виш кустос – археолог Темелкоски Душко.

Археолошките истражувања се изведени во 1985 година од страна на Завод и Музеј Прилеп, а под раководство на археологот Благоја Китаноски.[88]

При археолошките истражувања на овој локалитет откриена е толосоидна градба со дијаметар од 30 метри и височина на ѕидот 1,20 метри. Ѕидот е во техника на сувоѕид од кршен камен и кал како сврзивно средство. Еден дел од ѕидот од оваа кружна градба, гледан од внатрешната страна на објектот кон северозапад изведен е во техника на ѕидање наречена рибина коска.

Внатре во центарот на кругот пронајдени се четири правоаголни комори издлабени во карпата. Според препоставките на раководителот Благоја Китановски се работи за погребувања но тоа неможе да го земеме како конечно поради недостигот од материјали кои со сигурност би укажале на тоа. Материјалот кој што е пронајден е претежно доцноантички што ја става оваа градба во корелација со блиската гробница од македонски тип, односно, со наодите кои се најдени од покасните погребувања околу неа, а кои укажуваат на користење и на двата објекти во доцната антика сметајќи ги како свети места. Значи станува збор за реуботреба на местата. Според елементите кои ги поседува археолошкиот локалитет Колкот, Проф. Д-р. Виктор Лилчиќ и Проф. Д-р. Антонио Јакимовски сметаат дека можеби станува збор за Тесмофорион




Слика 4.

[88] Kitanovski B., 1984, 128.

(Tesmophoria)[89] – кружно светилиште – храм, во чест на Деметра и Персефона, чиј култ особено е почитуван во раната антика.[90]

### 6.2.3. Висока, село Бонче – Прилеп

Локалитетот Висока, или како што се води во археолошка карта Ќаве[91], е лоциран на еден од повисоките врвови на Селечка Планина на надморска висина од 1472 мери.

Висока поседува интересна географско – релјефна конфигурација. Тоа е издолжен планински срт, каде што западниот дел претставува висока карпеста вертикала која стрмно се спушта за околу два километри до западното подножје, односно до Старо Бонче, кое е на надморска висина од 790 метри. Источната страна на Висока се благи шумски падини, кои за околу 3,5 километри се спуштаат кон мариовското село Крушевица, кое е на надморска висина од 749 метри. На таа, источна страна се наоѓаат повеќе извори со

---

[89] Тесмофории (грч. τὰ Θεςεσμοφόρια / *Thesmophoria*) бил тридневен верски фестивал кој се одржувал во чест на божицата Деметра и незината ќерка Кора. Во него смееле да учествуваат исклучиво само жени со добар морал и мажени. За мажи, девојки и порочни жени учеството било строго забрането. Овој фестивал се прославувал во месецот пијанепсион (октомври) и траел пет дена. Како жртва се принесувале остатоци од претходно закопано животно (свиња) и жито, што во склоп со месецот во кој се изведува ритуалот со сигуррност дава за право да се каже дека е посветен за подобрување на плодноста на посевите. Пелагонискатa рамнина каде е лоциран овој храм несомнено дека ја имала потребата за развивање на овој култ на повисоко ниво од останатите области. Постојат уште два елементи кои укажуваат на тоа дека се работи за Тесмофорион, а тоа се: првиот ден од мистериите се нарекувал ἄνοδος (*anodos* = "пат нагоре"), ова идеално соодветствува со локацијата на градбата на Колкот кој е лоциран на благо возвишение но сепак доминантно над рамницата и вториот елемент од оваа градба, кој соодвествува со ритуалите изведувани во во овој култ, тоа се камените скали кои од јужна страна се искачуваат кон гробницата, а кои може да се поврзат со процесијата која се изведува и е наречена „свечен оход".
Svetislav Ristić Leksikon Mit I umetnost; Vik Karadžić, Beograd 1984. Страна 100.
Драгослав Срејовић, Александрина Цермановић; Рчник грчке и римске митологије. Српска књижевна задруга Београд 1979. Страна 110.
M. C. Howatson, The Oxford Companion to Classical Literature, 1997.
The Oxford Classical Dictionary (3 изд.), 2003.

[90] Лилчиќ Виктор, Јакимовски Антонио, Старо Бонче. Книгата е во печат.

[91] ***Ќаве,*** населба и некропола од хеленистичкото и римското време. На 2,5 километри западно од селото, на површините околу котата 1.472 се среќаваат остатоци од разурнати ѕидови, грамади од камен и еден затрупан бунар. На истиот простор има голема концентрација на гробови – корита издлабени во карпа.
(Б. К., Л. К., К.К.)
Археолошка карта на Република Македонија /АКРМ/, Том II, МАНУ, Скопје 1996 година, страна 301.

бистра и студена планинска вода, што секако погодувале во намерата најстарите жители на ова место да изградат доминантна градска акропола.[92]

Утврдувањето на Висока се состои од два фортифицирани дела, итоа: акропола – дворец и град.

Градот бил оформен околу акрополата со издолжено протегање на јужната страна. Во источната падина каде бедемот се затвара во форма на клин, од неговата надворешна страна, во карпите има вкопано поголем број на гробови, познати како гробови корита или цисти. Гробовите кои се распоредени на карпата биле изложени на силните влијанија на атмосвералиите и ерозијата па така можеме да кажеме дека тие се отворени многу одамна. Од таа причина ние немаме движен археолошки материјал за да извршиме макар и прелиминарна датација на некрополата, а од гробните форми не е можно да се изведе никаков заклучок од причина што таа гробна форма се провлекува од антиката па до средниот век.

Оваа некропола опфатена е во ова истражување иако временски не едетерминирана. Но доколку се водиме од тоа дека дворецот кој се наоѓа на висока имал континуитет на живеење, а како два најмоќни слоја на живеење се потврдени 4 век п.н.е. и 6 век од н.е. Така да сметам дека поради лимитираноста на просторот некрополата се користела континуирано.

### 6.2.4. Грамаѓе под Голема Спаница, село Бонче – Прилеп

Локалитетот Грамаѓе под Голема Спаница како и повеќето локалитети од овој комплекс не е впишан во АКРМ, тој во научната јавност за првпат се појавува во 2009 година со преземените големи рекогносцирања на просторот Старо Бонче. Првите ископувања се извршени во кампањата во 2012 година. Со оваа археолошка кампања потврдена е претпоставката дека станува збор за некропола која беше изнесена при рекогносцирањата. Овој локалитет сега е

[92] Лилчиќ Виктор, Јакимоски Антонио; Висока и Старо Бонче центар на Кралството Пелагонија и Кралската гробница на Павла Чука, книгата е во печат.

иманиван како Грамаѓе под Голема Спаница и од врвот Голема Спаница е оддалечен околу 500 метри кон североисток. Лоциран е покрај земјениот пат кој ги поврзува селата Подмол и Бонче. (Грамаѓе под Голема Спаница, 41° 12' 50.69" N; 21° 35' 43.70" E; N. V. 807 м.).[93]

Некрополата е лоцирана на тумба со долгманеста форма која благо се спушта од исток кон запад, кон рамницата. На површината на платото кое е израмнето за потребите на некрополата се гледаат повеќе групации од кршен камен што укажува на постоење на поголем број на гробни конструкции, но во кампањата изведена во 2012 година отворени се две гробни конструкции кои се наоѓаат во јужниот дел на претпоставениот опфат на некрополата.[94]

### 6.2.5. Старо Бонче, Долен Град – Штитови, село Бонче – Прилеп

Локалитетот каде што се пронајдени фрагметите од параден штит на воин од македонската фаланга се нарекува Старо Бонче, но овој назив е за поголема територија на која се лоцирани најмалку уште петнаесетина археолошки локалитети на кои им е доделено име според конкретната локација на која се сместени. На овој локалитет доделено му е името Сатро Бонче – Долен Град.

Лоциран е веднаш под врвот Висока од неговата западна страна, на падината која благо се спушта и ја спојува вертикалата на Висока со навидум бесконечната хоризонтала на Пелагонија. (Старо Бонче – Долен Град, 41° 12' 50.97" N; 21° 36' 00.50" E; N. V. 834 м.).[95]

---

[93] Во рамките на археолошката кампања за систематско истражување на „Комплекс археолошки локалитети Старо Бонче и Висока" извршени се мерења со GPS, на трите познати и уште седумнаесет новооткриени археолошки локалитети во атарите на селата Бонче и Подмол. Археолошките истражувања и мерењата се организирани од Катедрата за археологија на Филозофскиот факултет при УКИМ – Скопје, а во соработка со НУ Завод и Музеј Прилеп. Раководител на проектот е Проф. Д-р. Виктор Лилчиќ, а раководител на теренски истражувања Проф. Д-р. Антонио Јакимовски. Соработник на проектот и претставник на НУ Завод и Музеј Прилеп е виш кустос – археолог Темелкоски Душко.

[94] Материјалите користени за оваа некропола се извештаи од истражувањата подготвени од виш кустос – археолог Темелкоски Душко, НУ Завод и Музеј Прилеп. (ИЗВЕШТАЈ за систематски археолошки истражувања на локалитет Старо Бонче – 2012 година).

[95] Лилчиќ Виктор, Јакимовски Антонио, Старо Бонче. Книгата е во печат.

Почетокот на овие истражувања го иницираат неколку случајно откриени бронзени фрагменти од оплата на параден штит, односно штитови, пронајдени од локалното население. Поради потребата од итно интервенирање првите ископувања се извршени уште во текот на истата 2006 година во доцната есен.[96]




Во оваа кампања поставени се две сонди. Едната на самото место на кое се тврдело дека се ископани пронајдените фрагменти, додека другата во незина непосредна близина. Првата сонда е со големина 3 x 3 метри и со таа сонда е утврдено дека фрагментите навистина потекнуваат од тука при што е откриена јама со дијаметар од 1,10 метри и длабочина од 0,90 метри во која освен пронајдените неколку фрагменти од штитовие пронајдени се керамички предмети (фрагменти од црно фирнисани кантарос и ихтија, керамички пирамидални тегови, еден керамички бубрежест тег, фрагменти од тегули, локално грубо изработени кујнски садови, фрагменти од питос), а пронајден е и еден значително кородиран нож и мал број на ситни животински коски кои веројатно биле депонирани во питос кој бил покриен со тегулите чии фрагменти беа пронајдени во сондата.[97] Во сондата 2 (4 x 3 метри) откриени се остатоци од темелна парија на некој градба, техниката на ѕидање е сувоѕид.

Втор пат археолошки истражувања на овој локалитет се вршени во 2012 година. Во оваа археолошка кампања ископувањата се изведуваат на истата

---

[96] Археолошките истражувања ги врши Катедрата за археологија при Филозофски факултет – УКИМ. Раководител на проектот е Проф. Д-р. Драги Митревски, додека раководител на теренските истражувања е Гоце Коцевски.

[97] Темелкоски Д. Жуел П., Античките македонски штитови од Пелагонија, Прилеп 2007 година.

сонда со тоа што на секоја страна се проширува за два метри, што значи ископуваната сонда беше 7 x 7 метри, при што освен што беа пронајдени уште неколку ситни фрагменти од штитовите, беше пронајдена и една бронзена фибула од „Малоазиски Тип” и една монета од Касандар кои веројатно тука биле донесени со ерозијата.[98] Засега неможе да се даде мислење за контекстот на наодот штитови поради немањето на доволно податоци за состојбата и ситуацијата на пронаоѓање на целокупниот корпус на наоди.

### 6.2.6. Голема Спаница

Овој локалитет во Археолошка карта на Република Македонија е заведен под името Спаница.[99] Но со теренските рекогносцирања преземени во 2009 година утврдено е дека кај локалното население познати се две места кои го опфаќаат овој простор, а тоа се: Голема и Мала Спаница. И на двете места констатирани се остатоци од гробни конструкции од типот циста или познати кај мештаните како корита кои се вклесани во камен. Локалитетите Голема и Мала Спаница лоцирани се на две благи возвишенија кои едно од друго се оддалечени околу 200 метри. (Голема Спаница, 41° 12’ 44.95” N; 21° 35’ 30.42” E; N. V. 779 м.).

На локалитетот Голема Спаница како што беше погоре споменато, констатирани се погребувања во гробови цисти. На овој локалитет никогаш не се вршени археолошки истражувања, а гробните конструкции се појавиле на површината како резултат на големата ерозија која го однесла материјалот од карпата на која е лоцирана оваа некропола. На површината може да се видат

[98] Материјалите користени за оваа некропола се извештаи од истражувањата подготвени од виш кустос – археолог Темелкоски Душко, НУ Завод и Музеј Прилеп. (ИЗВЕШТАЈ за систематски археолошки истражувања на локалитет Старо Бонче – 2012 година).

[99] ***Спаница***, осамени наоди од хеленистичкото и доцноантичкото време. Во близина на селото се најдени монети на Александар Македонски и Јован II Комнен. Монетите се чуваат во Заводот и музеј во Прилеп. Кепески Костадин, 1987, 41.
(Според Бошко Бабиќ и Благоја Китаноски, *Спаница*, Археолошка карта на Република Македонија /АКРМ/, Том II, МАНУ, Скопје 1996 година, страна 282).

вкупно 14 гробови кои се документирани во 2009 година.[100] Некрополата се спушта по падината кон југ, односно кон локалитетот Вигната[101] или кај локалното население познат уште како Стара Црква. По падината се забележуваат отворени гробни конструкции од типот циста направени од камени плочи. Од овој потег во НУ Завод и Музеј Прилеп се однесени монети од Александар III Македонски (сребрена тетрадрахма) како и од Јован II Комнен и сребрена монета од Јакопо Контарини.[102]




За конкретниов труд значење има монетата на Александар III Македонски од причина што ни укажува на користењето на некрополата, или барем на дел од неа, во периодот на Македонското Кралство. Но поради неистраженоста на овој локалитет неможе точно да се дефинира концентрацијата на гробовите според периоди. Но монетите кои се пронајдени како случајни наоди несомнено укажуваат на тоа дека таа освен во раната антика продолжува да се користи се до средниот век.

[100] Лилчиќ Виктор, Јакимовски Антонио, Старо Бонче. Книгата е во печат.
[101] Дејан Кебакоски, Ранохристијанска базилика на Вигна, Бонче, Прилепско, Македонско наследство број 33, Скопје 2008 година, страна 50 до 58.
[102] Монетите се чуваат во НУ Завод и Музеј Прилрп.

### 6.2.7. Мала Спаница

Локалитетот Мала Спаница (Мала Спаница, 41° 12’ 32.90” N; 21° 35’ 32.35” E; N. V. 769 м.) е во непосредна близина на Голема Спаница. На овој локалитет не се вршени археолошки истражувања, а на теренот констатиран е еден гроб вклесан во карпа сличен со оние на Голема Спаница. Овој гроб на површина излегол под влијание на големото дејство на ерозивните сили кои ја измиле карпата на која е лоциран. Освен неколкуте интервенции во карпата и оваа гробна конструкција на овој локалитет не се констатирани други наоди и појави.

### 6.2.8. Долна Преслап (Плато над каменолом), село Бонче – Прилеп

Локалитетот лоциран на месноста викана Долна Преслапта во непосредна близина на каменоломот е еден од новооткриените локалитети со теренското рекогносцирање изведено во рамките на проектот „Висока и Старо Бонче” во 2011 година кога и се извршени теренски мерења со GPS (41° 13’ 09.53” N; 21° 36’ 07.34” E; N.V. 869 м.)[103]. Поради тоа што локалитетот не постои во АКРМ Том II именуван е по месноста каде што е лоциран место в. Долна Преслап.




Оваа некропола лоцирана е на доминантно возвишение над селото Бонче кое е оддалечено околу 1 километар кон север, односно во северозападното подножје на Цветково. Уште при самото рекогносцирање на теренот се забележани групации на кршен камен кои како и на претходните некрополи даваат индикација за постоење на гробни конструкции, а тоа го потврдуваат и две гробни конструкции кои се затекнати, едната сосема отворена, а другата, на централниот дел на платото, полуотворена.

Со првите археолошки истражувања на овој локалитет изведени во 2013 година претпоставките се потврдија. Отворени се три гробни конструкции. Едната е онаа на најдоминантниот дел од платото која беше полуотворена и е означена како гроб 1, другата гробна кострукција е оддалечена околу 50 метри кон исток од гробот број 1 е од типот циста, а означен е како гроб 3 и

[103] Лилчиќ Виктор, Јакимовски Антонио, Старо Бонче. Книгата е во печат.

послдниот истражен гроб е означен како гроб број 2 кој е на околу 60 метри југоисточно од гроб 1[104].

### 6.2.9. Грамаѓе под Три Камна, село Бонче – Прилеп

Локалитетот Грамаѓе под три Камна во археолошката научна јавност не беше познат се до 2009 година кога тим составен од археолози од Катедрата за археологија при Филозовски факултет – Скопје, УКИМ, и од НУ Завод и Музеј Прилеп, го лоцират при теренските археолошки рекогносцирања во рамките на проектот „ Систематски истражувања на Висока и Старо Бонче".[105] Првите археолошки икопувања се преземени во 2010 година, а истите продолжуваат и во наредната 2011 година. На теренот на кој е лоцирана оваа некропола поставени биле шест сонди при што биле откриени вкупно 12 гробни конструкции.




Некрополата ја сочинуваат неколку долгманести тумби на чија површина се забележуваат групации на поголеми и помали кршени камења. Со сондажните истражувања откриени се правоаголни гробни конструкции, оформени со масивни плочести вертикално поставени камења. Овие правоаголни гробни конструкции во внатрешниот дел биле исполнети со поголема количина на ситни аморфни камења. Под нивото на овој насип констатирани се правоаголени гробни корита издлабени во самата карпа која била и основа на вака изработените конструкции. Во гробните јами не е пронајден остеолошки материјал што укажува на тоа дека се работи за

[104] Материјалите користени за оваа некропола се извештаи од истражувањата подготвени од виш кустос – археолог Темелкоски Душко, НУ Завод и Музеј Прилеп. (ИЗВЕШТАЈ за систематски археолошки истражувања на локалитет Старо Бонче – 2013).
[105] Лилчиќ Виктор, Јакимовски Антонио, Старо Бонче. Книгата е во печат.

погребувања со кремација, а на таа претпоставка во прилог одат и пронајдените поголеми керамички садови кои сметаме дека биле урни во кои била ставена пепелта на кремираниот покојник. Меѓу пронајдените гробени наоди како порепрезентативни спаѓаат: орудија од железо, пар чунести сребрени обетки со гранули, профилирана глава од бронзена игла, глава од бронзена игла „Пелопонески тип”, лентеста белегзица од ребрест бронзен лим и фрагментирана бронзена фибула „Малоазиски тип”.[106]

Според извадениот движен материјал некрополата се датира во 4 век п.н.е., но од вкупниот збир на гробови три од нив се датираат во архајскиот период, што укажува на континуитет во погребувањата и користењето на таа некропола. Континуитетот на погребување ни го потврдуваат и неколку гроба пронајдени во источниот дел на некрополата. Се работи за римски гробови вкопани во карпа и покриени со масивни камени плочи.

### 6.2.10. Грамаѓе на Петочна Вода, село Бонче – Прилеп

Некрополата лоцирана на место викано Петочна Вода е распослана на две паралелни природни возвишенија кои како ограноци се спуштаат од Селечка планина и се стопуваат во рамницата. (41˚ 12' 34.44" N; 21˚ 35' 48.03" E; N.V. 797 м.)[107]. Парвецот на простирање на овие возвишенија е исток – запад. Северното возвишение е со должина од околу 45 метри, додека најголемата измерена ширина е околу 20 метри. Јужното возвишение е со должина од околу 75 метри, при што во источниот крај се стеснува до широчина од околу 7 метри, додека во западниот крај измерена е ширина од околу 23 метри. На површината на двете платоа видливи се групи од камења кои оформуваат одредени групации – гробни конструкции. Со истражувањата направени на овој локалитет отворени се два гроба. Гроб 1 на северното плато и гроб 2 на јужното плато. Овој локалитет е откриен со теренските рекогносцирања

[106] Душко Темелкоски, Грамада под Три Камна; материјали од презентација на 22 симпозиум на МАНД. Дојран 17 – 20 октомври 2012 година.
[107] Лилчиќ Виктор, Јакимовски Антонио, Старо Бонче. Книгата е во печат.

изведени од Катедрата за археологија на Филозофскиот факултет при УКИМ – Скопје и НУ Завод и Музеј Прилеп со археолошката кампања изведена во 2011 година, а првите археолошки истражувања се изведени од истите институции во 2013 година како дел од поголема кампања за истражување на целокупниот комплекс[108].

## 6.3. Комплекс на некрополи Горно Село, село Горно Село – Прилеп

Во атарот на село Горно Село во близина на Прилеп, констатирано е постоењето на неколку локалитети на кои имаме погребувања во гробни конструкции вклесани во карпа. Овој специфичен за Македонија облик на погребување е најгусто сконцентриран по работ на пелагониската рамнина, односно, најмногу во северниот дел на Пелагонија, или уште наречен Прилепско поле.

На територијата на Пелагонија евидентирани се погребувања од овој тип на следните ликалитети: Разбојна Дупка[109], село Локвени; Марков Чардак[110], село Бело Поле; Испраена Плоча, Сурун – потег Тумба, Тумба, Големи Камења и Грло во атарот на село Горно Село; Караташ, Прилеп;[111] Гумење, Манастир Трескавец;[112] Дабоиќ и Крклари, Маркови Кули – Прилеп[113].

Според погоре наброените гробници лесно може да се воочи концентрацијата на овој тип на погребувања во атарот на село Горно Село во однос на остатокот од

[108] Материјалите користени за оваа некропола се извештаи од истражувањата подготвени од виш кустос – археолог Темелкоски Душко, НУ Завод и Музеј Прилеп. (ИЗВЕШТАЈ за систематски археолошки истражувања на локалитет Старо Бонче – 2013).

[109] Проф. Д-р. Виктор Лилчиќ, Корпус на старите градови и тврдини во Република Македонија – археолошко, историска топографија, Том I, рана антика, Линкестида и Девриоп, Скопје 2009 година, страна 162 – 169.

[110] Димитриоски Тренчо, Древна Пелагонија II, Прилеп 2009 година, 159 страна.

[111] Вулић Никола, Гробнице и гробови у стени, Споменик XCVIII, САН, 1941- 1948 Београд, 190 страна; Mikulčić Ivan, Pelagonija u svetlosti arheoloških nalaza od egejske seobe do Avgusta, DISS III, 1966 Skopje – Beograd, 80 страна; Митkоски Александар, Нови пелагонски гробници, Македонско наследство 2, Македонска цивилизација, 1996 Скопје, 137 страна.

[112] Бабиќ Бошко, Манастирот трескавец, Стремеж 5 – 6, Прилеп 1959 година, 52 страна.

[113] Aleksova Blaga,Iskopavanja na Krklarima I kod Gornog sela, Arheološki pregled 1, Beograd 1959 година, 67 страна; Кепески Костадин, Хеленистички период, глава II, Прилеп и прилепско низ историјата II, Прилеп 1971 година, 50 страна.

целиот регион. Оваа концентрација јасно укажува на постоењето на некој моќен центар од раноантичкиот македонски период на атарот на селата Дупјачани и Горно Село. Треба да спомeнеме дека вакви гробници на територијата на Република Македонија уште се пронајдени и кај селата Суводол – Битола[114], на локалитетот Дибек и Марвинци – Гевгелија, на локалитетот Исар[115].




[114] Франце Месеснел, Једна гробница код села Суводола, Гласник Скопског научног друштва, книга XIV, Скопје, 1953 година, страна 205; Јанакиевски Томе, Три доцнохеленистички гробници во стена од локалитетот „Дибек", село Суводол – Битола, Macedoniae acta archaeologica, број 13, Скопје, 1993 година, страна 149.

[115] Микулчиќ Горица, Хеленистичка гробница од Марвинци, Културно наследство XII – XIII, Скопје, 1988 година, страна 71; Микулчиќ Горица, Марвинци 1994 – некропола, Macedoniae acta archaeologica, број 14, Скопје, 1996 година, страна 67; Sokolovska V., Krsteski C., Rock cut chamber tombs at Isar Marvinci, Macedonia and the neighbouring regions from 3-rd to 1-st Milenium B.C., Museum of Macedonia, Skopje. 1999 година, страна 121.

### 6.3.1. Сурун – потег Тумба, село Горно Село – Прилеп

Северно од Горно Село на околу еден километар, се наоѓа локалитетот „Мал Сурун". Овој локалитет е позициониран на карпест рид ориентиран северозапад – југоисток.[116] Во негово продолжение кон југоисток се издига повисок рид познат како Голем Сурун. Во западното подножје на овој рид, на потегот Тумба, евидентирани се четири[117] гробници издлабени во карпа.[118]

Гробниците се отворени многу одамна и веројатно биле ограбени. Денес се оставени на забот на времето. Гробните конструкции се ориентирани во правец запад – исток.

Во 2011 година на овој локалитет вршени се истражувања од страна на НУ Завод и Музеј Прилеп и La Trobe University од Мелбурн, Австралија.[119] Со археолошката кампања изведена во оваа година истражена е и петтата гробница на овој потег која во поново време била на мета на трагачите по богатства со што нарушена е интактноста и состојбата на податливиот материјал за датирање, нас ни останува да ја вметнеме гробницата во утврдената типологија според конструктивните елементи кои ги има оваа градба. На овој потег како што претходно напоменавме лоцирани се, или барем досега се откриени, вкупно 5 гробници кои биле користени и една која

---

[116] Сурун, населба од римското време. Се наоѓана 1,2 километри источно од селото, на северната падина на Сурун. На површината има фрагменти од керамички садови, покривни ќерамиди и неколку фрагменти од архитектонски елементи од мермер, а се гледаат и остатоци од темели на објекти градени од кршен камен и варов малтер.

Mikulčić I., TIR, 50. (Б.Б., Б.К.)

Археолошка карта на Република Македонија /АКРМ/, Том II, МАНУ, Скопје 1996 година, страна 299.

[117] Александар Миткоски, Душко Темелкоски; Три нови гробници издлабени во карпа, во прилепско; Македонско наследство, број 40 – 41, 2013 година, Скопје, 83 – 104.

[118] Сурун, некропола од хеленистичкото време. Во подножјето на ридот Сурун, оддалечен околу 500 метри северно од селото, се откриени пет „македонски" гробници издлабени во карпа, со кремирани покојници. Сите се со подолг ходник, претсобје и гробна просторија. Од гробни прилози биле најдени фрагменти од керамички садови и метални предмети.

Вулиħ Н., Сп. XCVIII, 192; Aleksova B., 1959, 67.

(Б.Б., Б.К.)

Археолошка карта на Република Македонија /АКРМ/, Том II, МАНУ, Скопје 1996 година, страна 293.

[119] Раководител на археолошките истражувања е Belinda Božinovsi – D'Angelo од La Trobe University – Archaeology Program и Александар Миткоски, археолог – советник од НУ Завод и Музеј – Прилеп.

не е довршена, исклесан е само дромосот и израмнета е карпата во вертикала но работата на оваа гробница била прекината.

### 6.3.2. Испраена Плоча, село Горно Село – Прилеп

Во понатамошниот текст подетално ќе се обработи.

### 6.3.3. Тумба, село Горно Село – Прилеп

Гробницата која се наоѓа на овој локалитет не е научно третирана до сега. Како и останатите гробници кои ги знаеме и таа била отворена уште во минатото така да поради недостатокот на движен археолошки материјал немаме можност да дадеме подетален опис на карактерот на погребувањето и хронолошки да ја потесно да ја сместиме. Единствено можеме врз основа на архитектурата, односно според обликот на гробницата да кажеме дека е користена во истиот период со останатите пронајдени гробници, значи користена е во хеленистичкиот период.

### 6.3.4. Големи Камења, село Горно Село – Прилеп

Оваа гробница се наоѓа веднаш до патот кој води од Горно Село на југ кон Прилеп. Исто како и претходната и оваа гробница поради ерозивните дејства на теренот останала отворена. Движен археолошки материјал не е пронајден, а пак конструкцијата, односно карпата во која е вклесана е делумно уништена со интервенција на механизација. Уништувањето е направено пред скоро време од материјални побуди.

### 6.3.5. Грло, село Горно Село – Прилеп

Гробницата на локалитетот Грло е можеби највисоко поставената гробница од овој тип. Таа се наоѓа високо во падината на планината и гледа директно кон преминот кој регионот на Горно Село го поврзува со Прилепскиот дел и остатокот од Пелагонија по најкраток пат.

И оваа гробница како и останатите е затекната отворена и без остатоци на движни наоди, така да и за неа како и за претходните важи тоа дека не е можна поконкретна датација според движен материјал освен според конструкцијата односно да се одреди типологијата на самата гробница која е вклесана во здрава карпа. Гробницата како и претходните две до сега не е археолошки третирана, па тоа дава надеж дека во непосредна близина би можеле да дојдеме до евентуално исврлениот материјал, но не е погрешно да се каже дека тука според изохипсата на теренот може да се очекуваат уште погребувања од овој тип кои ќе ги затекнеме во in situ состојба.

## 6.4.Прогон, село Букри – Битола

Селото Букри кое денес е комплетно раселено се наоѓа во битолскиот дел на Пелагонија, односно во незиниот централен дел. Во атарот на ова село според археолошката карта се лоцирани три археолошки локалитети од кои еден е локалитетот Прогон[120]. Овој локалитет се наоѓа на оддалеченост од околу 200 метри северозападно од

[120] ***Букрички Вис***, некропола од железното време. На околу 2 километри источно од селото, на источната падина на Букрички Вис, во 1917 година, во времето на Првата светска војна, бил откопан гроб со конструкција од камени плочи – тип циста, со богати прилози ( накит од бронза и еден керамички сад ). Наодите се чуваат во Народниот музеј во Софија.

Попов Р., 1918 година ( Д. С. )

Археолошка карта на Република Македонија /АКРМ/, Том II, МАНУ, Скопје 1996 година, страна 25.

***Висок Рид***, населба од енеолитското и бронзеното време. На околу 600 метри од јужната страна на селото, на десниот брег на Црна Река има тумба со пречник во основата од 70 метри и височина од 3 метри. Поголем дел од источната половина на тумбата е оштетен со ерозија од реката. Во 1980 година е извршено сондажно ископување при што во културниот слој се утврдени две фази на живеење, како и неколку нивни интерни потфази, проследени со многубројни фрагменти од керамички садови и орудија од камен, кремен




последните куќи на селото и поставен е на издолжен гребен во правец североисток – југозапад. Околу овој грбен Црна Река прави голем завој пред во неа да се влее Елешка река. Брегот на Црна Река од левата страна на ова место е низок и преминува во поле додека од десната страна на Букри се до Елешка река има возвишение чија највисока точка е околу 130 метри и се издига над коритото на Црна Река.

На овој локалитет во август 1954 година при земјоделска активност на ЗИК Пелагонија работниците пронашле неколку садови од керамика и еден шлем при што ги однесле во музејот во Битола, а притоа депонирале и рачно изработена скица на местото каде наодите биле пронајдени за да може истото да се лоцира при понатамошни археолошки истражувања.

При теренските рекогносцирања на локалитетот Прогон извршени од страна на музејот на Битола на 25 август 1954 година, собрани се наоди од фрагментирани керамички садови. Од материјалот кој бил депониран од страна на работниците и од пронајдените фрагменти од керамички садови пронајдени при рекогносцирањето било утврдено дека се работи за некропола од раната антика.

Во текот на понатамошните теренски истражувања направен е обид да се утврди местото од провизорната скица при што поставени се сонди на шест места со длабочина од 50 до 70 сантиметри, но освен мал број на керамички фрагменти не се пронајдени други наоди. Пронајдените наоди од керамика временски соодветствуваат на веќе донесениот материјал од работниците и материјалот собран при рекогносцирањето.

---

и коска. Постарата е енеолитска, а помладата од бронзеното време. Наодите се чуваат во заводот и музеј во Битола.

Симоска Драгица, 1983, 5 – 20. ( Д. С. )

***Прогон,*** некропола од железното време. На околу 200 метри северозападно од некогашното село Букри, на гребен издолжен во правец североисток – југозапад, тракористите од ЗИК „ Пеалагонија „, уште во далечата 1953 година, со орање откриле гробови градени од камени плочи – тип циста и во нив голем број керамички садови, како и еден шлем од бронза. Во 1954 година Народниот музеј од Битола извршил заштитни ископувања.

Мачкиќ П., Симоска Драгица, 1955, 26 – 30. ( Д. С. )

Археолошка карта на Република Македонија /АКРМ/, Том II, МАНУ, Скопје 1996 година, страна 25 – 26.

На оддалеченост од околу 50 метри од поставените сонди на површината на обработената земја забележани се траги на горење и тука е поставена уште една сонда, седма. И оваа седма сонда е симната на иста длабочина како и предходните при што се откриени доста остатоци од безоблична печена глина, траги од пепел, фрагменти од керамички садови, тегови и коски.

Депонираните материјали и наодите од истражувањата ќе бидат понатаму обработени во поглавјето каталог на наоди.

### 6.5.Безистен, село Прилепец – Прилеп

Локалитетот Безистен во атарот на село Прилепец истражуван е минорно и сондажно почнувајќи од 1928 година од страна на Никола Вулиќ, а покасно и од други истражувачи. Уште Никола Вулиќ на овој простор утврдил меѓу другото и остатоци од некропола која не ја опишува детално само споменува дека се најдени гробови, а материјалот кој единствено го споменува се монети од македонските кралеви. Богатството и карактерот на овој локалитет го потврдува и досега најголемата пронајдена остава на монети од македонските и пајонските кралеви. Се работи за депо на сребрени тетрадрахми.

### 6.6.Марков Ѕид, село Прилепец – Прилеп

Месноста Марков Ѕид се наоѓа на околу 1 километар оддалеченост источно од селото Прилепец. Овдека се лоцирани остатоци од тврдина и некропола од хеленистичкото време. Некрополата се состои од гробови корита издлабени во карпа. Наоди не се пронајдени поради тоа што гробовите на површина се појавиле поради ерозијата така да и матеијалот од нив е однесен. Но на површината на овој локалитет се среќаваат монети од мекедонските кралеви па и некрополата се сместува во периодот на хеленизмот, односно периодот од кој потекнуваат монетите.




Овој локалитет е споменат во Археолошката карта на Република Македонија под селото Прилепец[121], а со другите локалитети кои се споменуваат[122] во атарот на ова село можеме да заклучиме дека сочинуваат една целина кој ни дава доволно податоци за да претпоставиме дека тука се наоѓа поголема населба од македонскиот кралски период со своите некрополи.

## 6.7.Комплекс на некрополи Маркови Кули, Варош – Прилеп

Најстарите траги кои укажуваат на човечка егзистенција и активност на просторот на Марковите Кули, во форма на стамбени единици, некрополи и секако движен материјал претставен во остатоците од керамика, монети, алатки и орудија од разни материјали, откриени се на источната периферија од населбата Варош, на горните тераси и во седлото на Маркови Кули, а му припиаѓаат на неолитот и на бронзениот период. На истиот овој простор, како и на западната периферија на

[121] Археолошка карта на Република Македонија /АКРМ/, Том II, МАНУ, Скопје 1996 година. Поглавје XXI Прилеп, подпоглавје 67, страна 309.

[122] Во АКРМ под атарот на село Прилепц се запишани шест локалитети, и тоа: ***Безистен, Глува Долина, Камберица, Корита, Марков Ѕид*** и ***Маркова Стапалка***.

Варош и на највисокиот врв од Маркови Кули , Чардак, се пронајдени остатоци од населбинско живеење од периодот на железното време[123]. Присуството на човекот на овој простор е потврдено и во наредните периоди, значи со материјални наоди кои се детектираат на терен може да се потврди егзистенцијата на овој простор и во целиот архајски и антички период. Под јужните падини и на самото седло на Маркови Кули се регистрирани траги од населба на поголема површина која потекнува од хеленистичкиот период. Временски оваа населба можеме да ја следиме од IV век п.н.е. до средината на 2




век п.н.е., а потоа и од раноримскиот период од срдината на 2 век п.н.е. до 1 век од н.е.[124]. Остатоци на теренот се детектирани и во поголема или помала мера истражувани и од наредните периоди што укажува на тоа дека просторот на Маркови Кули бил интересен за населување и користење[125].

[123] Китаноски Благоја, Краток преглед, 13.
[124] Babić Boško, Arheološki tragovi, 22; Кепески Костадин, Сондажни истражувања, 155 – 164.
[125] Материјалната култура на Македонските Словени во светлината на археолошките истражувања во Прилеп – Прилог за историјата на културата на Македонскиот народ, Бошко Бабиќ, Институт за истражување на старословенската култура – Прилеп, Прилеп 1986 година, страна 14.

Покрај овој карпест рид во антиката поминувала многу важна комуникација која ги поврзувала тогаш исклучително важните балкански патишта Via Militaris и Via Egnatiae. Според Tabula Pojtingerijana, во просторната диспозиција во атарот на денешен Прилеп се наоѓала станицата, односно градот Ceramia[126].

Континуитетот на живеење на локалитетот продолжува и во наредните историски епохи. Потврдени се градби од V и VI век, што значи дека ова место е користено и во рановизантискиот период[127].

[126] Sarija Dr. B., Ceramiae – Deuriopos, Mitteilungen des Vereins klassischer Philologen, Wien 1925; Вулић Др. Н., Географија Јужне Србије у античко доба, ГСНД XIX, Скопље 1938.
[127] Babić B., Arheološki tragovi, 22.

### 6.7.1. Под Кули, Варош – Прилеп

Некрополата Под Кули се наоѓа на истоимената месност, според која и го добила името, во населбата Варош – Прилеп. Овој локалитет лежи на јужната падина под Марковите Кули, непосредно над патот Прилеп – Кичево, на самиот влез во населбата Варош[128].




На теренот каде што е лоцирана оваа некропола вршени се истражувања во повеќе кампањи, односно теренот кој порано бил користен како земјоделско земјиште почнува да се пренаменува и да биде користен за парцели за градба на станбени објекти со што при

[128] Костадин Кепески, Сондажни истражувања на дел од хеленистичката некропола под Марковите кули во Варош, Macedoniae Acta Archaeologica /MAA/, Скопје 1975 година, број 1, страна 155 до 164.

градежните активности на теренот се појавуваат и наоди и конструкции од некрополата. Така да некрополата е истражувана дел по дел во зависност од времето како се подигаат нови градби на теренот.

До сега се истражени околу 250 метри квадратни простор од некрополата која има тенденција на ширење. Теренот на кој што се наоѓа некрополата Под Кули има природен пад кон југ, а здравицата која е карпа или црвенкасто тврда земја е релативно плитка. Како резултат на интензивната аграрна обработка на земјиштето комбинирано со природната стрмнина на теренот која е голема, како и со ерозивните дејства на атмосверските влијанија, во дел од некрополата настанале поголеми промени и пореметувања на теренот со што во некои делови изгубена е интактноста на материјалот па и на гробните форми.

Според пронајдениот материјал кој подолу ќе биде обработен, гробницата временски е сместена во хеленистичкиот период, а поконкретно ќе биде детерминирана со темелната анализа на пронајдениот материјал кој претежно се состои од керамички садови и мал дел на метални предмети. Во однос на погребувањата се работи за некропола со инхумација (скелетни погребувања).

### 6.7.2. Мечкина Дупка, Варош – Прилеп

Некрополата Мечкина дупка ја претставуваат две макдеонски гробници вклсани во карпа. Некрополата Мечкина Дупка е сместена во подножјето на западната падина на Маркови Кули, од каде погледот се шири кон Институтот за тутун[129]. Оваа некропола временски се сместува во хеленистичкиот период на што укажуваат гробниците во карпа кои како фунерарен облик на архитектура се појавуваат токму во хеленистичкиот период. За подетално датирање неможе да стане збор од причина што гробниците биле отворени многу одамна, можеби уште во самата антика, така да немаме наоди кои би ни помогнале попрецизно временски да ја лоцираме. Засега можеме да кажеме дека се работи за погребувања од хеленистичкиот период, а доколку се извршат археолошки истражувања на околниот терен постои можност да се откријат гробови, па и гробници, кои ќе ни помогнат да подетално го утврдиме карактерот на некрополата.

[129] Археолошка карта на Република Македонија /АКРМ/, Том II, МАНУ, Скопје 1996 година, страна 286.

### 6.7.3. Крклари, Прилеп

На месноста Крклари евидентиран е уште еден археолошки локалитет, односно некропола, која своето име го добива по месноста. Некрополата Крклари е сместена над Прилеп, на северните падини на Маркови Кули на една поголема закосена рамнина[130].

На оваа некропола откриени се две гробници вдлабени во карпа кои се сочувани и уште неколку кои поради порозноста на карпата и изложеноста на ерозивните сили веќе се растуриле. Покрај овие монументални погребни форми имаме и погребувања во гробови кои се издлабени во карпа во вид на корита. Веројатно погребувањата и во полуксузните, односно Македонски гробници, и во поскромните гробови, сочинуваат една некропола која припаѓала на античкиот град Керамија. Претпоставката дека ова е една од некрополите на Керамија сметам дека е оправдана поради монументалните гробни форми кои биле користени на оваа некропола, а временски припаѓаат на хеленистичкиот период. Во периодот во кој оваа фунерарна форма егзистира потврдено е дека во овој предел се наоѓа град по име Керамија (потврдена станица на Tabula Pojtingerijana), а градбите на терен кои се наоѓаат на Маркови Кули само го потврдуваат тоа иако досега не е пронајден натпис кој дефинитивно би го решил овој проблем.

Од некрополата на Крклари немаме движен археолошки материјал поради тоа што гробниците се отворени одамна, можда и во самата антика како и многу други гробници од овој тип.

[130] Димитриоски Тренчо, Древна цивилизација I (археологија, митологија, преданија – прилепско), ЦПРТВ – Прилеп, Прилеп, 2000 година.

## 6.8.Разбојна Дупка, село Локвени – Долнени




Селото Локвени се наоѓа на северозападниот раб на пелагониската рамнина, сместено е на источната падина на ридот кој е огранок на Бушова Планина и се спушта од селото Селце кон југоисток се до рамницата, односно до селото Кривогаштани.

Под селото Локвени во Археолошка карта на Република Македонија е забележан само еден археолошки локалитет, локалитетот Кале[131]. Спред тоа овој археолошки локалитет е заведен како кале и рефугиум од доцноантичкото време. Но со најновитс археолошки истражувања Проф. Д-р. Виктор Лилчиќ дава многу попрецизни податоци за овој локалитет и хронолошки го определува егзистирањето на оваа населба.[132]

---

[131] *Кале*, кастел и рефугиум од доцноантичкото време. На 1,5 километри јужно од селото, на висок рид со зарамнет простор од 50 х 50 метри, што доминира над околната рамнина (кота 909), се гледаат траги од одбранбен ѕид. По површината на калето се среќаваат фрагменти од керамички садови, тегули и множество кршен камен. (Г. М.)

Археолошка карта на Република Македонија /АКРМ/, Том II, МАНУ, Скопје 1996 година, страна 202.

[132] Во Колекцијата Шелдаров од овој локалитет што се води како Кале, Алданци, се регистрирани монетите на македонските кралеви Архелај, Филип II, Александар III, Филип V и Персеј. (Шелдаров Никола, 2003, броеви 356, 407, 438, 465, 481, 546 и 612, како и една Пела број 109). Монетите што ги откривме на овој локалитет, во Музејската збирка на ФЗФ, само ја потврдуваат споменатата хронологија. Тоа се бронзи на

Освен хронолошкото прецизирање на овој град и неговата детерминација Проф. Д-р. Виктор Лилчиќ ги лоцира и некрополите на овој град. Според него кастелот имал две некрополи. Главната и постара се наоѓа јужно пред кастелот на планинското било, а втората, помала, од хеленистичко време се наоѓа на околу 500 метри источно.

При истражувањата од страна на професорот на теренот биле констатирани и две карактеристични антропоморфни стели.

На околу 500 метри јужно од Кале, на западната страна на планинското било, се наоѓаат остатоци од една раноантичка гробница вдлабена во карпа. Месното население на оваа месност и дало име Разбојна Дупка, веројатно поради самата гробница[133].

---

кралевите: Аминта III, Филип II, Александар III, Касандар, Пир, Деметриј I Полиоркет, Антигон Гонат, Филип V и Персеј.

Животот на ова високо античко гратче траел во континуитет до 3 век н.е., што се гледа од керамичките фрагменти на самиот локалитет но и од пронајдените монети на Александар Север, Каракала, Елегабал, Гордијан и други римски цареви. Подоцнежни нема.

Проф. Д-р. Виктор Лилчиќ, Корпус на старите градови и тврдини во Република Македонија – археолошко, историска топографија, Том I, рана антика, Линкестида и Девриоп, Скопје 2009 година.

[133] Митковски Александар, 1996, 92, 96.

Проф. Д-р. Виктор Лилчиќ, Корпус на старите градови и тврдини во Република Македонија – археолошко, историска топографија, Том I, рана антика, Линкестида и Девриоп, Скопје 2009 година, страна 162 – 169.

## 6.9.Дибек, село Суводол – Битола

Во октомври 1931 година археолошки тим предводен од Франце Месеснел го посетиле селото Суводол кое се наоѓа источно од Битола со намера да извршат увид на тогаш новооткриената ранохристијанска базилика во месноста Сланец во атарот на истото село. По извршувањето на увидот локалниот учител Спасое Орман тимот го однесол на местото викано Дибек и им покажал еден вертикален раскопан влез во некаква (тогаш сеуште неутврдено каква) подземна просторија која била вклесана во карпата. Ова место се наоѓа северо – источно од село Суводол на падините на планината од каде има визуелна комуникација со денешното село, но поважно од тоа е визуелната комуникација со остатоците од античкиот град во кој се наоѓа споменатата базилика. Остатоците од оваа античка населба не се подетално истражувани па поради тоа немаме информација која би ни потврдила за кој антички град станува збор.




При обработката на нивите и лозјата во околината на локалитетот Дибек селаните често наидувале на гробови направени од необработени камени плочи[134], а била пронајдена и една плоча со грчки натпис во еден ред[135].

Според состојбата на теренот и податоците кои досега ги имаме може да се утврди дека според расврленоста и бројот на гробовите од типот циста но и од неколкуте пронајдени гробници вклесани во карпа, дека се работи за организирана

[134] Според кажаното веројатно се работи за гробови од типот цисти.
[135] Натписот е регистриран и од него е направена фотографија која може да се види во Споменик С.К.А. LXXVII, Д-р Никола Вулић, Антички споменици наше земље (број 11).

некропола која припаѓала на сеуште неистражениот антички град од левата страна на Суводолска река.

При оваа археолошка кампања тимот на Франце Месеснел констирал уште една гробница вклесана во карпа на која уште тогаш сводот почнувал да и се руши поради влијанието на атмосвералиите[136].

Археолошките истражувања на овој локалитет продолжуваат дури во 1991 година од страна на екипа на Заводот, Музеј и Галерија од Битола во рамките на долгогодишната програма за заштита на археолошките локалитети загрозени со експлоатацијата на лигнитот од страна на Рударско Енергетскиот Комбинат – Битола.

Во кампањата организирана во 1991 година целосно биле истражени три гробници од Македонски тип вклесани во карпа. Најпрво била истражена гробницата која ја детектирал и самиот Франце Месеснел, а на која под влијание на атмосвералиите и се рушела сводната партија, потоа е исчистена предходно истражуваната гробница ( истражувана во 1931 година од Франце Месеснел ) и на крај била откриена и истражена уште една гробница која што се наоѓа во непосредна близина на предходните две гробници[137].

Во Археолошката карта на Република Македонија под селото Суводол се споменати десет археолошки локалитети[138] кои потекнуваат од различни временски периоди што укажува на поволната местоположба за населување низ сите векови на човечката егзистенција па така и во периодот кој е предмет на истражување на овој научен труд.

---

[136] Франце Месеснел, Једна гробница код села Суводола, Гласник Скопског научног друштва, книга XIV, Скопје, 1953 година, страна 205.

[137] Три доцнохеленистички гробници во стена од локалитетот „ Дибек„ село Суводол – Битола, Macedoniae Acta Archaeologica, број 13, Скопје 1992 година, страна 149 – 161.

[138] ***Бројанец, Бртви, Дибек, Ѓорев Рид, Ѓорчева Воденица, Манастирец, Тумба, Туриграв, Ума*** и ***Шуплевец,***
Археолошка карта на Република Македонија, /АКРМ/, Том II, МАНУ, Скопје 1996 година, страна 42 – 45.

## 6.10. Црквиште, село Беранци – Битола

На оддалеченост од околу 14 километри северно од Битола, до западниот раб на пелагониското поле и делумно искачувајќи се на нискиот рид кој ја уоквирува рамницата, распослано е селото Беранци, во чија околина лежат бројни и значајни антички наоѓалишта. Во Археолошката карта на Република Македонија под селото Беранци запишани се девет археолошки локалитети кои ги опфаќаат скоро сите периоди на човековото егзистирање и творење кои се евидентирани во Пелагониската рамнина, но според бројноста на локалитетите можеме да кажеме дека периодот на антиката е особено развиен и најзастапен со археолошки локалитети но и со доста научно и уметнички важни артефакти[139].

Во рамницата под селото на оддалеченост од околу 1,6 километри источно од него, непосредно до патот Прилеп – Битола лежи некрополата Црквиште[140].

Во 1953 година сопственикот на една од нивите кои се наоѓаат над самиот локалитет (некропла) орајќи подлабоко од вообичаено на длабочина од околу 25 сантиметри разорал неколку гробови, материјалот кој што излегол на површината сопственикот на нивата го предал на музејот во Битола, а се состоел од делови од пет бронзени вази.

Иницирaн од ова откритие, во 1954 година на истото место истражува Коста Балабанов за Битолскиот музеј. Но не е познат бројот на откопаните гробови ниту пак е евидентиран и идентификуван целиот гробен инвентар од оваа археолошка кампања. За истата досега се изнесени само неколку скромни податоци во еден информативен текст на Петар Лисичар[141].

Во 1962 година земјиштето на кое се наоѓа оваа некропола, месност викана Црквиште, била откупена за потребите на Земјоделскиот комбинат Лозар од Битола при што се јавила потреба од подлабоко орање за подигањето на лозови насади, па тогаш било неопходно да се извршат подетални археолошки

[139] ***Висои, Воден Дол, Грабечка Река, Градиште, Женски Дол, Плочи – Надсело, Ристов Кладенец, Црквиште*** и ***Шукаловец,*** Археолошка карта на Република Македонија, /АКРМ/, Том II, МАНУ, Скопје 1996 година, страна 17 – 18.

[140] Иван Микулчић, Једна хеленистичка некропола из околине Битоља, Старинар, нова серија XV – XVI, Београд, година 1964/65, страна 227 – 243.

[141] Петар Лисичар, Нашата македонска антика, Современост 8 (Скопје 1954), 600.

истражувања на просторот. Во текот на октомври и ноември истата година се извршени археолошки истражувања при што се истражени вкупно 26 гробови вклучувајќи ги остатоците од четирите предходно откриени гробни конструкции[142].

Во периодот од 13 до 27 ноември 1964 година Археолошкиот музеј од Скопје на просторот на некрополата врши истражувања како продолжение на истражувањата кои ги извел во 1962 година[143]. Во кампањата изведена во 1964 година се откриени уште 33 нови гробни конструкции[144]. Поставени биле шест сонди со големина 10 х 10 метри и неколку помали проширувања на истите, на просторот од предходно ископаните квадранти IV и V и северно и источно од истите. Со тоа истражената површина се зголемила на околу 950 метри квадратни, а севкупно осткриените гробни конструкции од сите досегашни кампањи стигнува до 70[145].

Последната археолошка кампања пружила голем број на нови податоци за оваа голема и значајна раноантишка некропола. Значаен е еден податок кој е забележан при овие истражувања, тоа е групирањето на повеќе гробови во густа семејна групација. Други податоци кои се откриени при последната кампања се тоа што е утврдена двојната ориентација на гробовите во некрополата (З–И и С–Ј), голема разновидност во типот и обликот на гробните конструкции односно во нивниот начин на градење, масивноста, сложеноста и големината.

Хронолошката граница на на оваа некропола е следната : на југозападната периферија на некрополата констатирано е погребување уште од касноархајскиот период, а северно од групацијата на гробови од класичниот период збиени се гробовите од хеленистичкиот период.

За разлика од конструкциите од класичната епоха кои се многу плитко вкопани, одприлика на околу 12 до 20 сантиметри под површината и сите се со кремација, во III век п.н.е. напоредно со малите лесно градени гробови со

[142] Иван Микулчиќ, Једна хеленистичка некропола из околине Битоља, Старинар, нова серија XV – XVI, Београд, година 1964/65, страна 227.
[143] Arheološki pregled 5, Beograd 1963 година, страна 61.
[144] Arheološki pregled 6, Beograd 1964 година, страна 99.
[145] Иван Микулчиќ, Једна античка некропола из околине Битоља, Старинар, нова серија – книга XXI, Београд, година 1970, страна 139.

спалување, егзистираат големи, претерано масивни конструкции со скелетни погребувања на поголема длабочина.




Гробови во квадрат IV

### 6.11. Петилеп, село Беранци – Битола

На блага падина која ја сече магистралниот пат Прилеп – Битола, на оддалеченост од околу 2,5 километри јужно од селот Беранци се наоѓа месноста наречена Петилеп. При земјоделски активности кои се вршеле во оваа месност со

орањето на нивите биле откопани остатоци од гроб[146]. При извршениот увид и истражување утврдено е дека се работи за исклучително богато погребување. Тоа го потврдува и големината на гробната конструкција не само наодите кои се репрезентативни меѓу кои остатоците од златна маска и големиот бронзен кратер се издвојуваат како најлуксузни.




Треба да се напомене дека ископувањата на овој локалитет се изведени во една кампања и никогаш не е доистражен еден поголем дел од саматото погребување, а пак истражувања околу утврдување на големината и карактерот на некрополата никогаш не се направени.

---

[146] Pelagonija u svetlosti arheoloških nalaza od egejske seobe do Avgusta, Ivan Mikulčić, Arheološko društvo Jugoslavije, Arheološki muzej – Skopje, 1966 година, страна 37.

Некрополата Петилеп може дури и да се смета како дел од некрополата Црквиште, но поради монументалноста на наодите и млата оддалеченост од некрополата Црквиште одлучено е да се третира самостојно.

## 6.12. Висои, село Беранци – Битола

Некрополата Висои I и II се наоѓа на околу 17 километри северозападно од Битола и на околу 300 метри од левата страна на стариот пат Битола – Прилеп, на тромеѓето помеѓу селата Црнобуки, Могила и Беранци[147].

Во текот на 1954 година Битолскиот музеј вршел ископувања на три тумули од железното време кои биле откриени при бработка на нивите за засадување на лозови насади. При рекогносцирањата извршени истата година на оддалеченост од околу 120 метри од споменатата железновременска некропола од три тумули (наречена Висои I) на теренот кој бил исто така изоран и подготвуван за подигање лозов насад, на површината се констатирани неколку фрагменти од бакарен плех. Откако биле собрани утврдено било дека сите фрагменти му припаѓаат на еден сад кој е распаднат[148].

Потоа на просторот на кој се пронајдени погоре споменатите фрагменти извршено е минимално сондажно ископување при што е прибран исклучително вреден материјал кој очигледно припаѓал на некое многу богато погребување. Оваа некропола е наречена Висои II.

---

[147] Археолошка карта на Република Македонија /АКРМ/, Том II, МАНУ, Скопје 1996 година. Страна 17.
[148] Весник на музејско – конзерваторското друштво на НР Македонија, година III, Скопје јули – август 1955 година, број 3 – 4, страна 75, П.М, Д.С..

## 6.13. Гумење, Трескавец – Прилеп

Во месноста Гумење на околу 300 метри од манастирот Трескавец распослано е едно поголемо плато со површина од околу 1 хектар. На ова место детектирани се, а со истражувањата во 1959 година и потврдени, наоди кои месноста Гумење ја детерминираат како локалитет. На платото при истражувањата во 1959 година констатирани се гробни конструкции кои биле користени најрано во IV век п.н.е., па до доцноримскиот период. Наодите од овие истражувања се чуваат во Заводот и музеј на град Прилеп[149].




Во непосредна близина на Манастирот Трескавец, пред самата капија, се наоѓа манастирската градина во која има во карпата исклесано македонска гробница која денес се користи како кладенец.

[149] Археолошка карта на Република Македонија /АКРМ/, Том II, МАНУ, Скопје 1996 година. Поглавје XXI Прилеп, подпоглавје 82 Трескавец, страна 313 до 314.

7. **Каталог на гробни форми и наоди по некрополи**

**7.1.Калдрма – Прилеп**

Некрополата Калдрма е рамна некропола лоцирана на блага падина. Од оваа некропола во две кампањи истражени се вкупно околу 250 метри квадратни при што се откриени 35 гробови и вонгробни наоди.




**Каталог на гробови**

**Гроб 1.** Обликот му е кружно – овален, со пречник од 0,70 x 0,50 метри. Ограден и покриен со камења. Се наjдува на 10 метри, источно од К – 143. Длабочината до нивото на гробната конструкција изнесува 0,20 метри, а самиот гроб е длабок 0,40 метри. Дното му е здравица. Покојникот бил претходно спален. Во гробот е констатирана поголема количина на гареж, а остатоците од недогорените коски се изгниени. Движни наоди нема.

**Гроб 2.** Гробот 2 е северозападно одма до гробот 1. Обликот и конструкцијата му се слични со гробот 1. Овие два гроба се меѓусебно одвоени со еден ред од поситни камења. Пречникот му е 0,75 x 0,50 метри. Длабочината до гробната конструкција е 0,40 метри под земјата, а самиот гроб е длабок 0,40 метри. Дното му е здравица. Покојникот бил претходно спален, но остатоци од него не се пронајдени. Од овој гроб сопственикот на нивата вадел камења и према неговото кажување тука открил :

- Белегзија од бронза со четвртасто проширени и вкрстени краеви во два фрагменти. Лентата и е со сегментен пресек и широка 0,004 метри. Пречник 0,098 x 0,075 метри. Инв. бр. 254.
- Белегзија од бронза, слична со предходната во три фрагменти. Таа е без еден крај, а другиот и е оштетен. Лентата е со сегментен пресек и широка 0,005 метри. Пречник 0,067 x 0,060 метри. Инв. бр. 255.
- Белегзија од бронза, слична со претходните две, во три фрагменти. Едниот крај недостига. Лентата е со сегментен пресек и широка 0,004 метри. Пречник 0,085 x 0,081 метар. Инв. бр. 256.
- Прстен од бронзена жица, оштетен, со сегментен пресек и вкрстени краеви. Од лошата патина се распаѓа. Пречник 0,02 метри. Инв. бр. 257.

**Гроб 3.** Се наоѓа на 0,36 метри, југозападно од гробот 1, со кого е во иста линија. Обликот му е четвртаст, со димензии 0,65 x 0,60 метри. Ориентација исток – запад. Ограден од страните, освен источната, со четири камени плочи, од кои двете се подебели. Длабочината до гробната конструкција е 0,20 метри под површината на земјата, а длабочината на гробот е 0,30 метри. Дното му е земјено. Исполнет е со земја помешана со гареж. Умрениот бил претходно спален. Остатоци од недогорени коски во гробот не се констатирани. Во гробот сопственикот на нивата открил :

- Бронзена белегзија, целосно сочувана, слична со оние од гробот 2. Лентата и е со сегментен пресек и широка 0,005 метри. Пречник 0,080 x 0,075 метри. Инв. бр. 258.
- Бронзена белегзија, слична со предходната. На краевите, чии страни се една спрема друга, врежани се по три попречни линии. Лента со сегментен пресек и широка 0,004 метри. Пречник 0,078 метри. Инв. бр. 259.
- Бронзена белегзија, слична со претходната. Едниот крај недостига. Лентата е со сегментен пресек и широка 0,005 метри. Пречник 0,060 x 0,057 метри. Инв. бр. 261.

- Бронзена белегзија, слична со претходната. Краевите недостигаат. Лента со приближно четвртаст пресек и широка 0,004 метри. Пречник 0,080 x 0,078 метри. Инв. бр. 260.



**Гроб 4.** Четвртаста циста, оградена и покриена со бели мермерни плочи. Покривот и е од три такви плочи. Оградите од потесните страни се повнатре. Ориентацијата му е северозапад – југоисток. Димензиите се 1,25 (0,90) x 0,050 (0,40) метри. Длабочината до него од релативната определена референтна точка е 0,95 метри под релативната нула. Длабочината на гробот е 0,38 метри. Дното му е земјено. Покојникот бил претходно спален. Остатоци од покојникот не се констатирани. Гробот беше исполнет со земја измешана со гареж. Гробни прилози нема. Над покривната плоча, во северозападниот агол на гробот е најдена :

- Спирална бронзена белегзија со три навои, прекршена и нагризана на повеќе места. Од лошата патина се распаѓа. Лентата и е со сегментен пресек и широка 0,006 метри. Пречник 0,048 метри. Инв. бр. 280.





**Гроб 5.** Обликот му е кружно – овален. Гробот е вкопан директно во здравицата. Пречникот му изнесува 1,35 x 0,75 метри. Длабочината до него од релативната нула е 0,86 метри. Гробот е длабок 0,14 метри. На источната страна на гробот се наоѓаат неколку ситни камени плочи, поставени без посебен ред. Покојникот бил претходно спален. Во гробот, покрај собраните недогорени коски се откриени и :

- Двојна игла од тенка бронзена жица од типот „омега“, со зашилени и оштетени краеви. Димензии :

должина 0,100 метри, а најголема ширина 0,024 метри. Пречникот на жицата е 0,003 метри. Инв. бр. 262.



- Фрагментирана двојна бронзена игла, слична со претходната. Зачуван само горниот дел. Димензии : 0,065 x 0,026 метри. Пречник на жицата 0,003 метри. Инв. бр. 263.



- Лак од бронзена фибула на шарнир, со оштетена глава и нога. На краевите има по едно плочесто задебелување. И средниот дел на лакот е подебел. Димензии : должина 0,028 метри, а височина 0,013 метри. Инв. бр. 264.



- Елипсеста круна од бронзен прстен – печат. Оштетена. Од лошата патина се распаѓа, така да е тешко да се утврди што претставува врежаниот негатив на незе. Пречник 0,015 x 0,010 метри. Инв. бр. 376.



**Гроб 6.** Обликот му е кружно – овален. Гробот е директно вкопан во самата здравица. Пречникот му изнесува 1,15 x 0,80 метри. Длабочината до гробот од релативната нула изнесува 0,97 метри. Гробот е длабок 0,08 метри. Дното на гробот е земјено. Покојникот бил претходно спален. Остатоци од него не се констатирани. Освен црната земја помешана со гареж, во гробот се откриени :



- Двојна игла од бронзена жица, слична со оние од гробот број 5. Едниот крак е прекинат на две места. Димензии : должина 0,116 метри , а најголема



широчина 0,030 метри. Пречник на жицта 0,003 метри. Инв. бр. 265.

- Двојна игла од бронзена жица, слична со претходната. Едниот крак и е искривен. Димензии : должина 0,135, а најголема широчина 0,030 метри. Пречник на жицата 0,003 метри. Инв. бр. 248.



- Прстен – печат од бронзена жица со сегментен пресек и елипсеста круна, на која има врежано негатив на претстава на две фигури во борба или еротска сцена. Пречникот му е 0,022, а на круната 0,019 x 0,014 метри. Инв. бр. 266.



- Крив железен нож без дршка, оштетен. Од лошата патина се распаѓа. Сочувана должина 0,130 метри, а најголема широчина на сечивото 0,030 метри. Инв. бр. 377.



- Фрагмент од горниот дел на крив железен нож. Димензии : 0,090 x 0,035 метри. Инв. бр. 378.



- Фрагмент од дршка на железен нож, со една попречна нитна, во три делови. Димензии : 0,070 x 0,025 метри. Инв. бр. 379.



- Дел од железна канија, во два фрагментии со полукружен пресек. Димензии : 0,045 x 0,020 метри. Инв. бр. 380.



**Гроб 7.** Обликот му е шетвртаста циста, оградена и покриена со камени плочи. Ориентацијата на гробот е северозапад – југоисток, а димензиите 1,00 x 0,40 метри. Длабочината до него од релативната нула е 0,37 метри. Гробот е длабок 0,27 метри. Дното му е од земја. Остатоци од коски или гареж, како и гробни прилози нема.



**Гроб 8.** Обликот му е четвртаст. Покриен е со камени и бели ситни мермерни плочки. Ориентацијата му е север – југ, а димензиите 1,90 x 0,90 метри. Длабочината до гробот мерена од релативната нула е 1,21 метар, а самиот гроб е длабок 0,39 метри. Дното на гробот е земјено. Во гробот е откриен долниот дел од скелетот при што е заклучено дека главата му е на северната страна на гробната конструкција. Под нозете е откриен :



- Оштетен керамички сад, сличен со амфора, со две лентести дршки, од кои е зачувана само една. Дното му е кружно и рамно, а ободот е оштетен. Боја црвенкаста. Садот е работен на грнчарско колце, но прилично грубо. Димензии : височина 0,20 метри, пречник на дното 0,083 метри и пречник на ободот 0,050 метри. Дршката е широка 0,020 метри. Инв. бр. 267.



**Гроб 9.** Обликот му е кружно – овален со пречник од 0,60 x 0,50 метри. Покриен со три бели мермерни плочи. Длабочината до него е 0,92 метри од релативната нула, а самиот гроб е длабок 0,13 метри. Дното му е земјено. Покојникот бил претходно спален, од кого се констатирани насобрани коски заедно со дел од главата. Гробни прилози нема.



**Гроб 10.** Обликот му е четвртаст со димензии 1,00 x 0,60 метри. Ориентацијата му е североисток – југозапад. Длабочината до гробната конструкција од нивото на релативната нула е 0,85 метри, а длабочината на на самиот гроб е 0,17 метри. Дното му е земјено. Покојникот бил претходно спален. Од него се откриени недогорени коски помешани во подолг куп, заедно со делови од главата. Под коските има доста гареж. Од движни наоди откриени се :



- Прстен од сребро, со елипсеста круна, прекршен на две места. Пречникот му е 0,017 метри, а пречникот на круната 0,015 x 0,011 метри. Инв. бр. 268.



- Прстен од сребро, со елипсеста круна, прекршен на две места. Од лошата патина се распаѓа. Пречникот му е 0,018 метри, а пречникот на круната 0,022 x 0,017 метри. Инв. бр. 269.



- Лак од бронзена фибула на шарнир, со кружна глава и без нога, сличен со оној од гроб број 5. Зачуваната должина изнесува 0,030 метри, а височината 0,013 метри. Инв. бр. 270.



- Деформирана, фрагментирана бронзена белегзија, слична со оние од гробовите 2 и 3, без еден крај. Лентата и е со сегментен пресек, а е широка 0,003 метри. Димензии 0,040 x 0,038 метри. Инв. бр. 272.



- Фрагмент од бронзен предмет со цилиндричен облик. На него има две плочести проширувања, а надвор од нив продолжува во жица со кружен пресек. Димензии 0,017 x 0,008 метри. Инв. бр. 271.



- Мonисто од килибар, со приближно четвртаст облик и браонкаста боја. Во средината попречно кружно продупено. Димензии 0,031 x 0,012 метри. Инв. бр. 273.



- Оштетена железна игла со еден зашилен крај, а другиот полукружно завиткан, во два фрагменти. Од оксидацијата се распаѓа. Сочувана должина 0,080 метри, а пречник 0,003 метри. Инв. бр. 340.



**Гроб 11.** Обликот му е четвртаст, со димензии 1,25 x 0,50 метри. На места покриен со мали камени плочи. Ориентацијата е североисток – југозапад. Длабочината до гробната конструкција од релативната нула одредена на теренот е 0,83 метри, а самиот гроб е длабок 0,52 метри. Дното му е земјено. Под камените плочи се наоѓаат недогорени коски, поставени без посебен ред. Неколку заби од спалениот покојник се откриени во североисточниот дел на гробот. Под коските на целата површина има многу гареж. Покрај коските и под нив се откриени :



- Лак од бронзена фибула на шарнир, со оштетена глава и крстеста нога. На лакот три прстенести задебелувања околу кои има уште по две плочести појачувања. Димензии : должина 0,030 метри, а висина 0,023 метри. Инв. бр. 249.



- Фрагментиран лак од бронзена фибула на шарнир, со кружна глава на средината продупена. На лакот три плочести задебелувања околу кои имало уште по едно помало исто такво појачување. Димензии :



сочувана должина 0,025 метри, а височина 0,015 метри. Инв. бр. 274.

- Лак од бронзена фибула на шарнир, со кружна глава и крстеста нога, во три фрагменти. На ногата има две топчести испупчувања, а на лакот три задебелувања од по еден прстен, околу кои има уште по едно помало плочесто појачување. Димензии : должина 0,032 метри, а височина 0,020 метри. Инв. бр. 275.



- Лак од железна фибула на шарнир. Од оксидацијата се распаѓа и тешко е да се утврди обликот на главата и ногата. Димензии : долшина 0,045 метри, а висина 0,020 метри. Инв.бр. 279.



- Прстен – печат од бронза, на две места прекршен. Круната му е елипсеста, а на незе има врежано негатив од делфин. Димензии : пречник 0,021 метар, а круна 0,018 x 0,010 метри. Инв.бр. 276.



- Елипсеста круна од оштетен и деформиран прстен – печат од бронза, во два фрагменти. Од лошата патина нагризан е и се распаѓа. На круната е врежан негатив на некаква претстава. Димензии 0,015 x 0,005 метри. Инв. бр. 277.



- Прстен од бронза со елипсеста круна од која недостасува еден дел. Прстенот е нагризан од дивата патина и се распаѓа. Димензии: пречник



0,012 метри, а на круната 0,012 х 0,005 метри. Инв. бр. 278.

- Дел од железна игла, во два фрагменти. Од оксидацијата се распаѓа. Сочувана должина 0,040 метри, а пречник 0,003 метри. Инв. бр. 341.



**Гроб 12.** Обликот му е четвртаст, со димензии 1,65 х 0,65 метри. Покриен со камени и мермерни плочи, а ориентацијата му е северозапад – југозапад. Длабочината до него од релативната нула на теренот изнесува 0,60 метри, а самиот гроб е длабок 0,20 метри. Дното му е од земја. Покојникот бил претходно спален, од кого се откриени две недогорени и иструлени коски од нозете. Околу коските, како и под нив имаше доста гареж. Од гробни прилози содржеше:

- Мала оштетена керамичка чаша, со масивно кружно и равно дно и мрко сивкаста боја. Таа имала една дршка, од која е сочуван само коренот. Димензии : височина 0,042 метри, пречник на дното 0,032 метри и на ободот 0,059 метри. Инв. бр. 281.



**Гроб 13.** Обликот му е четвртаст, со димензии 0,75 х 0,50 метри. Покриен со камени плочи, а ориентацијата му е североисток – југозапад. Длабочината до него е 1,04 метри под релативната нула на теренот, а самиот гроб е длабок 0,26 метри. Дното му е земјено. Покојникот бил претходно спален, од кого се откриени недогорени насобрани коски со многу гареж. Од гробни прилози содржи:



- Оштетен крив железен нож, што се распаѓа, поставен паралелно со едно копје, а сечивото му е надвор. Димензии : сочувана должина 0,16 метри, а

најголема широчина на сечивото 0,030 метри. Инв. бр. 343.

- Распаднато железно копје, поставено помеѓу претходниот нож, и следниот керамички сад. Должината му е 0,275 метри, а најголемата ширина 0,038 метри. Инв. бр. 342.

- Керамички сад, многу издробен и оштетен. Имал две лентести дршки што го надвишувале ободот, од кои е зачувана само едната. Поставен покрај предходното копје и една недогорена коска. Бојата му е мрка. Приближната височина му е околу 0,060 метри, а пречникот на ободот е околу 0,080 метри. Инв.бр. 344.




**Гроб 14.** Обликот му е кружно – овален, со пречник 1,00 x 0,90 метри. Покриен со камен и мермерни плочи. Длабочината до гробната конструкција од релативната нула изнесува 0,54 метри, а самиот гроб е длабок 0,26 метри. Дното му е од земја. Умрениот бил претходно спален, од него во гробот се откриени недогорени коски со доста гареж. Од гробни прилози содржи :



- Оштетен киликс со кружно и прстенесто дно, направен од добро печена земја. Површината од двете страни му е црно фирнисана. Димензии : височина 0,43 метри, пречник на дното 0,046 метри и пречник на отворот 0,120 метри. Дршките му се со кружен пресек. Инв. бр. 346.



- Фрагментиран горен дел од бронзена обетка, со еден зашилен крај, а другиот четвртесто задебелен – на шарнир. Обликот полукружен, а пресекот на жицата сегментен. Димензии 0,023 x 0,012 метри. Инв. бр. 282.



- Фрагментиран горен дел од бронзена обетка, сличен со претходниот. Зачувана должина 0,022 метри. Инв. бр. 283.



- Обетка од бронзена жица со сегментен пресек, кружно завиткана. Едниот крај и е зашилен. Пречник 0,020 метри. Инв.бр. 284.



- Неколку фрагменти од крив железен ножшто се распаѓа. Фрагментите се со различни димензии. Најголемата широчина му изнесува 0,025 метри. Инв. бр. 345.



**Гроб 15.** Обликот му е кружно – овален со пречник од 0,70 x 0,55 метри. Покриен со камени и мермерни плочи. Длабочината до гробната конструкција од релативната нула на теренот изнесува 0,56 метри, а длабочината на самиот гроб изнесува 0,09 метри. Дното е од земја. Покојникот бил претходно спален. Од него се откриени насобрани недогорени коски, со дел од главата и доста гареж. Гробни прилози нема.

**Гроб 16.** Обликот му е четвртест со димензии 0,80 х 0,60 метри. Покриен со камена и мермерна плоча, а ориентацијата му е североисток – југозапад. Длабочината до гробната конструкција од релативната нула на теренот изнесува 0,45 метри, а самиот гроб е длабок само 0,11 метри. Дното на гробот е земјено. Покојникот бил претходно спален. Од него се откриени под плочите две недогорени коски и доста гареж. Од гробни прилози има:

- Многу оштетена железна игла со полукружен облик. Зачуваната должина и е 0,050 метри, а пресекот изнесува 0,005 метри. Инв. бр. 347.



**Гроб 17.** Четвртаста циста, оградена и покриена со камени плочи. Ориентацијата е североисток – југозапад, а димензиите 1,20 х 0,75 метри. Длабочината до гробната конструкција од релативната нула изнесува 0,72 метри, а самиот гроб е длабок 0,40 метри. Дното на гробот е земјено. Покојникот претходно спален, од него се констатирани насобрани недогорени коски, помешани со доста гареж. Гробни прилози нема.

**Гроб 18.** Обликот му е правоаголен, со димензии 1,20 х 0,60 метри. Делумно покриен со помали камени плочи. Ориентацијата му е северозапад – југоисток. Длабочината до гробната конструкција од релативната нула на теренот изнесува 0,59 метри, а длабочината на самиот гроб изнесува 0,16 метри. Дното на гробот е земјено. Покојникот бил претходно спален. Од него се откриени недогорени коски, насобрани со доста гареж. Од гробни прилози содржи:

- Лак од фибула од бронза на шарнир, со оштетена глава и цела крстеста нога, на која има две топчести испупчувања. На лакот пет нарецкани задебелувања, а околу нив уште по две помали и поситно нарецкани појачувања. Димензии: должина 0,048 метри, а височина 0,030 метри. Инв. бр. 246.



- Лак од фибула од бронза на шарнир без глава и нога, од жица со кружен пресек и еднаква дебелина по целата должина. Целиот лак е рапав од попречни пластични тенки кругови. Димензии : должина 0,021 метар, а височина 0,010 метри. Инв. бр. 286.



- Прстен – печат од бронза. Зачувана само елипсестата круна, на која има врежано во негатив претстава на киликс од кого расте дрво. На крајот од дрвото коњска глава на лево, а од двете страни во средниот дел покрај дрвото по една змија. Пречник 0,021 x 0,011 метри. Инв. бр. 285.



- Три фрагменти од железна игла со кружно проширена глава. Зачуваната должина изнесува 0,035 метри, а пречникот на главата изнесува 0,012 метри. Инв. бр. 348.



**Гроб 19.** Обликот му е приближно четвртаст, со димензии : 1,15 x 1,00 метри. Ограден и покриен со камени плочи, а ориентацијата му е северозапад – југоисток. Длабочината до гробната конструкција од релативната нула на теренот изнесува 0,40 метри, а длабочината на самиот гроб е 0,36 метри. Дното на гробот е земјено. Во него не се откриени трагови од коски и гареж. Од гробни прилози гробот содржи:

- Крив нож од железо со облик на сор во повеќе фрагменти. Од дивата патина се распаѓа. Димензии: должина 0,21 метар, дршка 0,105 метри, а сечиво 0,105 метри. Дршката му е шуплива со пречник од 0,020 метри. Сечиво широко 0,040 метри. Инв. бр. 365.



- Фрагмент од дршка на нож од железо, со плоснат облик и две попречни нитни. Од дивата патина се распаѓа. Зачувани димензии 0,040 x 0,020 метри. Инв. бр. 366.



- Фрагмент од железна канија со полукружен облик. Од дивата патина се распаѓа. Зачувани димензии 0,050 x 0,003 метри. Инв. бр. 367.



**Гроб 20.** Обликот му е четвртаст со димензии1,80 x 0,75 метри. Покриен со камени и една мермерна плоча, а ориентацијата му е северозапад – југоисток. Длабочината до гробната коснструкција од релативната нула на теренот изнесувва 0,60 метри, а самиот гроб е длабок 0,40 метри. Целиот гроб е вкопан во здравица. Во него е откриен цел скелет на кој се констатирани траги од горење. Покојникот бил легнат на грб. Главата му е на југоисточниот крај на гробот, свретна на страна кон запад. Во источниот профил на гробот, покрај скелетот на возрасниот покојник пронајдени се остатоци од детски скелт, што укажува на тоа дека гробот е двоен. Детскиот скелет е поставен



покрај долниот дел на возрасниот покојник, а главата му е на северозападната страна од гробот. Возрасниот покојник е делумню спален. Вкопаниот дел на гробот има димензии 1,90 x 0,45 метри. Од гробни прилози гробот содржи:

- Белегзија од сребро со отворени краеви што се завршуваат со стилизирани змиски глави, украсени со врежани орнаменти и гранулација. Очите на змиите им се претставени со врежани концентрични кругови. Лентата и е со сегментен



пресек. Откриена на левата рака. Пречникот и е 0,077 x 0,065 метри. Инв. бр. 250.



- Белегзија од сребро, наполно слична со претходната. Откриена на десната рака. Пречникот и е 0,070 x 0,062 метри. Инв. бр. 287.

- Лак од фибула од бронза на шарнир, со оштетена глава и нога. На крстестата нога три кружни отвори. На краевите од лакот има по едно прстенесто задебелување, околу кое има уште по едно помало плочесто појачување. Димензии: должина 0,034 метри, а височина 0,022 метри. Откриена покрај десниот лакт. Инв. бр. 251.



- Лак од фибула од бронза на шарнир, со оштетена глава и нога. На краевите од лакот по едно прстенесто задебелување. Средниот дел на лакот исто така задебелен. На крстестата нога иам три кружни отвори. Димензии : должина 0,035 метри, а височина 0,023 метри. Откриен покрај десното рамено. Инв. бр. 252.



- Лак од фибула од бронза на шарнир, без глава и оштетена нога која е на три места кружно продупена. Слична со претходната. Димензии: должина 0,025метри, а височина 0,017 метри. Откриена покрај левото рамено. Инв. бр. 288.



- Фибула од бронза на шарнир, со оштетена глава и крстеста нога, на која има две пластични

испупчувања. Лакот е сличен со претходните два примероци. На овој примерок сочувана е и иглата. Димензии: должина 0,036 метри, а височина 0,021 метар. Откриена покрај левото рамено. Инв. бр. 289.



- Лак од фибула од бронза на шарнир, наполно слична со претходната. Димензии : должина 0,039 метар, а височина 0,021 метар. Откриена е покрај левото рамено. Инв.бр. 290.



- Лак од фибула од бронза на шарнир, слична со предходниот примерок, без глава и нога. Сочувана должина 0,021 метар. Откриена покрај десното рамено, заедно со обетките. Инв. бр. 291.



- Лак од фибула од бронза на шарнир, со оштетена глава и нога. На лакот има пет ѕвездести задебелувања од по шест кракови. Димензии: должина 0,026 метри, а височина 0,018 метри. Откриена на истото место со претходната. Инв.бр. 292.



- Лак од фибула од бронза на шарнир, наполно слична со претходната, која се распаѓа. Димензии : должина 0,032 метри, а височина 0,019 метри. Откриена на истото место со претходните два примероци. Инв. бр. 373.



- Обетка од сребро од чунест тип, делумно сочувана. Од дивата патина се распаѓа. Украсена со

гранулација. Приближни димензии 0,032 x 0,022 метри. Откриена под десното рамено. Инв.бр. 293.



- Обетка од сребро од чунест тип, наполно слична со претходната. Приблни димензии, 0,029 x 0,011 метри. Инв. бр. 312.



- Фрагмент од долниот дел на копје од железо со шупливо тулце. Сочувана должина 0,090 метри, од кои тулцето е 0,030 метри, а пречникот на отворот му е 0,015 метри. Сечиво широко 0,023 метри. Откриено покрај левото рамено. Инв.бр. 349.



- Фрагментирана канија од железо со полукружен облик во два дела. Зачувани должини 0,030 метри и 0,029 метри, а најголема широчина од 0,028 метри. Откриена покрај левото рамено. Инв. бр. 350.



- Фрагмент од долниот дел на нож од железо, благо завиткан. На едниот крај зачувана попречна нитна, а врвот му е зашилен. Димензии 0, 037 x 0,010 метри. Откриен покрај левото рамено. Инв. бр. 351.



- Фрагментирана елипсеста круна од железен прстен, што се распаѓа. Димензии 0,020 x 0,031 метар. Откриен на прст од левата рака. Инв. бр. 352.



- Оштетен прстен од железо со елипсеста круна. Од дивата патина се распаѓа. Димензии : Пречник 0,023 метри, круна 0,020 x 0,014 метри. Откриен на прст од левата рака. Инв.бр. 353.



- Мал лекитос од печена земја, со оштетено кружно прстенесто дно и една лентеста дршка. Целата површина му била црно фирнисана. Откриен под левата нога. Димензии : височина 0,075 метри, пречник на ободот 0,025 метри, а на дното 0,030 метри. Инв. бр. 253.



- Керамичка патера, со кружно и рамно дно. Бојата и е мрко – сивкаста внатре, а мрко – црвенкаста надвор. Исполнета со гареж. Направена на грнчарско колце од непречистена земја. Откриена покрај претходно споменатиот сад. Димензии: височина0,055 метри, пречник на дното 0,056 метри, а на отворот 0,160 метри. Инв. бр. 313.



- Керамичка олпа, со една лентеста дршка, кружно и рамно дно и темно – црвенкаста боја. Работена на грнчарско колце. Откриена на истото место со претходните два садови. Димензии : височина 0,170 метри, пречник на дното 0,071 метар, а на отворот 0,073 метри. Дршката широка 0,017 метри. Инв. бр. 314.



**Гроб 21.** Обликот му е четвртаст, со димензии 0,80 x 0,40 метри. Покриен со камени и една мермерна плоча, а ориентацијата му е северозапад – југоисток. Длабочината до гробната конструкција од релативната нула на теренот изнесува 0,58 метри, а самиот гроб е длабок 0,17 метри. Дното на гробот е земјено. Покојникот бил претходно

спален, од него се откриени насобрани недогорени коски со доста гареж. Гробни прилози нема.

**Гроб 22.** Обликот му е четвртаст, со димензии 1,05 x 0,70 метри. Покриен со камени и мермерни плочи. Ориентацијата му е североисток – југозапад. Длабочината до гробната конструкција од релативната нула на теренот изнесува 0,34 метри, а самиот гроб е длабок 0,31 метар. Дното на гробот е земјено. Покојникот бил претходно спален, од него се откриени насобрани недогорени коски со доста гареж. Од гробни прилози содржи :

- Фрагмент од масивен железен предмет со топчест изглед, во средината продупен. Од дивата патина се распаѓа. Пречникот му е 0,014 метри. Инв. бр. 354.

- Фрагментиран крив нож од железо. Наодот се распаѓа. Зачувана должина 0,075 метри, а најголема жирина 0,025 метри. Инв. бр. 363.

- Двојна игла од железо, примерокот се распаѓа. Двата кракови и се зашилени, а горниот дел поширок и набран во пет вертикално збиени навои. Димензии : должина 0,090 метри, горе широка 0,065 метри. Пречникот на жицата 0,003 метри. Инв. бр. 364.



**Гроб 23.** Обликот му е четвртаст со димензии 1,10 x 0,80 метри. Ограден и покриен со ситни камени и мермерни плочки. Ориентацијата му е североисток – југоозапад. Длабочината до гробната конструкција мерена од релативната нула на теренот изнесува 0,52 метри, а самиот гроб е длабок 0,28 метри. Дното на гробот е земјено. Покојникот бил претходно спален, од него се откриени насобрани недогорени коски со главата поставена на теме и доста гареж. Од гробни прилози содржи:

- Копје од железо во повеќе фрагменти, примерокот се распаѓа. Димензии: приближна должина 0,400 метри, а должина на тулце 0,100 метри, широчина на листот 0,030 метри, пречник на тулце 0,20 метри. Инв. бр. 355.



- Копје од железо во повеќе фрагменти, слично со претходното, со кое беа поставени паралелно едно покрај друго. Димензии : приближна должина 0,320 метри, а должина на тулце 0,100 метри, широчина на листот 0,030 метри, пречник на тулцето 0,020 метри. Инв. бр. 356.



- Копје од железо во повеќе фрагменти, примерокот се распаѓа. Димензии : сочувана приближна должина 0,160 метри, а широчина 0,026 метри. Тулцето недостасува. Инв. бр. 357.



**Гроб 24.** Обликот му е кружно – овален, со пречник од 0,90 метри. Ограден и покриен со камени плочи. Длабочината до него од релативната нула одредена на теренот изнесува 0,46 метри, а самиот гроб е длабок 0,24 метри. Дното од гробот е земјено. Покојникот бил претходно спален, од него се откриени насобрани недогорени коски со цела глава и доста гареж. Гробни прилози нема.

**Гроб 25.** Обликот му е четвртест со димензии 1,30 x 0,80 метри. Покриен со камени плочи. Ориентацијата му е северозапад – југоисток. Длабочината до нивото на

гробната конструкција од релативната нула одредена на теренот изнесува 0,51 метар, а длабочината на самиот гроб е 0,19 метри. Дното на гробот е земјено. Покојникот бил претходно спален, од него се откриени насобрани недогорени коски со доста гареж. Гробни прилози нема.

**Гроб 26.** Обликот му е четвртаст со димензии 1,00 x 0,80 метри. Наместа покриен со мали камени и мермерни плочки. Ориентацијата му е северозапад – југоисток. Длабочината до самата гробна конструкција од релативната нула одредена на теренот изнесува 1,04 метри, а самиот гроб е длабок 0,31 метар. Дното на гробот е земјено. Покојникот бил претходно спален, од него се откриени трули недогорени коски од нозете со доста гареж. Од гробни прилози содржи:

- Обетка од сребро, со купест масивен завршеток и три цели навои од лента со четвртаст пресек. Димензии : височина 0,042 метри, пречник 0,028 метри, должина на купестиот дел 0,013 метри. Инв. бр. 245.



**Гроб 27.** Обликот му е кружно – овален, со пречник 1,00 x 0,70 метри. Вкопан директно во земјата, без оградни и покривни камења. Длабочината до гробната конструкција изнесува 0,58 метри, а самиот гроб е длабок 0,17 метри. Дното на гробот е земјено. Покојникот бил претходно спален, од него се откриени насобрани недогорени коски со дел од главата и доста гареж. Покрај коските имаше две копја, поставени паралелно едно покрај друго со обратни краеви. Гробните прилози се следните :

- Оштетено копје од железо во неколку фрагменти, примерокот се распаѓа. Димензии: сочувана должина 0,440 метри, а на тулцето 0,145 метри и пречник 0,020 метри. Лист широк 0,035 метри. Инв. бр. 359.

- Оштетено копје од железо, во повеќе фрагменти. Примерокот се распаѓа. Слично со претходното. Зачувана должина 0,475 метри, а должина на тулце 0,125 метри и пречник 0,020 метри. Листот е широк 0,035 метри. Инв. бр. 360.




**Гроб 28.** Обликот му е кружно – овален, со пречник од 1,10 x 0,70 метри. Делумно покриен со камени плочи. Длабочината до гробната конструкција од релативната нула одредена на теренот изнесува 0,92 метри, а длабочината на самиот гроб изнесува 0,22 метри. Дното на гробот е земјено. Покојникот бил претходно спален. Од него се откриени насобрани недогорени коски, со доста гареж. Од гробни прилози содржи:

- Елипсеста круна од прстен – печат од бронза, со врежан негатив на некаква претстава. Пречникот и е 0,018 x 0,011 метри. Инв. бр. 315.



- Обетка од сребро, со масивен купаст завршеток чиј врв е украсен со гранулација. Лентата и е со четвртест пресек, а на надворешната страна по должината, има паралелни пластични ребра. Пречникот и е 0,024 метри, а должината на купестиот завршеток 0,010 метри. Инв. бр. 247.



**Гроб 29.** Обликот му е кружно – овален, со пречник од 0,90 x 0,55 метри. Конструкцијата му е слична со гробот број 27. Длабочината до гробната конструкција од релативната нула одредена на локалитетот изнесува 0,76 метри, а длабочината на

самиот гроб изнесува само 0,09 метри. Дното на гробот е земјено. Покојникот бил претходно спален. Од него се откриени насобрани недогорени коски, со доста гареж. Од гробни прилози содржи:

- Белегзија од бронза, со краеви кои што се залепуваат еден покрај друг, а се завршуваат четвртасто проширени. Лентата и е со сегментен пресек и широка 0,005 метри. Пречникот и е 0,079 метри. Низ незе поминува коска од раката на покојникот. Инв. бр. 316.



**Гроб 30.** Обликот му е кружно – овален, со пречник од 0,70 метри. Конструкцијата му е иста како гробовите број 27 и 29. Длабочината до гробната конструкција од релативната нула одредена на теренот изнесува 0,95 метри, а длабочината на самиот гроб изнесува само 0,11 метри. Дното на гробот е земјено. Покојникот бил претходно спален. Од него се откриени насобрани недогорени коски со доста гареж. Од гробни прилози содржи:

- Оштетена обетка од бронзена жица со кружен пресек. Едниот крај и е зашилен. По целата должина жицата е попречно нарецкана. Облик полукружен, а должина 0,015 метри. Од дивата патина примерокот се распаѓа. Инв. бр. 317.



- Оштетена обетка од жица од бронза, наполно слична со претходната и откриена на истото место со незе. Од дивата патина примерокот се распаѓа. Зачуваната должина и е 0,016 метри. Инв. бр. 318.



- Бронзен предмет со триаглесто тело, во средината кружно продупчено. На секој агол има по едно

продолжение, што се завршува на крајот во петличесто проширување. Димензии 0,020 x 0,020 метри. Инв. бр. 319.



**Гроб 31.** Обликот му е кружно – овален, со пречник од 0,080 x 0,050 метри. Делумно покриен со камени и мермерни плочи. Длабочината до гробната конструкција мерена од релативната нула одредена на теренот изнесува 0,90 метри, а длабочината на самиот гроб е само 0,10 метри. Дното на гробот е земјено. Покојникот бил претходно спален. Од него се откриени насобрани недогорени коски со доста гареж. Гробни прилози нема.

**Гроб 32.** Обликот му е кружно – овален, со пречник од 0,80 x 0,60 метри. Конструкцијата му е иста како и на гробовите број 27, 29 и 30. Длабочината до гробната конструкција мерена од релативната нула одредена на теренот изнесува 0,95 метри, а длабочината на самиот гроб изнесува само 0,11 метри. Дното на гробот е земјено. Покојникот бил претходно спален. Од него се откриени насобрани недогорени коски со доста гареж. Од гробни прилози содржи:

- Многу оштетено копје од железо, во повеќе фрагменти. Примерокот се распаѓа. Сочуваната должина му е 0,320 метри, а должината на тулцето е 0,090 метри и пречник 0,020 метри. Инв. бр. 361.



**Гроб 33.** Обликот му е кружно – овален, со пречник од 1,00 x 0,80 метри. Конструкцијата му е иста како како на предходниот гроб. Длабочината до гробната конструкција мерена од релативната нула одредена на теренот изнесува 0,95 метри, а самиот гроб е длабок само 0,11 метри. Дното на гробот е земјено. Покојникот бил претходно спален. Од него се откриени насобрани недогорени коски со многу гареж. Гробни прилози нема.

**Гроб 34.** Обликот му е кружно – овален, со пречник од 1,30 х 1,00 метри. Вкопан директно во земјата. Североисточната страна му е делумно оградена со мали мермерни плочки без посебен ред. Длабочината до гробната конструкција од релативната нула одредена на теренот изнесува 0,86 метри, а самиот гроб е длабок 0,14 метри. Дното на гробот е земјено. Покојникот бил претходно спален. Од него е откриена само една недогорена коска со доста гареж. Покрај коската се откриени следниве гробни прилози:

- Фибула од бронза на шарнир, со оштетена глава и нога. Сочувана и е иглата. Лакот и е наполно сличен со третонаведениот примерок од гробот 5. Од дивата патина примерокот се распаѓа. Димензии : должина 0,030 метри, а висина 0,018 метри. Инв. бр. 320.



- Лак од фибула на шарнир, наполно сличен со претходниот примерок, со оштетена глава и нога. На ногата е сочувано едно топчесто испупчување. Примерокот се распаѓа. Димензии : должина 0,030 метри, а висина 0,020 метри. Инв. бр. 321.



- Лак од фибула на шарнир, сличен со претходните два примероци, со оштетена глава и нога. Примерокот се распаѓа. Димензии : должина 0,029 метри, а висина 0,021 метар. Инв. бр. 336.



- Лак од фибула на шарнир, сличен со предходните, без глава и нога. Примерокот се распаѓа. Димензии: сочувана должина 0,022 метри. Инв. бр. 371.



- Лак од фибула на шарнир од бронза, сичен со предходните примероци, без глава и оштетена нога. Од дивата патина примерокот се распаѓа. Димензии: сочувана должина 0,028 метри. Инв. бр. 372.



- Лак од фибула на шарнир од бронза, со оштетена глава и нога, сличен со примерокот од гроб 20 опишан како десети наод. Примерокот се распаѓа. Димензии: должина 0,021 метар, а височина 0,021 метар. Инв. бр. 337.



- Мал лекитос од добро печена земја, сличен со оној од гроб 20 опишан како 18 гобен наод. Црниот фирнис е сочуван наместа. Димензии : височина 0,070 метри, пречник на дното 0,027 метри, а пречникот на ободот му е 0,018 метри, дршката е широка 0,009 метри. Инв. бр. 338.



- Теракота, што претставува богинка која седи на столица, со зашилена капа на главата. Носот и е пластично назначен. Телото е шупливо освен главата. На плеќите има четвртест отвор. Бојата и е црвенкаста. Димензии : височина 0,113 метри, долниот дел 0,048 x 0,040 метри, отвор на плеќите 0,023 x 0,020 метри. Инв. бр. 339.



- Привезок од злато. На кружен петличест дел висат два тролисни висулци. Димензии : височина 0,020 метри, пречник на петличестиот дел 0,007 метри. Инв. бр. 369.



- Привезок од злато. На прстенест дел виси еден тролисен висулец, сличен со претходниот примерок.

Прстенестиот дел е украсен со гранулација. Димензии: височина 0,020 метри, пречник на прстенот 0,006 метри. Инв. бр. 370.



- Оштетена монета од бронза. На аверсот претставена глава на десно. На реверсот оштетен натпис на Александар. Пречникот и е 0,017 метри. Инв. бр. 368.



**Гроб 35.** Обликот му е четвртаст со димензии 0,70 x 0,45 метри. Покриен со камени плочи, а ориентацијата му е северозапад – југоисток. Длабочината до него мерена од релативната нула одредена на теренот изнесува 0,45 метри, а самиот гроб е длабок 0,15 метри. Дното е земјено. Покојникот бил претходно спален. Во гробот е откриено многу гареж, со слаби трагови од коски. Гробни прилоз нема.

**Вонгробни наоди**

- Фрагментирана белегзија од бронза, без еден крај, а дугиот четвртасто проширен. Лентата и е со сегментен пресек и широка 0,009 метри. Пречник 0,080 x 0,070 метри. Инв. бр. 375.



- Оштетено копје од железо, во повеќе фрагменти, што се распаѓаат. Сочуванатадолжина му е 0,080 метри, а широчината 0,028 метри. Инв. бр. 362.



- Два фрагменти од белегзија од бронза, чија лента е со кружен пресек. Пречникот бил 0,040 метри. Инв. бр. 388.



- Белегзија од бронза со зашилени краеви, кои поминуваат еден покрај друг. Пресекот на лентата е сегментен со широчина од 0,009 метри. Пречник 0,080 х 0,070 метри. Инв. бр. 374.



- Оштетена обетка од бронза, слична со примероците од гроб 30 опишани како прв и втор наод. Пречникот и е 0,025 метри. Инв. бр. 381.



- Оштетен привезок од бронза, четвртасто профилиран и вертикално продупен. Димензии 0,020 х 0,010 метри. Инв. бр. 382.



- Прстенесто монисто од стаклена паста, во средината кружно продупено. Површината му е украсена со бели кругови. Бојата му е браонкаста. Димензии 0,015 х 0,008 метри. Инв. бр. 383.



- Монисто од стаклена паста слично со претходното. Површината му е украсена со бели и плави кругови. Бојата му е жолтеникава. Димензии 0,012 x 0,010 метри. Инв. бр. 384.



- Монисто од стаклена паста, помало од претходните. Бојата му е зеленкаста, а површината украсена со плави и зелени кругови. Пречникот му е 0,007 метри. Инв. бр. 385.



- Мало монисто од стаклена паста со темно плава боја. Пречникот му е 0,007 метри. Инв. бр. 386.



- Мало монисто од стаклена паста. Површината надвор му е вертикално нарецкана, а бојата отворено зеленкаста. Пречникот му е 0,006 метри. Инв. бр. 387.



## 7.2.Комплекс на некрополи Старо Бонче, село Бонче – Прилеп

Комплексот на некрополи Старо Бонче го сочинуваат десет некрополи. Последните неколку години на територијата каде се распослани овие некрополи се вршени пообемни рекогносцирања што резултираше со нивно откривање и делумно истражување,[150] со што се дојде до извонредни податоци кои многу поблиску го дефинираат овој простор и неговиот карактер. Дотогашната перцепција на просторот се градела во најголема мера врз податоците добиени од случајните наоди кои населението ги носело во музејот на Прилеп и делумната истраженост на неколку пункта кои ни оддалеку не можеле да ја оформат сликата

---

[150] Археолошките истражувања (рекогносцирања и ископувања) во последните неколку години, почнувајќи од 2005 година па до денес, се вршени од страна на Катедрата за археологија при Филозофскиот факултет од Скопје. Раководители на кампањите биле Проф. Д-р. Драги Митревски, Проф. Д-р. Виктор Лилчиќ и Проф. Д-р. Антонио Јакимовски. Истражувањата се вршени во соработка со НУ Завод и Музеј – Прилеп.

за просторот.[151]Подолу следи обработка на некрополите кои го сочинуваат овој комплекс.[152]

### 7.2.1. Павла Чука, село Бонче – Прилеп

На локалитетот Павла Чука се наоѓа една од двете досега потврдени гробници од Македонски тип на територијата на Република Македонија. Оваа гробница е најсеверната досега констатирана Македонска гробница воопшто.

Истражувањата на оваа градба започнале уште во 1936 година[153] кога Никола Вулиќ истражува на територијата на Македонија, при што може да се каже дека е првиот археолог кој ја изнесува оваа монументална градба на површината на научната светлина.



Слика на предкомората од ископувањата на Никола Вулиќ

[151] Како случајни наоди во НУ Завод и Музеј – Прилеп најчесто се носени монети. Додека археолошки истражувања на овој простор има сосема малку. Истражувана е Македонската гробница која и претходно била истражена од постарите археолози и истражувања се вршени на толосоидната градба на Колкот од страна на Благоја Китаноски во 1985 година.

[152] Материјалите кои ќе бидат користени при обработката на следните некрополи од комплексот некрополи Старо Бонче, ми беа одстапени од раководителот на истражувањата Проф. Д-р. Антонио Јакимовски и од Проф. Д-р. Виктор Лилчиќ. Без овие материјали и документација практично ќе беше невозможно да се обработи овој значаен комплекс.

[153] Помеѓу жителите на околните села Бонче и Подмол кружи мислење кое се пренесувало од постари жители дека гробницата за прв пат била разрушена во Првата Светска војна. Дури се вели дека рушењето било предизвикано од граната. Но за тоа досега официјални податоци нема.

Потоа истражувања се вршени дури во 1985 година од страна на археологот Благоја Китаноски, но станува збор само за ревизиони ископувања на претходно сработеното. Дека тоа било така ни потврдуваат и најновите археолошки истражувања под раководство на Проф.Д-р. Антонио Јакимовски кој во 2007 година започнува да ја истражува гробницата и уште на почетокот на истражувањата го констатира дотогаш неоткриениот, карактеристичен, периметрален ѕид околу гробницата, односно, ѕидот кој е со дијаметар од 32 метри ги опкружува засводениот дел од дромосот, предкомората и комората која е централно поставена. Надвор од кружната градба останува отворениот дромос кој е вклесан во карпата и една градба за која што раководителот смета дека станува збор за хероон.

Кружниот ѕид не е сосема сочуван. Еден дел од него е девастиран. Блоковите од веќе растурениот дел се пронајдени околу триесетина метра кон север, употребени како меѓа на нивите и како потпорен ѕид за да се спречи ерозијата на обработливата почва. Кружниот ѕид од западната страна е сочуван во висина од два блока и должина од 18 метри по што прекинува. Додека источниот дел од ѕидот е сочуван во висина од три блока и должина од 37 метри. На местото каде што ѕидот е разграден е констатирано дека бил фланкиран со плитко вклесување во карпата.

На источната страна пред влезот во засводениот дромос, од надворешна страна на периметралниот ѕид констатирана е правоаголна градба изградена од исто такви монументални правилно обработени блокови. Градбата е сочувана во висина од само еден блок, останатите биле разместени и реупотребени во текот на вековите. Како што погоре беше споменато истражувачот со право смета дека оваа градба е хероон. За ваквата претпоставка подлога даваат и аналогиите со такви објекти во контекст на македонските гробници, како примерот со т.н. Филипова гробница.

Должината на засводениот дромос изнесува 11 метри, а неговата височина е 3 метри на јужната страна и 3,20 метри од северната страна. Од

засводениот дромос на северната преки камен праг за двокрилна врата се влегува во преткомората која од комората е одделена со преграден ѕид.

Прдкомората има димензии 3,5 x 1,5 метри, додека комората е долга 4 метри и широка 3,5 метри. И двете мерени одвнатре.

Поради монументалноста на обликот на ова архитектонско дело, гробницата одсекогаш го привлекувала вниманието. Па затоа јасно е дека таа уште во најстарите времиња била ограбувана и оштетувана. За тоа ни говорат и десетината детски гробови од римскиот период кои се вклопени помеѓу разместените блокови околу гробницата. Затоа не е необично тоа што во дромосот, предкомората или комората не беа констатирани движни наоди кои би ни помогнале за датирање на објектот или за евентуално идентификување на покојникот.

Според аналогиите со други гробници кои имаат слични елементи, а воедно имаќи ги во предвид историските прилики на областа, гробницата временски може да се смести во втората половина на четврти век п.н.е.. Антонио Јакимовски смета дека периодот кога е подигната оваа гробница е втора половина на четврти или почетокот на трети век п.н.е..

Со досегашните истражувања не е дојдено до податок кој би ни дал за право да поставиме основана претпоставка кој бил погребан, односно, на кого му припаѓала оваа монументална градба. Засега сме наведени да размислуваме според она што го имаме, а тоа е името, или можеби имињата, на регистрирани на два одделни натписи. Едниот е т.н. атински натпис и на него се споменува првата буква на владетелот П.... . Друго име кое се споменува е Менелај од Пелагонија. Првиот натпис е датиран 365/4 година п.н.е., додека другиот 363/2 година п.н.е.. Мое мислење е дека станува збор за еден ист владетел.

Првиот од нив кој е од 365/4 година п.н.е., во него се споменува еден пелагониски базилеј, чие име не е сочувано. Нему атињаните му доделиле државно гостопримство (проксенија и еуергенсија), а две години подоцна 363/2 година п.н.е. пофален е со јавна одлука на еклесијата како еуергент на атинската држава Меналаос Пелагон, за дадената воена и финансиска

помош на атинскиот стратег Тимотеј, во војната против Халкиѓаните и градот Амфиполис.

Овие податоци укажуваат на моќта на овој владетел како финансиска така и воена, па очекувано е да после соработката со атињаните да на неговиот двор дошле архитекти и луѓе кои по угледот на центрите на цивилизацијата ќе му подигнат градби. Меѓу градбите кои претпоставувам се дела на овие мајстори влегуваат споменатата гробница и тврдината (можеби кралска палата) на Висока.




План на гробницата

### 7.2.2. Колкот, село Бонче – Прилеп

На локалитетот „Колкот" првите и засега единствен истражувања вршени се во 1985 година од страна на НУ Завод и Музеј – Прилеп. Раководител на овие истражувања бил Благоја Китаноски.[154]

На овој локалитет е констатирана толосоидна градба со дијаметар на кругот од 32 метри. Симптоматична е големината на овој објект поради тоа што буквално се поклопува со големината, односно дијаметарот, на периметралниот ѕид кој ја заокружува гробницата од Македонски тип која е во подножјето на локалитетот „Колкот" на само 300 – 400 метри оддалеченост.

Ѕидот на овој објект е сочуван во висина од 1,20 метри и е граден од кршен камен со кал како сврзивно средство. Со ископувањата откриени се четири јами вклесани во подлогата, односно, во карпата. Според истражувачот јамите биле празни, значи не станува збор за погребувања. Материјалот кој се состои исклучиво од фрагменти од керамички садови, никако цели садови, бил околу јамите и низ заградениот простор. Во заградениот простор пронајдени се и остатоци од остеолошки материјал за кој немаме информација од каков карактер бил.

Според мислењето на В. Лилчиќ и А. Јакимовски оваа градба нема фунерарен карактер, ами има култна намена, односно станува збор за храм, кружно светилиште наречено Тесмофорион (Tesmophoria), посветено на култот на Деметра и Персефона, чиј култ е особено почитуван во периодот на раната антика.

Во Тесмофорионите кои секогаш биле поставени на подоминантно место од околината се изведувал тридневен верски фестивал кој се одржува наесен и требало да обезбеди принос на посевите. Така да сметам дека на ова место од каде што се гледа голем дел од плодната пелагониска рамница многу основана и издржана е тезата даена од професорите дека станува збор за објект од таков тип.

[154] Kitanovski B., 1984, 128.

### 7.2.3. Висока, село Бонче – Прилеп

На локалитетот Висока констатирано е моќно утврдување, но овде накратко ќе стане збор за некрополата која се наоѓа на крајот од клиновидниот завршеток на бедемите на тврдината. Некрополата се наоѓа на југоисточната страна.

Оваа некропола сметам дека треба да се спомене иако од истата немаме никакви наоди поради тоа што кробните конструкции кои се од типот корита вклесани во карпа од самата ерозија во текот на вековите се одголиле и материјалот исчезнал.

Со кратките истражувања во акрополата, организирани во 2007 година се констатираа два моќни културни слоја. Едниот е од 4 век п.н.е., додека другиот е од 6 век од н.е.. ние со сигурност не можеме да тврдиме на кој период припаѓаат споменатите десетина гроба но сметав дека е неопходно да се потенцира овој момент на постоење на некропола со што се укажува на населбински карактер на овој локалитет, а не дека е само моќен утврден храм и слично.

### 7.2.4. Грамаѓе под Голема Спаница, село Бонче – Прилеп

Локалитетот Грамаѓе под голема Спаница како што претходно беше споменато е детектиран со големите рекогносцирања изведени во 2009 година, а за првпат археолошки истражувања се извршени во 2012 година.

На претпоставениот опфат на некрополата констатирани се повеќе групации на кршен камен кои се пртпоставуваше дека се гробни конструкции. Стражувањата на две такви групации во јужниот дел на некрополата потврдија дека станува збор за гробови. Во кампањата во 2012 година истражени беа 2 такви гробни кострукции кои ги означивме како гроб 1 и гроб 2.

Конструкцијата на гроб 1 е со ориентација СЗ – ЈИ. Има правоаголна форма ие со димензии 2,40 метри на 1,30 метри. Едната бочна и едната челна страна се оформени со поголеми масивни камени плочи, додека другите две страни се оформени со поситен кршен камен. Длабочината на

гробот измерена од венецот на конструкцијата која го формира изнесува 0,60 метри, а долната страна како и самата камена конструкција се фланкирани на карпата.

Во внатрешноста на гробот евидентирани се мал број на фрагменти од керамички садови.



Гроб 1



Гроб 2

Гробот 2 оддалечен е од гробот 1 околу 1 метар кон исток. Ориентацијата му е СИ – ЈЗ и е поставен под прав агол со гробот 1. Димензиите му се 2,90 x 2,00 метри, а длабочината од круната на камената конструкцијата до дното кое е самата карпа е 0,95 метри.

Гробната конструкција е оформена од масивни камени плочи вертикално поставени една до друга, а аглите се дооформувани со поситен кршен камен. Исто така ситен камен е констатиран во долните делови до плочите кој веројатно служел за потпора на тешките плочи.

На дното од гробот во самата карпа издлабена е јама со димензии 2,00 x 0,97 метри и длабочина од 0,20 метри.

Во гробот 2 како движен гробен инвентар пронајдени се фрагменти од неколку керамички садови како и две железни фибули од типот „Малоазиски''.

Според наодите ова некропола се хронолошки се сместува од крајот на 4 и почетокот на 3 век п.н.е..

### 7.2.5. Долен Град – Штитови, село Бонче – Прилеп

Овој локалитет е случајно откриен во 2006 година. Откритието се состоело од бронзени делови од неколку парадни штитови, што припаѓале на воини од личната гарда на македонскиот крал Деметриј.

Од лицата кои ги откриле фрагментите на штитовите НУ Завод и Музеј прилеп откупил 146 фрагменти, додека Филозофскиот факултет од Скопје уште 6 фрагменти.

Овој наод од исклучително значење е публикуван од страна на Вера Битракова Грозданова[155] како и од Темелкоски Душко[156].

И двата автори неможат со сигурност да потврдат во каква функција тука биле штитовите. Околу овој локалитет се распространети досега набројуваните некрополи но сепак поради девастираноста на наодот и на неговиот контекст не можеме да дадеме поконкретно мислење за можната

[155] Vera Bitrakova – Grozdanova; Macedonian shield from Bonče, Археолошки откритија на почвата на Македонија, стр. 359-371.

[156] Душко Темелкоски, Пјер Жуел; Антички македонски штитови од Пелагонија, Прилеп, 2007 година.

нивна релација со некоја од некрополите. В. Б. Грозданова смета дека можно е да биле посветени *ex voto* на некое од божествата.

Околу штитовите во истата 2006 година, доцна есента, извршени се истражувања од страна на Катедрата за археологија при ФЗФ и НУ Завод и Музеј Прилеп, под раководство на Проф. д-р Драги Митревски. Направена е контролна сонда со димензии 3х3 метри, при што се откриени кружна јама со дијаметар од 110 сантиметри и длабочина од 90 сантиметри. Во неа, но и расфрлени по површината евидентирани се фрагменти од керамички садови како и фрагменти од покривни тегули. Исто така се откриени и фрагменти од поголем керамички складишен сад, питос, во кој веројатно биле сместени штитовите како и полуксузните црнофирнисани садови, пирамидални и бубрежести тегови како и еден железен доста оштетен нож.

Калап за изработка, веројатно исчукување на ваков штит е пронајден во Егејскиот дел на Македонија. Калапоте сега се наоѓа во холандскиот музеј Allard Pierson Museum.

### 7.2.6. Голема Спаница, село Бонче – Прилеп

На локалитетот Голема спаница никогаш не се вршени археолошки истражувања. Констатираните 14 гробни констукции вклесани во карпа од типот циста, се одголени од ерозијата, а се документирани во кампањата во 2009 година.



### 7.2.7. Мала Спаница, село Бонче – Прилеп

Како и на предходниот локалитет кој е оддалечен од Мала Спаница на само 200 метри, не се вршени археолошки истражувања. На оваа локација во карпата забележана е една гробна конструкција од типот циста вклесана во карпа.



### 7.2.8. Долна Преслап (плато над каменолом), село Бонче – Прилеп

Првите археолошки истражувања на овој локалитет се изведени во 2013 година. На теренот се затекнати две гробни конструкции. Едната која е кон југ на платото беше сосема отворена додека другата, на централната позиција на оваа височинка, беше полу отворена.

Во кампањата во 2013 година истражени се 3 гробни конструкции. Едната е на најдоминантната точка на ридот, оваа гробна конструкција е означена како гроб 1.



Гроб 1



Гроб 2



Гроб 3

Гроб 1 како што погоре споменавме се наоѓа на најдоминантната точка на ридот на кој е распослан локалитетот Горна Преслапта. Гробната конструкција ја сочинува венец од поголеми аморфни камења и ограден ѕид кој ја формира самата гробна комора кој исто така е од аморфни но во димензии помали камења. Просторот помеѓу овие ѕидови е испоент со камен. Со камен исто е исполнета и самата гробна комора која делумно е соѕидана од камен, а делумно вклесана во карпа.

Гробната јама е со димензии 310 x 100 сантиметри, додека целата гробна конструкција со надворешниот ѕид е со димензии 500 x 360 сантиметри.

Во јамата евидентирани се фрагменти од неколку садови (две чинии, една тип ихтија, друга тип ехинус паница) премачкани со црн фирнис. Откриена е и една позлатена бронзена копча со гроздест облик. Откриени се железни клинци, остеолошки материјал на кој има траги од горење. Траги од гареж и пепел се откриени во еден дел од гобната јама каде беше и концентрацијата на керамичките наоди.

Гроб 2 е со димензии 210 x 130 сантиметри. Гробната конструкција е оформена од масивни плочести камења. Како наоди евидентирани се фрагменти од керамички садови од кои еден со црно фирнисана површина. Како покарактеристичен наод се издвојуваат фрагментите од импортен стаклен сад, лекит арибалос од источно медитерански тип.

Евидентирана е и фрагментирана фибула изработена од железо.

Гроб 3 е од типот циста, има ориентација север – југ. Димензии 190 x 45 сантиметри. Гробната конструкција била отворена уште во минатото, па ние само ја исчистивме и технички ја документиравме, така да од неа немаме никакви движни наоди.

### 7.2.9. Грамаѓе под Три Камна, село Бонче – Прилеп

На локалитетот Грамаѓе под Три Камна работено е во кампањите 2010 и 2011 година. Во двете кампањи откриени се по шест гробни конструкции од некрополата која очигледно е поголема и откриеното е само

дел од неа од кој можеме да извлечеме прелиминарни согледувања на карактерот и хронологијата на оваа некропола.

Гробовите, односно нивните конструкции на кои се наишло и во дете кампањи се идентични. Вкопани во карпа, а потоа оградени со масивни полуобработени плочести камења.

Според пронајдениот материјал некрополата има хронолошки распон од VI век п.н.е. до IV век п.н.е..

Според репрезентативноста на наодите се издвојува гробот 10, во кој се пронајдени железно копје, железен нож, бронзено умбо од штит со уникатна претстава на палмета, бронзен прстен со врежана претстава на војник, како и сребрена фибула од т.н. малоазиски тип.



Гроб 10

Во гробот 11 откриени се врвови од две железни копја кои се ритуално свиткани и приложени во гробот како гробни дарови.



Гроб 11

### 7.2.10. Грамаѓе на Петочна Вода, село Бонче – Прилеп

Како што беше во едно од предходните поглавја кажано некрополата Грамаѓе на Петочна Вода е лоцирана на две паралелни природни возвишенија.

Истражувања на оваа некропола изведени се во кампањата во 2013 година при што поставени се две сонди. По една на секое од возвишенијата. И на двете локации костатирана е по една гробна конструкција, што укажува на тоа дека оваа некропола ги опфаќа двете возвишенија и просторот помеѓу нив.

Откриените гробови се означени како гроб 1 на северното и гроб 2 на јужното возвишение.

Гроб 1 е ориентиран според ориентацијата на самото возвишение, односно ја следи, исток – запад. Под површинскиот слој евидентиран е насип од камења. Под овој слој на камен се наиде на рофка земја. На

длабочина од околу 50 сантиметри се наиде на дното на гробот кое е од тврдо набиена жолта земја. Во еден дел констатирано е поплочување на подот со камени плочи. Димензиите на гробот се по 330 сантиметри северната и јужната страна, додека источната и западната се по 290 сантиметри. Конструкцијата е изведена од масивни обработени камени плочи кои помеѓу процепите на составот се исполнуваат со ситни камења кои служат како супструкција или база на конструкцијата.

Од движен материјал може да се споменат само неколку фрагменти од керамички садови кои се црно фирнисани.



Гроб 1

Гроб 2 на некрополата Грамаѓе на Петочна Вода е лоциран во западниот крај на јужното возвишение. Димензиите не се како на гроб 1, овој е помал.



Гроб 2

Ориентацијата му е север – југ и има трапезоидна форма. Принципот на погребување е идентичен со насип од камења и дно од набиена земја. На еден дел во гробот забележани се траги од гареж и пепел како и во претходните, што ни дава за право да констатираме дека станува збор за погребувања со кремација.

Димензиите на гробот се по 210 сантиметри источната и западната страна, северната е 100 сантиметри, додека јужната е 130 сантиметри.

Гробни наоди се констатирани сосема малку, итоа станува збор за атипични фрагменти од керамички садови.

## 7.3. Комплекс на некрополи Горно Село, село Горно Село – Прилеп

Од овој комплекс ќе бидат прикажани двата пункта на кои се работело досега. Додека останатите (три) некрополи кои досега не се истражувани нема да бидат подетално опфатени. Станува збор за некрополите: Тумба, село Горно Село – Прилеп; Големи Камења, село Горно Село – Прилеп и Грло, село Горно Село – Прилеп.[157]

### 7.3.1. Сурун потег Тумба, село Горно Село – Прилеп

На овој локалитет евидентирани се 5 гробници и една недоработена, недовршена, гробница.

Гробницата број 5 е истражувана од страна на НУ Завод и Музеј Прилеп во соработка со La Trobe University од Мелбурн претставуван од Belinda Božinovski – D'Angelo.

Останатите четири гробници се истражени во кампањата во 2013 година под раководство на Душко темелкоски од НУ Завод и музеј Прилеп. Гробниците имаат идентични конструктивни елементи со помали отклонувања во димензии и по некој елемент.

### 7.3.2. Испраена Плоча, село Горно Село – Прилеп

На овој локалитет констатирани се две гробници вклесани во карпа. Овие две гробници поразлични се од другите само по должината на дромосот кој е значително подолг од оние на Сурун потег Тумба. Причината за оваа појава се должи исклучиво на решавањето на закономерностите и условите кои теренот ги нуди. Овде станува збор за гробници кои се на поблага падина за разлика од предходните па така и дромосот морал да биде подолг.

[157] Исто така поради немање на доволно податоци подетална обработка нема да се направи на некрополите Безистен, село Прилепец – Прилеп и Марков Sид, село Прилепец – Прилеп.

## 7.4.Прогон, село Букри – Битола

На локалитетот Прогон од движен археолошки материјал пронајден е шлем од бронза со висина од 28 сантиметри, ширина од лево кон десно од 19 сантиметри и од напред кон назад ширина од 22 сантиметри. Шлемот е покриен со дива патина.

Најдени се и три железни предмети кои поради оштетеноста неможе да се утврди најсигурно што се но веројатно се делови од меч.

Најдени се и керамички садови како и керамички пирамидални тегови.

## 7.5.Комплекс на некрополи Маркови Кули, Варош – Прилеп

### 7.5.1. Под Кули, Варош – Прилеп

**Гробови под зграда 15**

**Гроб 1.** Ориентацијата е запад – исток, со мал отклон кон север, димензии: 2,00 x 0,80 метри, на длабочина од 0,50 метри. Гробот е сместен во северозападниот дел на габаритот. Конструкција не е констатирана. Гробната јама е делумно вкопана во црвенкастата здравица, а незината јужна страна е фланкирана со поголема гранитна карпа. Од скелетот се сочувани само долните екстремитети, а гробните прилози се распоредени вдолж целата гробна јама.

Движниот материјал пронајден во овој гроб се состои од:

- Две олпи, од кои едната премачкана со сребренкаст премаз, а другата е сива со груба фактура и делумно оштетена.
- Две плитки патери, едната по мала и премачкана со црн фирниз, а другата поголема светло сива и со погруба фактура.
- Еден сад во облик на кантарос премачкан со црн фирниз, со ниско прстенесто дно и делумни оштетувања.
- Четири делови од златен накит, од кои една маларозета работена во техника на филигран и гранулација.
- Една фрагментирана фибула од сребро, малоазиски тип.

- Два фрагментирани сада од бронза од кои едниот поголем и плиток, а другиот мал, висок, со јако извлечен хоризонтален раб.
- Два фрагментирани прстени од бронза, со негатив паластичен приказ на човечка седечка фигура.
- Еден врв од железно копје.
- Две фрагментирани карики од бронза.

**Гроб 2.** Ориентација запад – исток, димензии: 1,70 x 0,50 метри, на длабочина од 0,96 метри.

Гробот е сместен во југозападниот дел од габаритот, од гробната конструкција не е сочувано ништо, а јамата е вкопана во црвенкастата здравица. Скелетот е многу уништен, најдени се само делови од черепот и нозете на покојникот. Во западниот дел од јамата пронајдени се гробните прилози кои се состојат од:

- Еден фрагментиран сад во облик на кантарос со црвенкаста боја и груба фактура.
- Фрагментиран тулец од железно копје.

**Гроб 4.** Ориентација запад – исток, димензии: 1,90 x 0,80 метри, на длабочина од 0,70 метри.

Гробот е сместен во југозападниот дел од габаритот, покриен со четири грубо обработени шкрилести плочи. Во гробната јама констатирани се ситни коски од скелетот. Гробни прилози нема.

**Гроб 5.** Ориентација запад – исток, димензии: 1,60 x 0,50 метри, на длабочина од 0,30 метри.

Гробот е сместен во јужниот дел од габаритот, од неговата конструкција констатирани се само три камења во неговиот западен дел, а од скелетот пронајдени се само неколку коски од нозете. Гробните прилози се сконцентрирани во западниот дел од гробот, а се состојат од:

- Еден мал биконичен сад со жолтеникава боја, целиот излупен и изронет од надворешната страна.

**Гроб 6.** Ориентација запад – исток, димензии:1,60 x 0,50 метри, на длабочина од 0,50 метри.

Гробот е сместен во јужниот дел од габаритот, гробната јама е заградена со неколку камења од северната и западната страна. Од скелетот пронајдени се остатоци од рбетниот столб и незете. Како гробен прилог е констаиран еден мал топчест сад со една дршка и портокалова боја. Садот од надворешната страна е украсен со споени S орнаменти изведени во темно црвена боја.

**Гроб 7.** Овој гроб е најден појужно од гробот број 6. Поради малата длабочина на која се наоѓал овој гроб истиот е девастиран и развлечен при обработката на земјиштето.

Деловите од гробот, растурени ситни камења и делови од скелетот, пронајдени се околу него. Гробот бил на длабочина од 0,20 метри.

**Гробови под зграда 19**

**Гроб 1.** Овој гроб бил уништен од страна на сопственикот на градежната парцела при копањето на јама за градежните активности кои требало да се изведуваат. Од сочуваните елементи може да се заклучи дека се работи за гроб со ориентација север – југ, и димензии 1,60 х 0,50 метри. Според зборовите на сопственикот наоди во гробот немало.

**Гроб 2.** Ориентација запад – исток, димензии: 1,60 х 0,40 метри, на длабочина од 0,35 метри.

Гробот лежи на непосредно крај јужниот профил на габаритот, гробната јама е вкопана во црвенкастата здравица. Оградена е со еден ред на кршен камен и фрагменти од тегули. Скелетот е во многу лоша состојба, делови од истиот има испретурано низ целата гробна јама. Прилози во гробот не се констатирани.

**Гроб 3.** Ориентација север – југ, димензии: 1,70 х 0,50 метри. На длабочина од 0,30 метри.

Гробот се наоѓа во средниот дел на габаритот. Јамата е вкопана во црвенкастата здравица. Од скелетот констатирани се само коски од долните екстремитети. Движни наоди нема.

**Гроб 4.** Ориентација запад – исток, димензиите не се точно одредени поради тоа што гробната јама е вкопана во песочен слој, а од гробната

конструкција нема ништо сочувано. Од скелетот констатирани се само коски од долните екстремитети на длабочина од 0,30 метри. Гробни прилози нема. И овој гроб веројатно страдал при обработката на земјиштето поради малата длабочина на која е вкопан.

**Гроб 5.** Ориентација запад – исток, сместен во северозападниот дел од гавбаритот. Гробна конструкција не е констатирана. Пронајдени се само неколку коски од долните екстремитети. Гробни прилози нема. Констатираните делови од скелетот лоцирани се на длабочина од 0,30 метри.

**Гроб 6.** Ориентација запад – исток, димензии: 1,70 x 0,40 метри. На длабочина од 0,40 метри.

Гробот е сместен во северниот дел од габаритот, зачуваниот дел од гробната јама сместен во тврдата жолтеникава земја има во себе само дел од скелетот, и тоа: рбетниот столб, карлицата и делови од нозете. Наоди во овој гроб не се откриени.

**Гроб 7.** Ориентација запад – исток, димензии: 1,60 x 0,40 метри. На длабочина од 0,40 метри.

Гробот е сместен во североисточниот дел од габаритот, со сочуван дел од кровот кој се состои од неколку грубо обработени шкрилести плочи. Сочуван е исто така и дел од оградниот ѕид од кршен камен, а во гробната јама освен неколку ситни коски од скелетот не е констатирано ништо друго.

**Гроб 8.** Сместен во поширокиот југоисточен дел од габаритот на длабочина од 0,30 метри. Судејќи према темната флека вкопана во жолтеникавата песоклива земја, гробот бил ориентиран во правец запад – исток. Од гробната конструкција не е пронајдено ништо. Во темно сивата земја е најденеден вретенест лакримариум – флакон, со црвенкаста боја, а украсен со три хоризонтално поставени паралелни линии изведени во бела боја.

**Гробови под зграда 20**

**Гроб 4.** Ориентација север – југ, димензии: 1,60 x 0,50 метри, на длабочина од 0,40 метри.

Гробот е сместен во североисточниот дел од габаритот. Гробна конструкција не е констатирана. Гробната јама е директно вкопана во црвенкастата здравица, а скелетот е е поставен не грб и е доста оштетен. Во јамата пронајдени се следните движни наоди:

- Во пределот на главата е пронајден еден фрагментиран сад во облик на кантарос со мрка боја и груба фактура.
- Помеѓу стапалата две мали бронзени фибули од малоазиски тип.
- Вдолж целиот скелет, поставени на еднакво растојание по средината на истиот, пет фрагментирани железни окови.

**Гроб 5.** Ориентација запад – исток, димензии: 1,70 x 0,40 метри, на длабочина од 0,30 метри.

Гробот е сместен во северниот среден дел од габаритот. Од конструкцијата сочувани се само неколку фрагменти од тегули кои се забодени во црвенкастата здравица. Во гробната јама освен неколку растурени ситни коски од скелетот друго не е констатирано.

**Гроб 6.** Ориентација север – југ, димензии: 2,40 x 0,80 метри, на длабочина од 0,40 метри.

Овој гроб бил најверојатно срушен и ограбен. Оградните ѕидови на гробната јама се изведени во сувоѕид од поголеми гранитни блокови, од кои сочувани се само северниот и јужниот ѕид и тоа до висина од 0,75 метри, а останатите два ѕида се срушени до дното на јамата. Во ископаната земја констатирани се коски од скелетот од површината на јамата па се до незиното дно, како и неколку фрагментирани гобни прилози, и тоа:

- Една бронзена монета од Филип II или Александар III.
- Фрагментирана двојна дршка од бронзен сад.
- Фрагментиран тулец од железно копје.
- Ситни и танки фрагменти од бронзен сад.

**Гроб 7.** Ориентација запад – исток, димензии: 1,70 x 0,60 метри, на длабочина од 0,40 метри.

Гробот е сместен во средниот дел од габаритот. Станува збор за гробна циста направена од две големи шкрилести плочи. Недостигаат оградните плочи од исток и од запад како и покривот. Во ископаната земја од цистата освен неколку испретурани коски од скелетот друго не е констатирано.

**Гроб 8.** Овој гроб е пронајден без гробна конструкција. Лоциран е во западниот дел. Делови од скелетот се пронајдени слободно поставени во жолтеникавата песоклива земја на длабочина од 0,30 метри. Од скелетот пронајдени се фрагменти од черепот, рбетниот столб и делови од прстите на рацете. Како прилог најден е фрагментиран вретенест лакримариум – флакон со темно црвена боја. На 1 метар источно од овој гроб во земјата е пронајден уште еден вретенест лакримариум – флакон, што веројатно му припаѓал на овој гроб.

**Гроб 9.** Ориентација запад – исток, димензии: 0,70 x 0,45 метри, на длабочина од 0,50 метри.

Гробот е сместен во средниот јужен дел од габаритот, покриен со неколку грубо обработени плочи. Скелетот е поставен легнат на грб. Гробни наоди нема.

**Гроб 10.** Ориентација запад – исток, димензии: 1,60 x 0,45 метри, на длабочина од 0,35 метри.

Овој гроб е од типот циста, сместен е во западниот дел од габаритот. Цистата е направена од четири шкрилести плочи, а најдена е без кров. Во откопаната земја освен неколку ситни коски од скелетот не е пронајден друг материјал.

Во 1968 година, во месец февруар, при обработка на соседната нива во близина на овој габарит на околу пет метри западно од овие гробови, биле извадени неколку поголеми гранитни обработени камења. По извршениот увид констатирано е дека на тоа место постоел гроб, кој најверојатно накнадно е срушен и ограбен. Од затекнатата ситуација можело да се констатира дека се работи за гроб со конструкција од кршен камен во

техника на сувоѕид, чија западна и северна страна биле срушени, а делови од источната и јужната страна биле пронајдени in situ. Констатирано е и тоа дека гробната јама била делумно вкопана во црвенкастата здравица и ориентирана во правец север – југ, со димензии: 2,20 x 1,10 метри. Гробната јама била исполнета со темно сива земја во која се пронајдени остатоци од коски и четири железни клина со правоаголен пресек.

Надвор од гробната јама т.е. нешто западно од неа најдени се следните прилози:

- Еден кантарос целосно сочуван но фрагментиран, премачкан со разреден црн фирниз, украсен со две гирланди изведени во бела и црвена боја.
- Прстенесто дно со дел од телото на кантарос од типот Gnatia.
- Стилизиран бобичест плод од печена земја со траги од позлата од надворешната страна и зашилен трн со дел од бронзена жичка од внатрешната страна.

## 7.6.**Разбојна Дупка, село Локвени – Долнени**[158]

Од локалитетот Разбојна Дупка можеме само да ги приложиме цртежите кои единствено ги има, за основата и пресекот на гробницата. Оваа техничка документација е направена од Проф. д-р Виктор Лилчиќ[159]. Дополнителни информации немаме од причина што гробницата била ограбена веројатно уште во антиката. Но од незините конструктивни елементи може да се заклучи дека е идентична со досега третираните, секако со мали отклони на димензиите и одредени елементи.

---

[158] Мечкина Дупка, Варош – Прилеп и Крклари, Прилеп нема можност подетално да бидат обработени од она што беше кажано во претходното поглавје од причина што на нив не се вршени археолошки истражувања во поново време, а до постара документација мошне тешко се доаѓа, а и онаа која е обезбедена е неверојатно скудна.

[159]




Пресек и основа на гробницата Разбојна Дупка

**7.7.Дибек, село Суводол – Битола**

Првите истражувања на гробницата кај Суводол ги извршил Ф. Месеснел во 1931 година. Потоа истражува музејот на Битола и во 1991 година се доистражуваат вкупно три гробници.



Гробниците во Суводол се исти по типологија како и останатите во пелагонискиот регион. Само како што претходно кажавме поради рамницата на теренот нивниот дромос е подолг.

Овие гробници припаѓаат на поголема некропола што се гледа во наодите кои населението ги открива обработувајќи ги нивите.

## 7.8.Црквиште, село Беранци – Битола

**Гроб 1.** Ориентација запад – исток. Димензии 1,45 x 0,60 метри на длабочина од 0,30 до 0,60 метри. Обложен е со венец од камења, а на источниот крај поставени се плочи за дно и покрив.Скелетот е сабо сочуван (детски), лежи на грб, испружен, со главата на запад. Нема гробни прилози.

**Гроб 2.** Ориентација запад – исток. Димензии 2,10 x 0,76 метри на длабочина од 0,50 = 0,70 метри. Обложен е со крупни плочести камења, а покриен му е само источниот крај со голема плоча. Скелетот е многу слабо сочуван (детски), со главата на запад. Нема гробни прилози.

**Гроб 3.** Ориентација запад – исток. Димензии 3,70 x 1,00 метри на длабочина од 0,20 – 1,40 метри. Долгата елипсовидна гробница обложена е со многу крупни камења кои ги сочинуваат неправилните но масивни ѕидови, високи до 0,90 метри. Покриена била со крупни плочи, над поклопецот е нанесен дебел слој на земја, а потоа гробната конструкција била покриена со ситни плочки. Остатоци од коски нема. Од гробни прилози содржи : на источниот крај три распаднати садови и мал нож, на средината на гробот дијагонално поставен меч.

- Махајра, сочувана е во целата своја должина изземајќи го врвот на дршката, се забележуваат и остатоци од дрвената облога на дршката, железната рамка на канијата со дрвени образини. Должина 0,53 метри.
- Мал железен нож, лачно извиен и со трн за забодување во дршката. Должина 0,125 метри.
- Котон, со многу архаичен изглед, груба фактура, мрко печен и скоро распаднат. Пречник 0,104 метри.

- Стомна од мрко – сива глина, со многу груба фактура. Пречник 0,094 метри.
- Сад грубо изработен, распаднат и без доволно елементи за реконструкција.

**Гроб 4.** Ориентација север – југ. Димензии 0,80 x 0,50 метри на длабочина од 0,20 – 0,35 метри. Дно претставува една благо конкавна тула (67 x 43 x 2 сантиметри), ѕидовите на гробот се од тенко сечени парчина од тула (високи до 8 сантиметри), а покриен е со иста тула како онаа од дното. Земјата меѓу тулите содржи доста гареж. Гробни прилози нема.

**Гроб 5.** Ориентација север – југ. Димензии1,60 x 1,00 метри на длабочина од 0,25 – 0,60 метри. Гробот е оивичен со венец од камења и покриен е со неколку нафрлени плочи. Траги од коски не се констатирани, земјата е интензивно исполента со гареж (спалување). Од гробни прилози содржи : на северниот крај на гробот поставени се три садови.

- Олпе, со мрко – црвена боја, фина фактура. Висина 0,135 метри.
- Шолја со едно уво (дршка), иста боја и фактура. Висока 0,065 метри.
- Садче – соларник, со вообичаен облик, премачкано со црн лак. Пречник на рамено 0,08 метри.

**Гроб 6.** Ориентација северозапад – југоисток. Димензии 1,00 x 0,70 метри на длабочина од 0,25 – 0,50 метри. Од поситни камења густо е соѕидан неправилен правоаголен венец, неколку плочи се нафрлени на дното и истото е покриено со без ред нафрлени ситни камења. Гробни прилози нема.

**Гроб 7.** Ориентација запад – исток. Димензии 1,80 x 1,05 метри на длабочина од 0,30 – 0,60 метри. Неколку покрупни камења го обележуваат нецелосниот венец и делумно го покриваат гробот. Под нив земјата е гаровита и во неа се најдени гробните прилози : две фибули, два сада и една теракота; надвор од гробот, до северната ивица, пронајдена е и една обетка.

- Сребрена фибула малоазиски тип, со три здебелувања на лакот. Должина 39 милиметри.
- Сребрена фибула, идентична со претходната.
- Бронзена левкаста обетка, фрагментирана. Висина 18 милиметри.
- Теракота – седечка божица на престол, во долга облека и со раце на колената. Кота и е подигната и врзана на темето. Многу блага моделација, премачкана со бела

енгоба, преку кои имало други бои (на колената се констатирани траги од црвена боја). Многу оштетена. Висока 0.112 метри.

- Кантарос со кружно извиени дршки и мрко – црвен лак. Висок 0,08 метри.
- Олпе, слично со претходното.

**Гроб 8.** Димензии 0,90 x 0,90 метри на длабочина од 0,15 – 0,40 метри. Ситни плочести камења формираат рамно, квадратно дно, неколку камења формираат нецелосен венец, а неколку камења се нафрлани и на гробот. Земјата во гробот содржи доста гареж, а од прилози најдено е на западниот крај еден прстен, на источниот една ваза, како и железни фрагменти :

- Прстен од бронза – алка од плосната жица со елипсесто проширена глава глава. Оштетен. Пречник 20 милиметри.
- Делови од железен предмет – најверојатно стригилис.
- Олпе со вообичаен облик. Висина 0,12 метри.

**Гроб 9.** Ориентација север – југ. Димензии 3,05 x 1,30 метри на длабочина од 0,25 – 0,60 метри. Од поголема количина на густо наредени камења е изграден е неправилен венец, на гробот се нафрлени исто така поголема количина на плочести камења. Дното е земјено. Голема количина на калцинисани коски сконцентрирана е во северниот дел од гробот, а во јужниот дел се прилозите :

- Бронзен привезок подковичесто свиен и профилиран, со обработени краеви и извиени нагоре, идентично на врвовите на дршката на споменатата ситула. Висина 0,066 метри.
- Железен стригилис, врвот на стригилисот недостига. Должина 0,14 метри.
- Фрагменти на неодреден подолг железен предмет.
- Олпе, со вообичаен облик, црвено печено. Висина 0,14 метри.
- Кантарос со хоризонтално извлечени врвови на дршките, премачкан со црн лак. Висина 0,086 метри.
- Помал сад со вовлечен обод, премачкан со црн лак. Пречник 0,11 метри.
- Сад со ист облик како претходниот, изработен е од светло – жолта глина со мрк премаз. Пречник 0,092 метри.
- Помал топчест сад, со сива боја, многу оштетен.

**Гроб 10.** Ориентација запад – исток. Димензии 1,45 x 0,98 метри на длабочина од 0,25 – 0,40 метри. Неколку плочести камења ја покриваат западната половина на гробот, а неколку камења формираат неправилен правоаголен венец околу него. Во гробот констатирани се траги на гареж во средината, до источната ивица на гробот лежеле три вази, на камењата над гробот уште пет други, на западниот крај на гробот пронајдени се неколку килибарни зрна и железни фрагменти.

- Шест зрна од килибар кои биле нанижани на огрлица, грубо обработени со облик на четвртасти плочки, продупени во средината. На нив има траги од горење. Должина 14 милиметри.
- Железни делови од стригилис.
- Олпе. Висина 0,142 метри.
- Кантарос, идентичен со претходниот од гроб 9. Премачкан со црн лак. Висина 0,08 метри.
- Минијатурен киликс,со танки ѕидови, премачкан со црн лак. Пречникот на устата е 0,065 метри.
- Минијатурна хидрија, со многу фина фактура и танки ѕидови. Светло – жолто печена. Висина 0,085 метри.
- Садче – соларник, со дебели ѕидови, премачкана со црн лак. Пречник 0,074 метри.
- Сад идентичен со претходниот, сиво печен.
- Поголем плиток сад, со исправен обод, фрагментиран.
- Поголем сад (можно да е стомна), многу оштетен.
- Мала шоља, со многу танки ѕидови, потполно се распаднала по откривањето.

**Гроб 11.** Ориентација запад – исток. Димензии 2,80 x 1,70 метри на длабочина од 0,25 – 0,60 метри. Со плочести камење совршено рамно е поплочено големото дно на гробот, на средишниот дел на тоа дно растурени се остатоците од кладата : гареж, јагленисани парчиња дрво, парчиња на калцифицирани коски и накит од покојничката. Преку ова се нафрлени мал број на камења, кои го покриваат само средишниот дел на дното на гробот. Гробни наоди :

- Златна обтка од чунест тип, со оштетен врат. Украсена со билни орнаменти (во техника филигран): на една страна палмети, на другата мотив на лозница со гроздови. Полукружната жичана дршка прицврстена е на едниот крај на обетката,

во другиот крај е вметнат калотест завршеток. На горната (грбна) страна на завршетокот се наоѓа додаток со фигура на седечка свинга (нанесена на лимот со исчукување), а по должината на стомакот на обетката тече низ на двоструки зрнца. Должина 21 милиметар.

- Сребрена гривна, со валчест пресек, масивна, со завршетоци во облик на стилизирани змиски глави, деталите се прикажани со засеци. Завршетоците се допираат и биле поврзани со мала спона. Пречник 76 милиметри.
- Сребрена гривна, идентична со претходната.
- Сребрена фибула од малоазиски тип, со три задебелувања на лакот. Должина 43 милиметри.
- Сребрена фибула идентична со претходната.
- Сребрена фибула идентична со претходните.
- Сребрена фибула идентична со претходните.
- Сребрена фибула идентична со претходните.
- Бронзена монета на македонскиот крал Филип II.

**Гроб 13.** Ориентација запад – исток, димензии 3,90 х 1,55 метри, на длабочина од 0,40 – 0,85 метри. Најубаво е граден и еден од најголемите помеѓу откопаните конструкции. Долго дно, со правоаголен облик, совршено рамно е покриено со плочи, а околу ова има правоаголен венец од покрупни камења. За жал, најголемиот дел од овој венец како и останатите делови на гробната конструкција разрушени се при пораното откопување на гробот.

**Гроб 14.** Ориентација север – југ, димензии 2,70 х 1,40 метри, на длабочина од 0,20 – 0,55 метри. Гробот е обележан со неправилен издолжен венец од камења и покриен со доста нафрлени плочки.

Наоди: на јужниот крај на гробот се пронајдени три вази, во средината имало земја измешана со гареж додека на северниот крај на гробот пронајдени се две вази:

- Олпе, со вообичаен облик. Висина 0,148 метри.
- Ихтија, премачкана со мрко – црвен лак. Пречник 0,18 метри.
- Кантарос, идентичен со претходниот од гробот 10. Висина 0,08 метри.
- Плитка чинија со благо вовлечен обод и втиснат орнамент на внатрешната страна на дното. Премачкана со црн лак. Пречник 0,15 метри.

- Помала чинија со вовлечен обод , сиво печена.

**Гроб 15.** Ориентација северозапад – југоисток, димензии 2,60 x 0,90 метри, на длабочина од 0,15 – 0,40 метри. Неколку камења обележуваат нецелосен венец, неколку помали плочи на северозападниот крај покриваат дел од гробот.

На југоисточниот крај над гробот групиран е гробниот прилог – шест вази и една теракота, а во гробот, околу 0,25 метри под прилозите, собрани се парчиња од калцифицирани коски. Прилози:

- Теракота – седечка женска фигура на престол. Предната страна на фигурината и главата недостигаат (идентична со примерокот од гробот 7).
- Лагинос чиј горен дел е уништен со орањето. Пречник 0,138 метри.
- Шоља со низок врат и лентеста дршка која едвај го надвишува ободот. Висина 0,065 метри.
- Кантарос, како претходниот, премачкан со црн лак. Висина 0,083 метри.
- Пиксида, премачкана со црн лак. Пречник 0,079 метри.
- Чинија со вовлечен обод. Пречник 0,125 метри.
- Помал стомачест сад, многу оштетен.

**Гроб 16.** Ориентација север – југ, димензии: 1,90 x 0,90 метри, на длабочина од 0,20 – 0,40 метри. Од ситни камења густо е соѕидан венец околу гробот, а поголема количина таков камен е нафрлено е и на гробот. Земјата во гробот е со голем процент на гареж.

На јужниот крај најдени се три вази:

- Олпе, мрко – сиво печено, со латеноидна фактура. Високо 0,147 метри.
- Кнтарос, сиво печен, со лачно извиени лентести дршки. Пречникот на устието е 0,079 метри.
- Мала чинија – соларник, со мрко – црвен лак. Пречник 0,084 метри.

**Гроб 17.** Ориентација северозапад – југоисток, димензии 3 x 1,35 метри, на длабочина од 0,30 – 0,85 метри. Граден е од крупни камења, слично како гробот 3. Раскопан 1954 година.

**Гроб 18.** Иста ориентација со претходниот, приближно исти и димензии и начин на градење. Раскопан 1954 година.

**Гроб 19.** Сочуван е само помал дел од конструкцијата, раскопан е во 1954 година.

**Гроб 20.** Ориентација север – југ, димензии 2,20 x 1,25 метри, на длабочина од 0,25 – 0,95 метри. Челните страни на гробот обложени се со плочи во целата своја висина, поклопецот е од поголеми плочи, гробот е обележан и со правилен венец на камења. На дното на гробот лежеле остатоци од детски скелет, со главата на јужниот крај на гробот. Прилози: бронзена обетка, пронајдена од левата страна на главата, тоа е жичена алка со несоставени краеви, на средината задебелена и украсена со коси засеци. Пречник 15 милиметри.

**Гроб 21.** Ориентација запад – исток, димензии 2,10 x 0,95 метри, на длабочина од 0,40 – 0,60 метри. Правоаголното рамно дно поплочено е со танки плочи, на неговата средина е посипана пепелта од кладата, заедно со накитот на покојникот, а на ова е нафрлена мала количина на ситен камен. Прилози:

- Дел од златно ланче со привезоци во облик на тролисни висулци и розета, многу оштетени од огнот, должина 73 милиметри.
- Железен врв од копје, најголемиот дел од листот недостасува.

**Гроб 22.** Ориентација запад – исток, димензии 2,85 x 1,22 метри на длабочина од 0,30 – 0,60 метри. Големото правоаголно дно на гробот е совршено рамно поплочено со танки плочи, на западната половина на гробот растурени се парчиња од изгорени коски, а источно од нив се прилозите:

- Железен врв од копје со плоснат овален лист. Недостасува врвот. Сочувана должина 0,35 метри.
- Железен стригилис, фрагментиран.
- Пиксида со вообичаен облик. Пречник 0,07 метри.
- Чинија со вовлечен обод. Пречник 0,117 метри.

**Гроб 23.** Ориентација север – југ, димензии 3,95 x 1,85 метри, на длабочина од 0,20 – 0,70 метри. Дното е ретко покриено со расврлени плочки, ѕидовите се градени од поприлично крупни камења, а преку гробот нафрлени се поголема количина на ситни камења.

Во јужниот дел растурени се парчиња на калцифицирани коски, а северно од нив се наоѓаат гробните прилози: два врвови од копја, стригилис и пет вази, а јужно од коските уште една ваза.

- Железен врв од копје со многу долг и тесен лист. Од двете страни на листот има јако изразено пластично ребро. Должина 0,49 метри.
- Железен врв од копје, со плоснат и овален лист. Недостасува врвот од копјето и дел од тулецот. Должина 0,33 метри.
- Железен стригилис, фрагментиран.
- Лагинос, чиј тесен врат завршува со долг и косо извлечен изливник. Висина 0,163 метри.
- Кантарос со хоризонтално извлечени врвови на дршките. Висина 0,083 метри.
- Пиксида, со остатоци од мрко – црвен лак. Пречник 0,083 метри.
- Мал едноушест бокал, сиво печен, со топчесто дно. Висок 0,085 метри.
- Ниска чинија на широка прстенеста нога, премачкана со црн лак. На внатрешната страна е втиснат орнамент.
- Чинија – соларник, црно лакиран. Пречник 0,076 метри.

**Гроб 24.** Ориентација север – југ, димензии 3,15 x 1,55 метри, на длабочина од 0,20 – 0,60 метри. Ѕидовите на гробот градени се од крупни камења, покриен е од нафрлени плочи, а преку нив насипано е со голем број на ситни камења.

На северниот крај на гробот насобрани се парчина од калцифицирани коски и јагленисано дрво, а јужно од овие расврлен е накитот:

- Златна обетка од чунест тип, украсена со билни мотиви во техника на филигран, на едната страна се палмети, на другата страна гроздови и ливчиња исполнети со плава стаклена паста, а околу краевите на обетката се редат по два венци розети. Долж стомакот на краевите на обетката тече украс од трострук низ на крупни гранули, а на грбната, горна страна, помеѓу два реда исправени копјасти ливчиња, бил вметнат исправен додаток (исто претстава на свинга). Дршката недостасува. Обетката е многу оштетена во огнот. Должина 33 милиметри
- Златен привезок во облик на цевче, украсен со геометриски мотиви и палмети во четири фриза. Многу оштетен од огнот. Височина 37 милиметри.
- Делови од златно ланче со привезоци, потполно растурено во огнот.

**Гроб 25.** Ориентација запад – исток, димензии 3,60 x 2,15 метри, на длабочина од 0,20 – 1,00 метри. Пространиот гроб е ограден со масивен венец од крупни камења и покриен со плочи, над кои е нанесена исклучително голема количина на камења. Освен

конструкцијата и содржината го издвојува овој гроб од останатите: исполнет е со дебел слој на пепел, црвено горена земја, јагленисано дрво и распаднати садови. Или покојниковата клада по догорувањето е целата ставена внатре во гробната јама или кладата била поставена над гробот и по догорувањето попаѓала во него. Нахнадно приложени дарови нема.

Од бројните керамички фрагменти можат да се реконструираат следните вази:

- Голема двоушеста амфора со шилно дно, идентична со онаа од гробот 27.
- Кантарос со вообичаен облик.
- Кантарос идентичен со предходниот.
- Кантарос идентичен со предходните.
- Железни фрагменти од стригилис.

**Гроб 26.** Ориентација запад – исток, димензии 3,25 x 1,70 метри, на длабочина од 0,40 – 0,70 метри. Гробот е ограден само од две страни со нецелосен венец од камења, дното е од неколку расфрлени плочки.

На средината на гробот растурени се неколку фрагменти од калцифицирани коски и накит на покојничката.

- Златен привезок во облик на розета – дел од огрлица уништена од огнот.
- Сребрена белегзија, масивно лиена, со несоставени краеви во облик на стилизирани змиски глави. Деталите на главата се многу сумарно означени со неколку врежувања. Пречник 69 милиметри.
- Сребрена белегзија идентична со претходната.
- Сребрена фибула од малоазиски тип, со пет ѕвездести задебелувања на лакот. Должина 48 милиметри.
- Сребрена фибула идентична на претходната.
- Сребрена фибула идентична на претходните.

**Гроб 27.** Ориентација север – југ, димензии 3,80 x 1,40 метри, на длабочина од 0,25 – 0,65 метри. Гробот е обграден со венец од крупни парчина камен, покриен со нафрлени ситни камења.

На северниот крај на гробот растурени се парчина од голема амфора, а јужно од незе парчина од калцифицирани коски и останатите прилози:

- Сребрена фибула од малоазиски тип, со пет ѕвездести задебелувања на лакот, значително е покрупна од останатите. Должина 63 милиметри.
- Железна калотеста копча. Пречник 45 милиметри.
- Голема двоушеста амфора, црвено печена. Висина 0,65 метри.
- Килик со една дршка, со многу лоша фактура. Пречник 0,118 метри.
- Плитка чинија, со остатоци од црн лак. Пречник 0,12 метри.

## 7.9.Петилеп, село Беранци – Битола[160]

Со скромните истражувања што се направени на некрополата Петилеп, од само една мала кампања, откриени се исклучително богати наоди од некое кнежевско погребување, женско.

Пронајдена е златна маска и голем бронзен кратер. Подетални истражувања на просторот не се направени.

[160] Локалитетите кои не се обработени изоставени се од причина на немање на доволно податоци за детална анализа на состојбите.

**Заклучни согледувања**

**Користена литература**


1. В. Битракова Грозданова, Споменици од хеленистичкиот период во СР Македонија, Скопје, 1987 година.

2. В. Битракова Грозданова, Религија и уметност во антиката во Македонија, Скопје, 1999 година.

3. В. Соколовска, Античка скулптура во СР Македонија, Скопје, 1987 година.

4. В. Лилчиќ, Линкестида и Девриоп, Скопје, 2009 година.

5. В. Лилчиќ, Походот на Персеј на Ускана, Македонско Наследство, број 14, Скопје, 2000 година, 2 – 72 стр.

6. В. Лилчиќ, Античкото Кралство Македонија во Република Македонија, Македонско Наследство, број 23, Скопје, 2004 година, 3 – 27 стр.

7. Д. Митревски, Протоисториските заедници во Македонија, Скопје, 1997 година.

8. Д. Митревски, Дедели, Скопје, 1991 година.

9. В. Битракова Грозданова, Египетските култови во Македонија, ZA, број 28, 1978 година, 331 - 337 стр.

10. В. Битракова грозданова, Кибела од Варош и нејзиниот култ во Македонија; Грчко римска антика во Југославија и на Балканот, Скопје, 1991 година, 162 – 168 стр.

11. V. Bitrakova Grozdanova, Prilog o religiji I umjetnosti u Peoniji, ZA, број 44 – 42, 1992 година, 67 – 75 стр.

12. I. Mikucic, Pelagonija u svetlosti arheoloskih nalaza, Skopje, 1966 година.

13. И. Микулчиќ, Антички градови во Македонија, Скопје, 1999 година.

14. F. Papazoglu, Makedonski gradovi u rimsko doba, Skopje, 1957 година.

15. В. Лилчиќ, Римско – дорскиот ред во Македонија, Македонско Наследство, број 16, Скопје, 2001 година, 2 – 19 стр.

16. В. Лилчиќ и Н. Шелдаров, Кралевите на Античка Македонија и нивните монети во Република Македонија, Скопје, 1994 година.

17. И. Микулчиќ, Стибера, Македонско Наследство, број 1, Скопје, 1996 година, 15 – 35 стр.

18. А. Миткоски, Нови Пелагонски гробници, Македонско Наследство, број 2, Скопје, 1996 година, 89 – 96 стр.

19. К. Кепески, Елинистички период и Царско – римски период, Прилеп и прилепско низ историјата 1, Прилеп, 1971 година.

20. А. Јакимовски, Македонски тип на гробница од Старо Бонче, MAV, број 3, 2009 година.

21. Л. и К. Кепески, Портретна и култна пластика од Стибера, МАА, број 18, Скопје, 2008 година, 229 – 246 стр.

22. В. Битракова Грозданова и В. Маленко, Антички накит во Македонија, Скопје, 1997 година.

23. С. Бабамова, Епиграфски споменици од Република Македонија датирани според македонската провинциска ера, Скопје, 2005 година.

24. Студентско археолошко здружение Аксиос, Амфакситида, Скопје, 2007 година.

25. Ф. Вељаноска, Антрополошко дефинирање на Пајоните, Скопје, 1994 година.

26. Н. Проева, Историја на Аргеадите, Скопје, 2004 година.

27. Anticki portret u Jugoslaviji, Novi Sad, 1987 година.

28. Blečić M. 2007 – The diverse meaning of Illyrian helmets, VAMZ,3.s., 2007

29. Bitrakova-Grozdanova V. 1988 – Antićka i srednovekovna nekropola “Delagožda”, AP 1987 Ljubljana 1988

30. Vasić R. 1982 – Prilog proučavanju grčkog oružja u Jugoslaviji, Godišnjak XX’ Centar balkanološka ispitivanja 18, Sarajevo 1982

**31.** Вулић Н. 1931 - Један нов гроб код Требеништа, ГСНД XI, Скопје 1932

**32.** Вулић Н. 1933 - Нови гробови код Требеништа, Сп.СКА, Београд 1933

**33.** Kuzman P. 2006 – La masque funéraire en or d'Ohrid dans le context des trouvailles identiques du cercle culture de Trebeništa, Homage to Milutin Garašanin, Beograd 2006

**34.** Кузман П. 2006 – Folia Archeologica Balcanika, Филозофски факултет – Скопје, Скопје 2006

**35.** Lahtov V. 1965 – Problem trebeniške kulture, Ohrid 1965

**36.** Lahtov V. 1965 - Ilirskiot borećki grob od Rečica i problemot na grčko-ilirskiot šlem, Situla 8 Ljubljana 1965

**37.** Мачкиќ П. и Симовска Д. 1955 – Наоди на Битолскиот музеј во с.Букри, ВМКД, Скопје 1955

**38.** Павловска Е. 2008 – Монетите на Пајонија од нумизматичката збирка на НБРМ, Скопје 2008

**39.** Петрова Е. 2001 – Ковањето пари на пајонските племенски..., Монети и монетоковници во Р.Македонија, Скопје, 2001

**40.** Popović Lj. – Katalog nalaza iz nekropole kod Trebeništa, Beograd 1956

**41.** Поповић. Љ. Б., Античка грчка збирка, Београд 1994

**42.** Радојчић С. 1933 – Менада из Тетова, ГСНД XII, Скопје 1933

**43.** Соколовска, В. 1997 – Etničkite nositeli na trebeniškata nekropola/Who in the Trebeništa Cemetery. Skopje – Ohrid 1997.

**44.** Filov B., Schkorpil K. 1927 – Die archaische nekropole von Trebenischte am Ochrida – SEE, Berlin und Leipzig 1927.